УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ- СКОПЈЕ

**Марјан Тотески**

# КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА СВР ОХРИД

**(СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД)**

**Скопје 2025 година**

Ментор:

Проф. д-р Светлана Николоска

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

Членови на комисијата:

Проф. д-р Марина Малиш-Саздовска

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола

Проф. д-р Светлана Николоска

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Проф. д – р Никола Дујовски

Факултет за безбедност - Скопје

Унирвезитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

Датум на одбрана:________________

Наука на која што се стекнува специјалистичко звање: **специјалист по безбедност**

(II Циклус – Специјалистички студии по безбедност)

## БЛАГОДАРНОСТ

Изразувам голема благодарност до мојот ментор проф. д – р Светлана Николоска, за нејзината достапност, соработка, професионалност, стручност, компетентност која несебично ми помагаше и ми даваше насоки во изработката на трудот.

Ми претставуваше чест и задоволство да работам под нејзино менторство.

Исто така, голема благодарност упатувам до професорите членови на Комисијата за оценка на трудот, сите професори и вработени во Факултет за Безбедност Скопје кои ме поддржуваа и охрабруваа во текот на моето студирање, членовите на моето семејство и моите колеги од РЦ за ГРМ Запад - Охрид, ОГРМ, БЈБ, МВР на РСМ.

**Изјава за оргиналност**

Јас, Марјан Тотески, студент на втор циклус постдипломски студии на студиската програма Безбедност 60 ЕКТС, со број на индекс 553/16, изјавувам дека поднесениот Специјалистички труд под наслов: „ Криминалистичко истражување на имотен криминалитет на подрачјето на Свр Охрид“ е мој самостоен труд, кој е резултат на самостојна научна и истражувачка работа.

Во согласност со горе наведеното изјавувам дека при изработка на специјалистичкиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

2025 година, Подносител на изјава:

Скопје. Марјан Тотески

## Апстракт

Интересот на теоретичарите за имотниот криминалитет е огромен и постојат бројни размислувања и согледувања за причините кои доведуваат до имотниот криминалитет.

Ова е разбирливо бидејќи статистичките податоци во голем број на земји покажуваат дека овој вид на криминалитет е најзастапен и дека голем број на регистрирани казниви дела се оние кои се оквалификувани како кривични дела против имотот.

Како глобален сложен систем државата  е таа која воспоставува правен поредок и врз основа на тоа практикува правен ред. За воспоставување и одржување на безбедносната стабилност се организира безбедносен систем којшто ја врши безбедносната функција во државата. Тој систем е сложена творба од институции кои треба да функционираат усогласено во вршењето на безбедносните права, должности и одговорности.

Како дел од тој систем од таа сложена творба, полицијата е дел од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во кое се вршат полициски работи преку полициски службеници.

Во овој специјалистички труд, се посветува внимание на безбедносната анализа и проценка во функција на сузбивање на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид за истражуваниот период од 2019 год. до 2023 год. и добивање на соодветни индикатори за тоа колку и како влијае безбеносната проценка во откривањето, расветлувањето и докажувањето на овој криминалитет, но и на превенцијата како битна функција на полицијата.

**Клучни зборови:** имотен криминалитет,  полиција,  полициски службеници, безбедносна проценка, превенција.

**Abstract:**

Theorists' interest in property crime is huge and there are numerous thoughts and insights about the causes that lead to property crime.
This is understandable because statistical data in a number of countries show that this type of crime is the most prevalent and that a large number of registered criminal acts are those that are classified as crimes against property.

As a global complex system, it is the state that establishes a legal order and, based on that, practices a legal order. In order to establish and maintain security stability, a security system is organized which performs the security function in the state. That system is a complex creation of institutions that should function harmoniously in the exercise of security rights, duties and responsibilities.

As part of that system of that complex creation, the police are part of the Ministry of Internal Affairs of the Republic of North Macedonia, in which police work is carried out through police officers.

In this specialist paper, attention is paid to the security analysis and assessment in the function of suppression of property crime in the area of SVR Ohrid for the researched period of 2018. until 2023 and obtaining appropriate indicators of how much and how the safety assessment affects the detection, elucidation and proof of this criminality, as well as prevention as an essential function of the police.

**Keywords**: property crime, police, police officers, security assessment, prevention.

ПОПИС НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| БЈБ | Биро за јавна безбедност |
| ОГРМ | Оддел за гранични работи и миграции |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| ПС-ОН | Полициска станица од општа надлежност |
| ОКТУПА | Оддел за криминалистичко-технички увиди и прелиминарни анализи |
| ПС-ГН | Полициска станица за граничен надзор |
| ГК | Граничен камен |
| РЦ за ГРМ | Регионален центар за гранични работи и миграции |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| НВО | Невладина организација |
| КЗ | Кривичен Законик |
| СВ | Службен весник |
| КД | Кривично дело |

# Contents


**ВОВЕД** ........ 12

**ПРВ ДЕЛ** ........ 16

**ТЕОРЕТСКО – ХИПОТЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........ 16

**1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ........ 16

**2. ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........ 20

**2.1. Теоретско одредување на предметот на истражување** ........ 22

**2.2. Појмовно - категоријален апарат** ........ 22

**2.3. Операционално одредување на предметот на истражување** ........ 25

**2.4. Дисциплинарно одредување на предметот на истражување** ........ 27

**2.5. Временско и просторно одредување на предметот** ........ 27

**3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........ 28

**4** ........ 30

**4.1 Генерална хипотеза** ........ 30

**4.2 Поединечни хипотези** ........ 31

Поединечни хипотези се следните: ........ 31

**5. НАЧИН НА ИСТРАЖУВАЊЕ (МЕТОДИ И ТЕХНИКИ)** ........ 32

**6. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ** ........ 33

**ВТОР ДЕЛ** ........ 35

**КРИВИЧНО - ПРАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ** ........ 35

**1. КРИВИЧНО - ПРАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ - ГЛАВА 23 ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК** ........ 35

**1.1. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Кражба“ по Член 235 од КЗ** 38

**1.2 Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас“ по Член 235 - а од КЗ** ........ 41

**1.3. Кривично - правни карактеристики на кривичното дело „Тешка кражба“ по Член 236 од КЗ** ........ 43

**1.4. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Разбојништво“ по Член 237 од КЗ** ........ 48

**1.5. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Разбојничка кражба“ по Член 238 од КЗ** ........ 52

**1.6. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Измама“ по Член 247 од КЗ** 55

**1.7. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Изнуда“ по Член 258 од КЗ** 57

**1.8. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Уцена“ по Член 259 од КЗ** 60

**1.9. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Лихварство“ по член 260 од КЗ** 62

**ТРЕТ ДЕЛ** ...... 64

**КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ ГЛАВА 23 ОД КЗ** ...... 64

**1. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИМОТНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ - ГЛАВА 23 ОД КЗ** ...... 64

**1.1. Криминалистички карактеристики на кривичното дело „Кражба“ по Член 235 од КЗ** ...... 64

1.1.1. *Начин и време на извршување – modus i tempus operandi* ...... 64

**1.2. Криминалистички карактеристики на кривичното дело „Тешка кражба“ по Член 236 од КЗ** ...... 67

*1.2.1 Начин и време на извршување (modus i tempus operandi)* ...... 67

*1.2.2. Место и простор на извршување на тешки кражби (locus i radius operandi)* ...... 72

*1.2.3. Средства на извршување кај тешките кражби – instrumentum operandi* ...... 73

*1.2.4. Личност на сторител – провалник* ...... 73

**1.3. Криминалистички карактеристики на кривичните дела „Разбојништво“ по Член 237 и „Разбојничка кражба “ од Член 238 од КЗ** ...... 74

*1.3.1. Начин и време на извршување (modus i tempus operandi) на разбојништва и разбојнички кражби* ...... 74

*1.3.2 Место и простор на извршување (locus i radius operandi) на разбојништва и разбојнички кражби* ...... 76

*1.3.3. Средства на извршување (instrumentum operandi) кај разбојништва и разбојнички кражби* 76

*1.3.4.* ...... 77

**1.4. Криминалистички карактеристики на кривичните дела „Изнуда“ од Член 258 и „Уцена“ од Член 259 од КЗ** ...... 77

*1.4.1 Начин и време на извршување (modus i tempus operandi) на изнуди и уцени* ...... 77

*1.4.2. Средства на извршување (instrumentum operandi) кај изнуда и уцена.* ...... 79

*1.4.3. Личност на сторител - изнудувач* ...... 80

1.4.4. *Личност на сторител - уценувач* ...... 80

**1.5. Криминална ситуација кај имотните деликти** ...... 81

*1.5.1. Криминална ситуација кај кражби* ...... 81

*1.5.2 Криминална ситуација кај тешките кражби* ..... 82
*1.5.3 Криминална ситуација кај разбојништва и разбојнички кражби* ..... 83
*1.5.4. Криминална ситуација кај изнуда и уцена* ..... 83
**1.6. Траги кај кривични дела против имотот** ..... 84
1.6.1. *Траги кај кражби* ..... 85
*1.6.2. Траги кај тешките кражби* ..... 86
*1.6.3. Траги кај разбојништво и разбојничка кражба* ..... 86
*1.6.4. Траги кај изнуда и уцена* ..... 87
1.7. Спроведување на увид на место на криминален настан ..... 87
**ЧЕТВРТ ДЕЛ** ..... 92
**ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ** ..... 92
**1. ПРЕВЕНЦИЈА НА ИМОТНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ** ..... 92
**1.1. Дефинирање на поимот превенција** ..... 92
**1.2. Превенција кај имотниот криминалитет** ..... 93
**1.3. Планирање на превенцијата** ..... 94
*1.3.1 Кривично - правни мерки на превенција* ..... 96
*1.3.2. Мерки на социјална превенција* ..... 97
*1.3.3 Полициски мерки на превенција* ..... 98
*1.3.4. Превентивна улога на семејството* ..... 100
1.3.5. *Превентивна улога на училиштето* ..... 102
*1.3.6. Превентивна улога на медиумите* ..... 103
1.3.7. *Превентивна улога во заедницата* ..... 104
**1.4. Полицијата во превенција на криминалитетот** ..... 105
*1.4.1 Правна рамка на превентивното постапување на полицијата* ..... 105
*1.4.1.1* ..... 106
*1.4.1.2* ..... 107
*1.4.2. Можности за превенција на криминалитетот во рамките на еден сектор* ..... 108
*1.5.3 Превентивно значење на позорната и патролната дејност во рамките на еден сектор* ..... 111
*1.5.4* ..... 113
**ПЕТТИ ДЕЛ** ..... 115
**СОСТОЈБА НА ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА СВР ОХРИД** ..... 115
**1. ОБЕМ, СТРУКТУРА И ДИНАМИКА НА ИМОТНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ – ОХРИД** ..... 115

1.1. **Анализа на на обемот, структурата и динамиката на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид за периодот 2019 – 2023 година** ..... 116
1.2. **Анализа на добиените податоци од спроведената анкета со граѓани** ..... 127
1.3. **Анализа на податоци добиени од спроведена анкета на полициски службеници** ..... 147
**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ** ..... 170
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ..... 175

# ВОВЕД

Низ историскиот развој на општеството се воочува дека поединци секогаш ги кршеле правата на однесување што датира уште од примитивните заедници, каде се кршеле непишаните правила. Против нивното однесување човековата заедница реагирала односно одговарала со употреба на присилни мерки како би на тој начин неприлагодливите членови на општеството ги присилила на почитување на правилата на однесување. Со развојот на општеството се менувале начините на кршење на правилата на однесување и самиот начин на реагирање следствено на општествените, економските и културните промени[1].

Се појавува приватната сопственост па општеството се дели на класи – класно општество, така да доаѓа до настанувањето на државите кои имале различно економско и општествено уредување. На кршењето на правилата на однесување државата реагирала со кривични санкции, а самата појава на таквите кршења на општествените правила на однесување ја нарекуваме криминалитет. Зборот криминалитет настанал од латинскиот збор *crimen* што во превод значи злостор, злосторство.

Имотниот кримиалитет е најстар и најмасовен криминалитет кој се извршува насекаде, но има свои специфичности  во однос на неговата динамика, појавни облици и форми споредбено со останатиот криминалитет воопшто. Овој криминалитет во туристичките подрачја се разликува, најчесто според објектот на криминален напад, потоа нападнат објект или цел на криминален напад, местото на извршување итн.

Следствено на тоа, под имотен криминалитет, всушност се подразбираат кривичните дела кои се насочени кон противправно присвојување или оштетување на туѓи предмети или права, односно стекнување со противправна имотна корист на друг начин. Имотниот криминалитет  опфаќа повеќе кривични дела и тоа: измама, затајување, кражба, провална кражба, изнуда, оштетување на туѓи предмети, уцена, разбојништво, разбојничка кражба, прикривање, уништување или прикривање на архивската граѓа, прикривање на туѓите добра.[2]

---

[1] Stanković N., *Uvod u kriminalistiku*, Evropski univerzitet, Brcko, 2016.
[2] Водинелиќ, В., ‚*Криминалистичка тактика* I, Скопје, 1995, стр. 89 - 91.

Кривичните дела од областа на имотниот криминалитет се систематизирани во Главата 23 од Кривичниот законик на Република Македонија како кривични дела против имотот[3]. Овие кривични дела имаат слични криминалистички карактеристики, но сепак имаат и свои различности или елементи по кои се разликуваат едно од друго кривично дело, што е предмет на криминалистичко истражување со цел обезбедување на докази кои укажуваат на самото кривично дело и на неговите криминалистички карактеристики како што се начинот на извршување, користените средства и техники на извршување, просторот и местото на криминално делување, личноста на сторителот и специфичностите во однос на преземените дејствија при извршувањето на конкретен криминален настан, односно кривично дело битни за класификација на кривичното дело што е од значење за понатамошниот тек на обвинување и водење на кривична постапка против сторителите.

Со овој вид на криминалитет потребно е да се справуваат безбедносните институции, а тоа е Министерството за внатрешни работи[4], делот на криминалистичка полиција во соработка со униформираниот дел на полицијата во делот на анализа и безбедносна проценка на одредено подрачје, односно територија на надлежност на Секторите за внатрешни работи. Сузбивањето на имотниот криминалитет е условено од соодветна безбедносна проценка и преземање на соодветни мерки и дејствија во криминалистичка контрола и криминалистичка обработка, имајќи ги во предвид и Стандардните оперативни процедури за проценка и управување со ризик при вршење на полициски работи.

Секторот за внатрешни работи (СВР) Охрид покрива поголема територија, односно дел од југозападен регион на Република Северна Македонија (РСМ). Тоа е регион со мултиетничко население и граничи со Република Албанија по копно и вода и тоа има свое влијание за состојбата со имотниот криминалитет на ова подрачје.

Имено, на копно се протега од Свети Наум/Тушемиште (РСМ/РА) до Радожда/Лин (РСМ/РА), а по вода односно на Охридско езеро од ГКФ1 до ГКЕ49 тоест квадрант 35 до

---

[3] Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на* Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*

[4] Законот за полиција, *Сл. весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22.*

квадрант 03 или 2/3 од езерото припаѓа на РСМ, а 1/3 на РА, со гранични премини Свети Наум и Ќафасан.

Критични точки на граница се делот по копно кај туристичката населба Љубаништа/Аралуп и Радожда/Лин најмалото растојание помеѓу населбите од двете страни на границата по копно, а по вода Свети Наум/Тушемиште, Поградец; Трпејца/Худениште, Мимлиште, Радожда, Калишта/Лин, како и во длабина односно делот кај АК Андон Дуков, Градиште, река Сатеска во охридско - струшкиот регион каде се извршуваат кражби кражби од куќи и станови, кражба на плажа и во кампови, хотелски кражби, провални кражби во куќи и дворови, провални кражби во станови, во викендички, во цркви и манастири, во хотели, провални кражби во кампови и бунгалови, разбојништва во куќи и станови, кражби на моторни возила - пловни објекти, риболовен алат итн. Оваа проблематика постојано треба да се истражува и врз основа на истражувачки резултати и индикатори да се градат стратегии за превенција[5] и подобрување на откривачката функција на полицијата и криминалистичката полиција. Во таа насока во Охрид за време на туристичка сезона се реализира проект „превенција од кражби“ поддржан од ОБСЕ со преземање мерки заедно со полициски службеници од Р. Србија кои заедно со македонските патролираат во туристичките места – плажи кампови и сл.

Современото општество денес се спротивставува на криминалитетот како општествено штетна појава користејќи општествени и природни науки и научни дисциплини каде едно од најзначајните места и припаѓа на **криминалистиката**. Криминалистиката е посебна научна дисциплина која ги проучува методите и средствата за успешно откривање на кривични дела со цел пронаоѓање на нивните извршители и ефикасно водење на истражните постапки како и за спречување на вршење на кривични дела – криминалистичка превенција. Како и другите научни дисциплини криминалистиката има за цел сузбивање на криминалитетот. Криминалистиката опфаќа: криминалистичка техника, криминалистичка тактика, криминалистичка методика и криминалистичка стратегија[6].

---

[5] Клајиќ, В., *Речник страних ријечи* Загреб 1978, превенција (латински praevenire) - престигнува, пресретнува, претходна заштита, спречување, избегнување на напред.
[6] Stanković, N.„ *Uvod u kriminalistiku,* Evropski univerzitet, Brcko, 2016.

Ако се цени по разновидноста на кривичните дела може да се констатира дека постојат разлики, но и заеднички елементи. Според тоа може да се направат бројни класификации на криминалитетот врз основа на разни критериуми и тоа:

- Според природата на кривичните дела, според карактерот и видот на заштитениот објект, областа на општествениот живот и вредностите кои се напаѓаат се дели на: општ или класичен, политички, економски, воен, верски, расен, сообраќаен, еколошки итн.
- Според полот и старосната граница се дели на: машки, женски, малолетни и полнолетни лица.
- Според степенот и тежината ка кривичните дела се делат на: лесни кривични дела (оние со предвидени краткотрајни казни како лишување од слобода или парична казна) и тешки кривишни дела (со предвидени долготрајни казни на лишување од слобода).
- Според манифестирање на конкретните кривични дела криминалитетот може да се подели и на: класичен (општ), имотен криминалитет, насилен, економски, криминалитет на „бели јаки", недозволена трговија, проневера, политички криминалитет, организиран, компјутерски, еколошки и малолетнички криминалитет.

Зависно од градацијата и квалитетот на информацијата (општо сомнение, основи на сомнение, основано сомнение), понатаму криминалистичкото истражување на кривични дела против имотот е поврзано и со оперативните информации за тежината на кривичното дело, местото на извршување и специфичностите на самата криминална ситуација или сложеноста на криминалниот настан од аспект на карактерот на кривичното дело и причинетата штета. Во таа насока од особено значење е координацијата на организационите единици по добиените насоки од страна на Јавниот Обвинител, потоа обработката на обезбедените траги и докази од извршувањето на кривичното дело добиени при извршениот увид на местото на настанот како прва мерка која се презема кај наведените кривични дела. Сето ова придонесува за добивање на подобри насоки на откривачка дејност односно поквалитетно криминалистичко истражување за извршените кривични дела од типот на имотниот криминалитет.

## ПРВ ДЕЛ

## ТЕОРЕТСКО – ХИПОТЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да можеме да го лоцираме проблемот кој ќе биде предмет на истражување, како и значењето на самиот наслов на овој специјалистички труд она што е неопходно е да разграничиме што всушност претставува имотниот криминалитет..

Имено, имотните деликти се најмасовни кривични дела кои се извршуваат секојдневно и според начините на извршување се најразновидни, а процесот на нивното криминалистичко истражување е условен од криминалистичките знаења, вештини на оперативните работници од криминалистичката полиција[7] и нивната соработка со јавниот обвинител.

Под имотен криминалитет по правило се подразбираат кривичните дела кои се насочени кон противправно присвојување или оштетување на туѓи предмети или права, односно стекнување со противправна имотна корист на друг начин[8]. Според тоа имотниот криминалитет ги опфаќа следниве кривични дела: кражба, провална кражба, разбојништво, разбојничка кражба, измама, затајување, кражба и одземањето на туѓо моторно возило, оштетување на туѓи предмети, изнуда, уцена, одземање на туѓи предмети, злоупотреба на довербата, оштетување на туѓи права, прикривање, уништување или прикривање на архивска граѓа, прикривање на културните добра[9]. Најизвршувани, најбројни се кражбите кои се извршуваат како кражби во згодна прилика во повеќе облици и форми на извршување. Исто така, евидираат и други имотни кривични дела каде сторителите користат сила и насилство во совладување на препреки и влегување во затворен простор за вршење на кражби или искористување на природни елементарни непогоди и катастрофи за присвојување на туѓ подвижен имот и вредни предмети, односно вршење на тешки кражби.

---

[7] Сектор за криминалистичка полиција - *ги координира мерките и активностите со организациските единици надлежни за криминалистички работи и Регионалните центри за гранични работи, во насока на воедначено постапување на оперативните полициски служби на* теренhttp://www.mvr.gov.mk/page/biro-za-javna-bezbednost

[8] Николоска, С., *Методика на истражување на општ криминалитет*, Ван Гог, Скопје 2015, стр. 53.

[9] Konstantinovic, Vilic, S. i Nikolic, Ristanovic, V., *Kriminologija*, Centar za publikacije Pravnog Fakulteta 2003 Niš 2003, str. 154.

Можеби помалку се вршат разбојништва и разбојнички кражби, но нивната опасност е во применета на сила спрема лица кои во исто време се жртви на насилство и жртви на кражби на предмети во нивна сопственост, во одредени ситуации е загрозен и нивниот живот, или криминални ситуации кои во криминалистиката се познати како убиства од користољубие.

Имотните деликти се најбројни кривични дела на глобално ниво, се извршуваат насекаде и во урбани и во рурални средини, а најизвршувани се во туристичките места вклучувајќи го и подрачјето на Охрид, и тоа: кражби од куќи и станови, кражба на плажа и во кампови, хотелски кражби, провални кражби во куќи и дворови, провални кражби во станови, во викендички, во цркви и манастири, во хотели, провални кражби во кампови и бунгалови, разбојништва во куќи и станови, кражби на моторни возила-пловни објекти, измама, изнуда, уцена, лихварство итн извршувани од страна на сторители почнувајќи од најмала возраст – деца, малолетници и возрасни лица чија цел е стекнување на противправна имотна корист. Криминално делуваат како поединци и во организирани криминални групи, на локално, регионално, национално, но и интернационално ниво односно сторителите делуваат и на територии на соседни држави, конкретно во граничното и задграничното подрачје помеѓу РСМакедонија и Р. Албанија на копно и по воден пат.

Кривични дела против имотот се извршуваат со искористување на згодна прилика, невнимание, голема фреквенција на луѓе или нема примена на сила (кражба и измама) , но дел од потешките имотни кривични дела се со примена на сила и насилство и тоа Тешка кражба, разбојништво и разбојничка кражба, изнуда, уцена, лихварство.

Според намерата на сторителот разликуваме дела што се вршат со намера за прибавување противправна имотна корист за себе или друг и дела што се вршат без таква намера. Првите се уште и дела што најчесто се вршат од користољубие макар што овие два поими – намерата за прибавување противправна имотна корист и користољубието како мотив што значи безобзирен егоистички стремеж да се постигне имотна корист по секоја цена не се идентични.[10]

Основната криминалистичка задача што произлегува од нејзината криминалистичко - техничка димензија е навлегување во сржта на материјалниот супстрат на кривичниот

[10] Камбовски, В., *Кривично право – посебен дел*, Просветно дело АД Скопје, 2003, стр. 295.

настан. Имено, со примена на природно-научни методи и со употреба на технички инструментариум, криминалистичката техника придонесува да се откријат и да се проучат трагите и предметите од извршените кривични дела против имотот. За откривање овој криминалитет и целосно расветлување на криминалите случаи потребно е препознавање на криминолошките и криминалистичките карактеристки и во процесот на расветлување и обезбедување на доказен материјал, целосно расветлување на криминалните случаи и успешно покренување на кривична постапка против сторителите.

Проучувањето на специфичностите на имотниот криминалитет на одредени подрачја во надлежност на другите надворешни канцеларии и нивното компарирање ќе придонесат за сознанија за тоа каде и кои кривични дела биле извршени, кои биле начините и средствата за извршување, организираноста на извршителите и врз основа на тоа ќе се добие јасна слика за извршувањето на овој тип на криминалитет на истражуваното подрачје.

Ќе биде ставен акцент на истражувањето на криминалистичките карактеристики – начин на извршување, средства на извршување, место и простор на криминално делување, мотив на сторителе, жртви на кражби и жртви на рекетарство (изнуда, уцена и лихварство), Ќе се направи компарација според подрачје на полициски станици кои се разликуваат според наведените криминалистички карактеристики. Ќе бидат истражувани појавните облци за да се добијат индикатори за тоа каде и кои кривични дела најмногу се извршуваат дали и колку има насилни имотни деликти по подрачја.

Во состав на сектор за внатрешни работи - Охрид[11], со седиште во Охрид, за вршење на полициски работи на подрачјето спаѓаат: ПС ОН Охрид, ПК Издеглавје, ПС БПС Охрид, ПС Струга, ПО Велешта, ПКУ Делогожда, ПК Луково, ПО-БПС Струга, ПС Кичево, ПО Извор, ПО Осломеј, ПО Зајас, ПО –БПС Кичево, ПС Дебар, ПК Центар Жупа, ПО БПС Дебар, а во рамките на РЦ за ГР Запад (за прекуграничен криминал) на подрачјето на Охрид спаѓаат: ПС за ГН Свети Наум, ПС за ГН Охридско Езеро, ПС за ГН Франгово, чија основна надлежност е:

[11] Законот за полиција, *Сл. весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22.*

- Заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните.

- Заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори.

- Спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела.

- Идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело.

- Одржување на јавниот ред и мир.

- Гранични проверки и граничен надзор.

- Укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба.

- Други работи утврдени со закон, односно кога постојат основи на сомневање дека одредено лице подготвува, извршува или извршило кривично дело или прекршок, или постојат основи на сомневање дека одредена појава го загрозува или би можела да го загрози животот или телесниот интегритет на луѓето, нивните права, слободи, безбедноста или имотот во врска со вршењето на полициските работи, како и заради откривање на кривично дело или прекршок, пронаоѓање на сторителот, спречување сторителот да се скрие или побегне, да се откријат и обезбедат траги и предмети кои можат да послужат како доказ и да се прибираат информации кои можат да бидат од корист за успешно водење на кривичната и прекршочната постапка Полицијата врши криминалистичко истражување со примена на полициските овластувања, оперативно-тактички и превентивни мерки согласно закон. Основна цел на истражувањето е да се запознаеме со општествената негативна појава од извршувањето на кривичните дела од областа на имотниот криминалитет и нивните штетни последици врз опшеството. Исто така со актуелизација на овој проблем - да се подигне на едно повисоко ниво и безбедност, се со цел за самозаштита и институционална заштита од овој вид на криминално делување.

За да ја достигнеме целта РС Македонија да биде едно безбедно општество, кога станува збор за овој тип на криминал, треба да се соочиме со предизвиците на овој вид на криминал а со употреба на комплексни методи и средства во борба против овие криминални активности да го спречиме неговото понатамошното ширење на територијата на државата

преку криминалистички истражувања и обезбедување на докази. За таа цел потребна е и хармонизација на домашното со регионалното и европското законодавство заради превенција, откривање и сузбивање на казниви дела од областа на имотниот криминалитет.

## 2. ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Елаборирањето на трудот ќе биде во насока на теоретско и практично определување на предметот со прикажување на целокупната слика за имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид во изминатите пет години од 2019 до 2023 година.

Предметот на истражување на овој специјалистички труд ќе го конкретизираме со самото определување на насоката во која ќе се одвива истражувањето на темата. Основата на овој труд е прашањето: како да се зголеми ефикасноста на полициските служби при откривање, расветлување и сузбивање на појавата на кривични дела од областа на имотниот криминалитет и како да се прилагодат и доусовршат методите со кои се пристапува кон имотниот криминалитет, кои методи како такви се извор на ефикасноста и ефективноста на оперативците во самите полициски служби односно сектори, станици, одделенија, канцеларии, управи итн.

Криминалистиката како наука секогаш проучувала и нуди нови опции, модуси на откривање на кривичните дела и нивните сторители. Освен интелигентната способност и стручната подготвеност која што инспекторите треба да ја поседуваат како карактерни особини, искуството односно збирот на знаења која ја нуди долгогодишната пракса на одредени оперативци – криминалисти е значаен и пресуден чинител т.е. фактор кој придонесува да се дојде до непобитни заклучоци кој сторителот ќе го поврзат со извршеното кривично дело. Развојот и напредокот на техниката и научните дисциплини кои се вклучени во разјаснувањето на трагата која сторителот ја оставил зад себе, исто така е значаен откривачки фактор на кој во денешно време се потпираат полициските одделенија задолжени за откривање на општ криминал. Потребно е да се има во предвид фактот дека полицијата во секоја развиена држава, во истражувањето и справувањето со било кои појави од својот делокруг во најголема мера е зависна од технолошкиот развој во своите редови.

Проучувањето на криминалистичкото истражување на имотен криминалитет се однесува на проучување на кривично – правните аспекти на имотни деликти систематизирани во Главата 23[12] на кривични дела против имотот и тоа:кражба по чл 235, тешка кражба по чл.236, разбојништво по чл. 237, разбојничка кражба по чл. 238, измама по чл 247, изнуда 258 и уцена по чл 259. Заедничко за овие кривични дела по кое се издвојуваат од останатите имотни деликти е елементот противправното стекнување на подвижни вредни предмети.

Кај кривичните дела со елементи на „кражба“ заедничко е противправното одземање на подвижен имот, кај дел прмена на сила и насилство, а кај изнудата и уцената е специфичен елементот на „закана“ кој е насочен против животот и телото на жртвата, а кај уцената е насочен кон „личноста нејзиниот интегритет и достоинство“, кај кривичното дело измама пак е карактеристичен елементот „доведување во заблуда“. Но, кај сите нив заедничко е противправното стекнување на имот и тоа подвижен имот и пари или други вредности.

Имотниот криминалитет се повеќе кривични дела кои се најзастапени, имаат специфични облици на извршување кои се разликуваат според начинот на извршување, времето кога се извршуваат делата, средствата на извршување, жртвите на криминален напад, личноста на сторителите и нивното криминално делување – самостојно, во групи или на организиран начин сите се значајни елементи кои се потребни за проучување, а врз основа на тоа и проучување на начинот и координацијата на полициските служби и координацијата со јавниот обвинител ги даваат очекуваните резултати во смисла на откривачките резултати на овие кривични дела.

Истражувањето на имотниот криминалитет и неговите специфичности на подрачјето на СВР Охрид ќе придонесе за добивање на сознанија за одредени специфичности, осознавање на резултатите од полициската работа, степенот на откривачка дејност, но и степенот на повторништво како битни елементи за идните оперативни постапувања и подобрување на оперативната работа во процесот на откривање, расветлување, а најмногу во делот на обезбедување на цврсти и релевантни докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка и изведување на сторителите пред лицето на правдата.

---

[12] Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*

Криминалистичките истражувања кои ги врши полицијата после секое пријавено кривично дело и после секоја подигната трага на местото на настанот се подложни на бројни испитувања, анализи и вештачења кои се прецизни, брзи и неприкосновени и се потпираат на бројните научни студии кои допринесуваат во разјаснувања на тоа што првично било како непознато.

## 2.1. Теоретско одредување на предметот на истражување

Кај теоретскиот пристап и објаснувањето на имотниот криминалитет во истражувањето ќе се посвети внимание на теоретско проучување на криминалистичките карактеристики на подгрупите на имотни деликти и според нивните криминалистички карактеристики како подгрупи би ги проучувал:

1. Имотни деликти при чие извршување не се применува сила се користи згодна прилика и заблуда (кражба и измама).
2. Насилни имотни деликти ( тешка кражба, разбојништво и разбојничка кражба).
3. Рекетарство – изнуда, уцена и разбојништво.

Најпрво ќе биде направено теоретско проучување на кривично – правните аспекти на истражуваните кривични дела, а потоа ќе бидат анализирани и најзастапените мерки и дејствија предвидени со законот за кривична постапка и тоа од полициски извиди или оперативно - тактички мерки, истражни дејствија до посебни истражни мерки.

## 2.2. Појмовно - категоријален апарат

Основна насока на водење на еден труд е неговиот наслов кој е првенствената врска што ја воспоставува читателот со оној кој го создал делото односно помеѓу читателот и содржината што нему му претстои. Поимите кои се содржани во насловот треба да го отсликуваат правецот во кој истражувањето се движело односно што точно се истражувало. Во конкретнив случај станува збор за лесно разбирлив и јасен наслов **Полиција** – сложен систем од професионален карактер кој е организиран заради одржување на јавниот ред и

поредок во општеството, и кој за таа цел е обезбеден со законски овластувања и потребни средства, вклучувајќи и средства за принуда.[13]

**Кривично дело** е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон. А, **кривично е одговорен** сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или небрежност. За кривичното дело сторено од небрежност, сторителот е одговорен само кога тоа го определува законот.[14]

**Криминалистиката** е посебна наука, која како трихотомна целост се преточува во систем од научни сознанија со техничка, тактичка и методична димензија. Во нејзиниот состав влегуваат криминалистичката техника, кримкиналистичката тактика и криминалистичката методика, кои што како три потсистеми го сочинуваат системот на науката криминалситика[15].

Во насловот е искористен терминот **метод** што би се рекло – начинот, патот по кој се води едно теоретско истражување или практично дејствување. Логична изведба од овој термин би бил терминот, методскиот (пример: методска постапка). Се поставува прашањето: За што во случајов се наменети овие методи? Да се расветли, открие, разоткрие, реализира едно кривично дело. Читателите, особено на оние на кои оваа тема им е далечна а имаат желба да се доближат до суштината на содржината секако дека ќе биде повеќе од потребно да знаат што во суштина значат поединечно одредени термини и поими наведени во трудот.

**Криминалистичка методика** е систем на знаења содржани во посебни криминалистичко - методични учења за истражување на закономерностите и специфичностите во појавувањето и егзистирањето на одделни типови на кривични настани, кои според анализата на криминалистичките карактеристики (modus operandi во најширока криминалистичка смисла на зборот, механизам на настанување на трагите, личноста на сторителот и на жртвата и друго) упатуваат на можно постоење на конретно определени типови на кривични дела. Криминалистичката методика изучува информации карактеристични за одделни конкретни типови на кривични дела и за нивни сторители или

---

[13] Milosavljevic B, *Nauka o policiji*, Policiska akademija, Beograd, 1997, str. 17.
[14] Чл. 7 и 11 од Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*
[15] Ангелески, М., *Вовед во криминалистика*, Скопје, 2007. (1)

информации – како за таквите дела, така и за сторителите.[16]

Во Кривичниот законик[17] се дадени дефиниции за следните поими:

**Имот** – Под имот се подразбира пари или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална и нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.
Под предмети се подразбираат движни и недвижни предмети кои се целосно или делумно искористени или требало да бидат искористени или настанале со извршување на кривично дело.

**Сопственост** како поим претставува одредена ствар која е дел од материјалната природа што може да биде во власт на човекот и истата таа ствар да може да се индувидуализира.

**Кражба –** Под кражба се подразбира одземање на туѓ подвижен предмет со намера противправно да го се присвои.

**Разбојничка кражба -** Разбојничката кражба според правната дефиниција е сложено кривично дело кое се состои од кривично дело кражба (одземање туѓи подвижни предмети од други со намера за да прибави противправна имотна корист) и кривично дела принуда (со сила и сериозна закана да се присили некој друг да нешто направи или не направи на штета на својот или туѓ имот).

**Увид -** Увидот претставува непосредно сетилно забележување на факти од страна на органот кој ја води кривичната постапка. Неговата основна цел е утврдување и разјаснување на важни факти и материјално последици од кривичното дело заради добивање јасна претстава за околностите под кои се случил криминалниот настан, прибирање материјални докази и проверување на вистиноста на друите доказни средства.

**Вештачење -** Вештачење се определува кога за утврдување или оцена на некој важен факт треба да се прибави наод и мислење од лице кое располага со потребното стручно

---

[16] Ангелески, М„ *Криминалистичка методика*, Прв приватен универзитет – ФОН, Скопје, 2008.(2)
[17] Чл. 122 од Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*

знаење. Вештачењето по правило го вршат вештаци запишани во регистарот на вештаци.

**Под група, банда** или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривично дело, во кој број најмалку еден е организатор.

**Измама – П**рибавување на противправна имотна корист со доведување на друг во заблуда или со прикривање факти или држење во заблуда и со тоа неведување да стори или да не стори нешто на штета на својот или туѓ имот.

**Изнуда** – Сторител што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот.

**Уцена** – Сторител што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе му се закани на друг дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би можело да и наштети на неговата или нивната чест или на неговиот или нивниот углед и со тоа го присили да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот.

**Лихварство –** Сторител што за услугата што му ја прави на некое лице прима или договара за себе или за друг несразмерна имотна корист искористувајќи ја неговата тешка имотна состојба, тешките станбени прилики, нуждата, недоволно искуство или лекомисленоста.

### 2.3. Операционално одредување на предметот на истражување

Операционализацијата всушност претставува проучување на криминалистичката литаратура со цел добивање на теоретски знаења за проблемот на истражување, но и компарирање и извлечување на сознанија и систематизирање на криминалистичките карактеристики, потоа анализа на случаи од практиката на истражуваното подрачје и систематизирање на криминалистичкте карактеристики во зависност од местото и просторот на извршување, користената сила и насилство, посебно карактеристиките на имотниот криминалитет за време на туристичката сезона и на туристичките места како и извршување на езеро, од езеро, на пловни објекти и со пловни објекти како и рибокрадство, односно криволов на риба.

Исто така, ќе ги проучиме кривично правните карактеристики на кривичните дела од аспект на битие на делото, субјект и објект на криминален напад, дека тие се битни во однос на криминалистичкото истражување и обезбедување на докази кои се значајни за класификација на делото, ќе ги обработиме квалификаторните елементи ( разбојништво со смртни последици), нанесена штета при извршување на кривично дело на пример кај тешката кражба, штетата направена при провала и самата штета од тешката кражба (провална кражба), ќе ги анализираме видовите на провални кражби и тоа во куќи, станови, комерцијални објекти, провали во моторни возила и слично. Ќе посветиме внимание и на карактеристиките на сите дела и тоа посебно по кои делата се раликуваат (пример разлика од разбојништво и разбојничка кражба), потоа проучување на сторителите од аспект на нивните карактеристики дали и какво насилство применуваат, кои предмети на извршување ги користат, дали делуваат на организиран начин и друго. .

Од горе изнесеното може (таксативно) да се набројат компонентите и чинителите кои непосредно ќе бидат истражени:

- Улогата на криминалистичките инспектори во делот на истражување на тешки кражби во станови и нивно полесно расветлување;

- Користењето на резултатите од криминалистичката техника како виталнно доказно средство во понатамошната судска постапка;

- Воспоставување тесна соработка на криминалистичката полиција и граѓанскиот сектор односно со самите граѓани во заедничка борба против овој вид на криминално делување во општествени рамки.

Со содржината на овој труд треба да се објаснат чинителите, функциите, односите и врските во безбедносниот процес кој се истражува, условите и причините за појавата на овој вид кривични дела, мотивите, последиците кои настануваат, од кои слоеви во општеството најчесто се јавуваат сторителите на кривичните дела, нивната општествена свест, односот на државните органи задолжени за гонење на овие сторители, просторното одредување на проблемот кој се истражува и слично.

## 2.4. Дисциплинарно одредување на предметот на истражување

Јасно е дека основата на секој еден ваков труд се научните дисциплини во чии рамки се истражува и проучува неговиот предмет. Потребата од мултидисциплинарен пристап неминовно се наметнува од самата комплексност на проблемот кој се истражува. Предметот на темата што се обработува ќе се разгледува од повеќе аспекти.

Самите правци кои ќе имаат и свое научно објаснување ќе не доближат и до науката која е искористена во содржината на трудот. Во овој специјалистички труд првенствено место ќе завземат следниве научни дисциплини: криминологијата, кривичното право, кривичното процесно право, полициските науки, социологијата и други науки и нивниот однос првенствено со криминалистиката односно со криминалистичката методика.

## 2.5. Временско и просторно одредување на предметот

Временската рамка на истражувањето е период д пет години и тоа 2019 – 2023 година на подрачјето на СВР Охрид.

Просторното одредување е насочено токму за овој Сектор за внатрешни работи од неколку причини:

- СВР Охрид има надлежност на поголена територија со свои специфичности од аспект на географска положба – југозападен дел на државата, со повеќе општини: Охрид, Струга, Дебар и Кичево.
- Под СВР Охрид се следните ОВР – Охрид, Струга, Кичево и Дебар.
- Има повеќе полициски станици и тоа: ПС ОН Охрид, ПК Издеглавје, ПС БПС Охрид, ПС Струга, ПО Велешта, ПКУ Делогожда, ПК Луково, ПО-БПС Струга, ПС Кичево, ПО Извор, ПО Осломеј, ПО Зајас, ПО –БПС Кичево, ПС Дебар, ПК Центар Жупа, ПО БПС Дебар, а во рамките на РЦ за ГР Запад (за прекуграничен криминал) на подрачјето на Охрид спаѓаат: ПС за ГН Свети Наум, ПС за ГН Охридско Езеро, ПС за ГН Френгово.
- На подрачјето на Охрид е и езерската полиција.
- Охрид е најголем туристички центар, туристички град, град на УНЕСКО, кој опфаќа голема територија и тоа копнена и под вода и подрачје низ кое гравитираат и престојуваат голем број на туристи. .

- Струга е туристички град со голема фреквенција на туристи.
- На подрачјето на СВР Охрид гравитираат полициски станици во рамките на РЦ за ГР Запад.
- Струга, Кичево и Дебар се мултиетнички градови.
- СВР Охрид е подрачје каде имотниот криминалитет има свои специфичности и тоа на ниво на полициски станици, што претставува предизвик за истражување.

Секторот за внатрешни работи Охрид опфаќа голема географска територија со свои карактеристики. Така, според статистичките податоци Охрид опфаќа територија од 389,93 km2, население 55,749 жители од кои 85 % македонци, 5 % албанци, 4% турци, 0,12 % роми, 0,58 % власи, Струга опфаќа територија од 483 km2, население 36,892 жители од кои 48 % македонци, 41,5 % албанци, 5,4 % турци, 0,3 % роми, 1,7 % власи, Кичево опфаќа територија од 838 km2, население 30,138 жители од кои 53,5 % македонци, 30,5 % албанци, 8 % турци, 5,4 % роми, 0,25 % власи, Дебар опфаќа територија од 145,7 km2, население 19,542 жители од кои 20 % македонци, 58 % албанци, 13 % турци, 5,5 % роми, 0,01 % власи.[18]

## 3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Главната цел на ова истражување е дека преку теоретско проучување ќе се стекнеме со знаења за криминалистичките карактеристики на имотните деликти, дека преку проучување на криминалитетот од анализа на случаи, анализа на податоци ќе се стекнеме со сознанија за реалната слика на овој криминалитет со сите негови специфичности, што е предизвик бидејќи се работи за специфичен регион.

Секоја тема односно секој труд има свои носечки или основни (научни и практични) и споредни цели на истражување.

Во основна цел на ова истражување спаѓаат теоретските и емпириските сознанија на влијанието на извршувањето на казниви дела од областа на имотниот криминалитет, како

[18] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија.

и нивниот одраз на вкупната безбедност, а исто така и утврдување на причините и условите кои доведуваат до распространетоста на имотниот криминалитет.

Практични цели и задачи на научно - истражувачката работа се добивања на квалитетни и навремени сознанија во врска со имотниот криминалитет кој е најизвршуван на подрачјето на Охрид за време на туристичката сезона.

Имено, според статистичките податоци се бележи зголемување на бројот на кражби во Охрид и околните туристички локалитети за време на туристичката сезона. Во текот на летните одмори домовите се цел на крадците, се злоупотребува туристичката врвулица за извршување на кражби и тоа во станови, куќи, викендици, деловни објекти, на златен, сребрен накит, мобилни телефони, пари, скапи парфрми, потоа кражби на плажите итн особено во текот на месец јули и август кога се забележува пораст на овие казниви дела како резултат на зголемена фрекфенција од луѓе.

Со цел едукација на граѓаните и туристите и на целокупната јавност, а во насока на зголемување на нивната безбедносна култура како и подигнување на свеста за поголема одговорност кон своите предмети, СВР Охрид во рамките на превенцијата го реализира проектот „превенција од кражби“ со широк спектар на мерки што ќе ги преземе полицијата за сузбивање на кражбите особено на плажите и паркинзите околу плажите - кражби и тешки кражби. Но, покрај превентивните секако дека се преземаат и репресивни мерки со примена на оперативно - тактички мерки, истражни дејствија, а во одредени случаи и посебни истражни мерки, во оперативни комбинации со цел откривање, расветлување и обезбедување на докази за кривични дела од областа на иотниот криминалитет. Карактеристично е што кривичните дела за време на туристичката сезона се извршуваат во згодна прилика кога годишноодморците своите предмети ги оставаат на плажите необезбедени и влегуваат во водите на охридското езеро. Често кражбите се извршуваат кога вредни предмети се оставаат и на шанковите по угостителските објекти на плажите, притоа сторителите го користат невниманието и негрижата и одземаат паричници, мобилни телефони, фотоапарати, разни видеокамери, лап топ и други вредни предмети.

При расветлувањето на казнивите дела констатирано е дека поголем дел од сторителите се граѓани од внатрешноста на државата, но некои и со логистика од жители на

Охридското подрачје, а при преземањето на соодветни мерки и активности извршени се напади и врз полициски службеници.

Исто така на подрачјето на СВР Охрид извршени се и кражби на моторни возила кои биле паркирани на паркинг простори околу плажите.

Охридските културно историски локалитети се атрактивни и посетувани како од туристички групи и поединци за одмори или екскурзиски посети, така и од сторители на кражби, односно оние кои доаѓаат нелегално да се стекнат со противправна имотна корист.

Евидентиран е и прекуграничниот криминал кој се манифестира со кражби на пловни објекти, предмети од усидрени пловни објекти, риболовен алат со или без улов,казниви дела од областа на имотен криминал на крајбрежјето, од викенд куќи, криумчарење на разни стоки, возила итн.

Остварувањето на целите кои се опфатени во самото истражување на трудот како и нивно реализирање во праксата, би значело подобрување на безбедносната клима во самата држава односно во самите заедници каде населението има огромна потреба од заштита на животот, личната сигурност и имотот, како и заштита на слободите и правата.

## 4. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА – ХИПОТЕЗИ

Секое истражување мора да биде проверливо и засновано на некакви набљудувања или продолжение на одредени научни теории.

Хипотезата всушност е претпоставка која со истражување се потврдува или негира како предлог.

### 4.1 Генерална хипотеза

Генералната хипотеза претставува рамка на која се темели овој специјалистички труд, се потпира на изворноста на самиот поим имотен криминалитет, неговите појавни облици и форми и специфичностите по кои се разликуваат од останатите деликти, кои се специфичност во извршувањето, објектот на криминален напад, времето и местото на извршување по што овој криминалитет го прави специфичен за истражуваното подрачје.

Поставената хипотеза е во насока на операционализација на предметот на истражување и остварување на истражувачките цели преку примена на истражните методи и техники.

Во таа насока Генералната хипотеза на специјалистичкиот труд е: **„Криминалистичките карактеристики на имтотниот криминалитет на подрачјето на Секторот за внатрешни работи – Охрид се слични според мотивот на извршување – стекнување на противправна подвижна имотна корист, но се разликуваат според начинот, времето, местото и просторот на извршување, а тоа е условено од географските, етничките, националните и просторните специфичности.“**

Успешното откривање, расветлување и обезбедување на докази за имотен криминалитет е условено од поседување на знаења и вештини за препознавање и разграничување на криминалитичките карактеристики битни за класификација на кривичното дело, но и обезбедување на цврсти и релевантни докази, но и меѓуресорска соработка на ниво на СВР – сите организациони единици, како и регионална и меѓународна соработка.

## 4.2 Поединечни хипотези

Поединечни хипотези се следните:

- Огромна е потребата од научно профилирање на криминалецот и неговиот начин на делување МОС (модус операнди систем) и утврдувањето на криминалистичките методи кои ќе не одведат до откривање – расветлување на кривичното дело со ангажман од повеќе гранки на повеќето научни дисциплини .
- На глобално ниво односно, кажано со поедноставни зборови – секаде каде што луѓето живеат се извршуваат кривични дела од обласа на имотниот криминалитет.
- Туристичките центри се мета на сторителите на тешки кражби и се позабележителен е порастот на овие кривични дела.
- Кражбите на туристичките места, главно се извршуваат во згодна прилика, „демнење“ или „посматрање“ и „чекање прилика“, невнимателност на жртвата и сл
- Со тешки кражби најчесто се напаѓаат куќи „на богати семејства“ и за кои се има претходни сознанија „за богат плен“,

- Хотелски кражби се обични кражби кои се вршат во хотелски соби. Во случаите кога гостите се отсутни од собите сторителите влегуваат низ незаклучената вратаили преку балконот и крадат[19].
- Кражби на плажа и кампови (сезонски криминалитет) се извршуваат од страна на сторителите во секое време и во згодна прилика по претходно извидување на ситуацијата.
- Користење на сторителите на се пософистицирани помагала односно алатки со кои ги извршуваат овие кривични дела.
- Засилена превенција од страна на полициските служби кои се оспособени токму во таа насока (користењето позорни, патролни и мотопратролни служби).

## 5. НАЧИН НА ИСТРАЖУВАЊЕ (МЕТОДИ И ТЕХНИКИ)

Со цел потврдување на поставените главна и посебни хипотези, истражувањето на проблематиката ќе се одвива врз основа на примена на соодветни научни ***методи*** и ***техники*** на истражување. Во зависност од методот ќе биде направен и соодветен концепт за истражување во насока на добивање на релевантни сознанија.

Бидејќи се работи за истражување на кривични дела од областа на имотен криминалитет, предвидени во Кривичниот законик ќе се примени нормативниот метод, ќе се разработува временски период од пет години и ќе се анализираат случаи од практиката и поради тоа ќе се примени методот на анализа на содржина и методот на компарација,статистичкиот метод врз основа на податоците кои ќе бидат прибирани од полициските евиденции.

Покрај нормативниот метод и методот на компарација ќе се примени и методот на анализа на случај при што ќе бидат анализирани покарактеристични настани од истражуваното подрачје.

Како техники на истражување ќе биде користена Анкета над полициски службеници, но и Анкета за ставот на граѓаните во однос на нивната перцепција за ефикасноста на полицијата за откривање на случачите на овие кривични дела.

---

[19] Ангелески М, *оп цит*, стр.  42. (2)

Со цел да го истражиме ставот и перцепцијата во однос на кривичните дела тешки кражби, разбојништва, разбојнички кражби, изнуди и уцени ќе се искористи метода на анкетирање со користење на писмен прашалник. Планирано е да бидат анкетирани граѓани со цел да се дознае колку тие располагаат со информации и дали имаат општо познавање околу имотните деликти, дали биле жртви на кривични дела од областа на овој вид криминалитет, додека во другиот прашалник ќе биде спроведена анкета на вработени во СВР Охрид и РЦ за ГРМ Запад – Охрид (полициски службеници во униформа и полициски службеници од цивилниот дел) при што ќе се наведат прашања поврзани со нивното оперативно работење при откривање, расветлување и сузбивање на овој вид на криминалитет.

## 6. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ

Криминалистичкото истражување на имотниот криминалитет конкретно на подрачјето на Охрид како тема на овој специјалистички труд потребно е да има како научна така и општествена оправданост.

Така, од научна гледна точка овој текст во себе содржи научни ставови и гледишта кои се преземени и се потпираат на повеќе научни дисциплини. Казнените дела од областа на имотниот криминалитет мора да бидат објаснети малку пошироко со цел да ја објасниме неговата генеза, да ја утврдиме неговата хронологија, профилот на сторители кои се јавуваат како директни извршители на кривични дела, начинот на кој што се извршени овие кривични дела и техничките помагала кои се користат за таа цел.

Додека пак општествената оправданост опфаќа една поширока рамка на дејствија кои преку овој труд се доближуваат до сите општествени слоеви, групи и поединци во општеството. Јавноста има право да дознае за причините поради кои се јавуваат кражбите, тешките кражби, разбојништва, разбојнички кражби, измами, изнуди и уцени, просторот и времето каде тие се јавуваат, начинот на кој што се вршат овие кривични дела и се она што значи предупредување на јавноста и народните маси за оваа штетна и крајно опасна појава. Општествената ерозија во финансиска смисла на зборот и тоа како е изразена преку имотниот криминал особено преку вршењето на кривичните дела. Истражувањето кое ќе

биде спроведено во рамките на трудот ќе има сериозна намера да придонесе во разрешувањето на општествените проблеми кои се наталожени кај населението особено оние кои биле жртви на овој вид криминал.

Во поглед на научната оправданост, секако дека верификаторните резултати ја потврдуваат фактичката ситуација односно присутноста на овој вид криминал, неговата распространетост и постојаност. Аналитичките служби во полициските единици се тие кои што нудат преглед, веродостојност и точност на распорстранетоста и видот на криминалната гранка, во случајов – имотниот криминалитет. Ваквите прибрани материјали ја потврдуваат бројката на извршени кривични дела а воедно нудат резултати на чија основа може да се изработи понатамошниот план на службата и нивната навремена реакција во спречување, откривање и расветлување на кривични дела од областа на имотниот криминалитет.

Имајќи ја во предвид  позицијата на нашата држава на меѓународната полтичка сцена, ние не можеме како општество да влијаеме на глобалните процеси, но секако  дека може да се даде позитивен придонес за подобрување на состојбата во Република Северна Македонија и пошироко.

# ВТОР ДЕЛ

# КРИВИЧНО - ПРАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ

## 1. КРИВИЧНО - ПРАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ - ГЛАВА 23 ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

**Кривично дело** е противправно дејствие чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана казна или друга кривична санкција што му се изрекува на виновен сторител[20].

За да се разбере што претставува кривично дело, треба да се појде од **основните елементи** што го карактеризираат. Во таа смисла, за да може одредено однесување да го подведеме под поимот кривично дело, тоа мора:

а) Да претставува човеково поведение (со сторување или несторување).

б) Да биде предвидено во законот како противправно.

в) Да биде сторено од лице кое е виновно.

г) Да биде казниво.

Збирот на посебните обележја (објективни и субјективни) што се карактеристични за едно конкретно кривично дело го сочинува **законското битие** на кривичното дело.

Битието на кривичното дело има објективни и субјективни обележја:

- Во **објективни обележја** спаѓаат аспектите врзани за извршување на кривичното дело - *место, време, начин и средства за негово извршување, како и за последицата што настапила*. Објективните обележја може да се од стварна природа (оние што го опишуваат извршувањето), но има и обележја од нормативна природа (исправа, хартија од вредност, јавна исправа, брак и сл.).

[20] Камбовски, В., *Казнено право – општ дел*, Скопје, 2011, стр. 138.

- **Субјективните обележја** се определуваат од аспект на односот на сторителот кон делото - *цел, мотив, намера.*

Објект на заштита е доброто, интересот или односот што се напаѓа со кривичното дело го нарекуваме објект на заштита (објект на кривично дело). Тоа се (човековата егзистенција, неговиот телесен и душевен интегритет, сопственоста, правата и слободите на граѓнинот, итн.). Објектот на дејствие претставува конкретен предмет врз кој се манифестирало инкриминирано дејствие и како последица на кривичното дело тој е изменет, оштетен, загрозен или уништен (На пример, кај групата на кривични дела против имотот, како објкети на дејствие може да се појават различни подвижни предмети, предмети со посебно културно, научно или историско значење, пари, хартии од вредност и друго).

Кога зборуваме за субјекти на кривично дело, мора да се прави разлика меѓу активен субјект - сторителот (физичко или правно лице) и пасивен субјект - жртва, оштетениот. Во зависност од својствата што треба да ги има сторителот на делото разликуваме општи и посебни кривични дела. Општи кривични дела кои во инкриминалијата започнуваат со „ТОЈ“, што значи сторител може да биде кое било лице (услов ако во други членови од делото нема друг субјект како сторител). Посебни кривични дела спрема субјектот можат да бидат посебни субјект можат да бидат:
• посебни прави и посебно неправи. Посебни прави кои почнуваат со лице со посебно својство како што е: мајка, службено лице, воено лице, полнолетно лице, возач, граѓанин, лекар, ветеринар и др. Посебни неправи кои почнуваат со „ТОЈ“, аво некој друг став подоле (став , 2 3....) од делото се сретнува и друг сторител со посебно својство.

**Жртва** на кривично дело е физичко или правно лице што го погодила последицата содржана во законското битие на делото (смрт кај убиство, оштетување на имотот, итн).Тоа е секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица од сторено кривично дело

Поширокиот поим се идентификува со поимот **оштетен**, односно со лице кое претрпува и други штетни последици кои не се елемент на законското битие, но се во

непосредна врска со последицата. Оштетени лица можат да бидат и оние лица што со извршување на делото претрпеле некој вид штета (материлајна или нематеријална).

**Под имотен криминалитет** по правило се подразбираат кривичните дела кои се насочени кон противправно присвојување или оштетување на туѓи предмети или права, односно стекнување со противправна имотна корист на друг начин.

Главен елемент на сторителите на имотните деликти е намерата за присвојување на туѓи вредности и подвижни предмети како елемент на битието на овие кривични дела.

Постојат и исклучоци, односно оваа желба се јавува кај луѓе кои таквите работи можат да ги купат, но чувствуваат поголемо задоволство доколку ги добијат со кражба, што спаѓа во делот на клептоманијата.[21]

Од вкупниот имотен криминалитет, предемет на истражување се следните кривични дела:

- Кражба по  член 235.
- Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас  по член 235 – а.
- Тешка кражба по член 236.
- Разбојништво по член 237.
- Разбојничка кражба по член 238.
- Измама по член 247.
- Изнуда  по член 258.
- Уцена член 259 и
- Лихварство по член 260.

---

[21] Клептоманија е болест што се одредува како задоволување на потребата за крадење.

## 1.1. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Кражба“ по Член 235 од КЗ

**Кражбата,** со своите неисцрпни и многукратни облици, претставува најбројно кривично дело и најмасовно секојдневно извршувано кд кое е извршувано од сторители од најмала возраст - малолетници па се до возраст од поодминати години[22].

Зависно од вредноста на делото гонењето на сторителот може да биде по приватна тужба или по службена должност. Една од причините за ова, покрај мотивот, лежи во извонредно честата прилика, било неа крадецот да ја издемне, створи или пак, таа неочекувано да настане. Голем број наши граѓани покажуваат голема негрижа во поглед на чувањето на општествениот и приватниот имот, што крадците вешто ја користат.[23] Кривично – правното разликување  на обична и тешка кражба не е секогаш јасно и едноставно. Особено е тешка и  често сомнителна нивната криминалистичка диференцијација.

Во голем број случаи методиката на истражување на обични и тешки кражби не се разликува, скоро по ништо. Често истражувањето на обична и ситна кражба (згодна прилика, моментно извршување, непостоење на микро траги) се појавува како тактичка заплетканост, дури и како безнадежна задача. Кај одреден број истражители постои погрешно мислење дека целосно внимание и залагање заслужуваат само провалните кражби, кражби кои ги вршат здружени лица, кражби од страна на професионалци, малолетнички кражби и кражби со голема штета. Спротивно на ова, стара е криминалистичката вистина дека истражувањето на ситните и обични кражби претставуваат најдобро училиште во кое истражителот се оспособува за истражување на тешки кражби.

[22] Николоска, *С., Методика на истражување на општ криминалитет*, Ван Гог, Скопје, 2015, стр. 56.
[23] Водинелиќ, В., и  Алексиќ, Ж., К*риминалистичка методика( скрипта)* Скопје, 1988, стр. 1.

Кривичното дело кражба е предвидено во член 235 од КЗ[24]:

(1) Тој што од друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Ако вредноста на украдениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
(3) Тој што од туѓа шума ќе одземе дрвја чие количество е поголемо од еден кубен метар со намера за противправно присвојување, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.
(4) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено со намера соборенотo дрво да се продаде или ако делото е извршено во шуми во заштитени подрачја, во заштитени шуми или други шуми со посебна намена, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.
(5) Обидот од ставовите (1), (2) , (3) и (4) на овој член е казнив.
(6) Гонењето за делото од ставот (2) на овој член се презема по приватна тужба.
(7) Ако делото од ставовите (3) и (4) на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Под кражба се подразбира одземање на туѓ подвижен предмет заради прибавување на противправна имотна корист за себе или за друг.[25]

Битен елемент на кривичното дело „Кражба“ е одземање на туѓи подвижни предмети со намера за нивно присвојување и стекнување на противправна имотна корист за себе или за некој друг. Без постоење на овој елемент нема кривично дело[26].

---

[24] *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*
[25] Петровиќ, А., *Криминалистичка методик,* Beograd, 1978, стр. 562.
[26] Korajlic, N., Korajlić N., *Istraživanje krivičnih djela,* Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, 2012, str. 404.

Под подвижен предмет се подразбира секој предмет од материјална природа во цврста, течна или гасовита состојба кој може да се помрднува, пренесува или одвојува од друг предмет, а да не се уништи[27].

*Пример: На 2-ри јануари 2025 година, во 21:00 часот, на улицата „Питу Гули“ во Охрид, лишено е од слобода 39-годишно лице од Битола.– Лишувањето е извршено врз основа на судска наредба од Основниот суд во Битола и распишана централна потерница по што е спроведен во казнено поправната установа „Затвор Идризово-Скопје“ од каде претходно избегал. Против него, ќе биде поднесена соодветна пријава за две кражби, претходно извршени во куќи во Охрид.*

*Пример: на 03.08.2024 год во 00.40 часот, во Полициското одделение во струшкото село Велешта, од слобода се лишени две лица од Либражд, Република Албанија.Тие се сомничат дека на подрачјето извршиле повеќе кривични дела кражба и тешка кражба.*

*Пример: 24.11.2022 СВР Охрид поднесе кривична пријава против Е.Д. на 23 и Џ.И. на 22 години, двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „Кражба“ и „Разбојништво“.Тие кражбата ја извршиле на 1-ви ноември 2022 на улицата „Абас Емин“ во Охрид, кога од повозрасен жител на Охрид одзеле паричник со 18.000 денари. Следниот ден, на улицата .„Кирил и Методиј“ во Охрид, пријавените физички нападнале повозрасна жена од Охрид и ѝ одзеле чанта со 9.500 денари, личен предмет и документи.*

*Пример: На 27.05.2021 во 00.15 часот во Охрид, полициски службеници од Полициската станица Охрид ги лишиле од слобода Т.Б.(34), Л.В.(31) и А.П.(25), сите од Република Албанија, поради постоење основи на сомнение дека се сторители на кривични дела „Кражба“ и „Пустошење на шума“, казниви по член 235 и член 226 од Кривичниот законик, соопштија од МВР.*

*Пример 09.02.2024 г СВР - Охрид поднесе кривична пријава против 36 годишно лице од селото Лешани, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторени*

[27] Николоска, *С.,оп. цит.*, стр. 56.

*кривични дела „Пустошење шуми“ и „Кражба“. Тој, на 23.01.2024 година, во близина на охридското село Вапила, е затекнат при нелегална сеча на огревни дрва од шума во приватна сопственост.*

## 1.2 Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас“ по Член 235 - а од КЗ

Станува збор за кривично дело од областа на имотниот криминалитет каде поимот подвижен предмет во граѓанското право се разликува од подвижен предмет во кривичното право, односно како подвижен предмет се смета и секоја произведена или собрана енергија за давање светлина, топлина или движење, како и телефонските импулси и другите средства за пренос на глас, слика или текст на далечина или компјутерските услуги. Имено конкретно се работи за одземање на подвижен предмет заради прибавување на имотна корист за себе или за друг кој може да се наоѓа во цврста, течна или гасовита состојба, тоест кражба на електрична енергија, гас кој не е видлив но е мерлив со мерни инструменти, а е видлив и неговиот пренос.

Како кривично дело „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас“ е инкриминирана во Членот 235 - а од Кривичниот законик на РСМ каде се опишани законското битие и санкцијата односно субјектот (сторител), дејствието на извршување, објектот на дејствие и санкцијата.

(1) Тој што со приклучување без согласност на соодветниот оператор на системот, со превземање пред уред за мерење, со отстранување, онеспособување, премостување, промени и слично ракување со уред за мерење или на друг начин неовластено ќе користи електрична енергија, топлинска енергија или природен гас, со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист, ќе се казни со затвор до три години и со парична казна.

(2) Ако вредноста на украдената електрична енергија, топлинска енергија или природен гас е поголема, сторителот ќе се казни со затвор до пет години и со парична казна.

(3) Обидот за делата од ставовите (1) и (2) на овој член е казнив.

(4) Ако делото го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Електричната енергија доста често се јавува како предмет на кражба а се врши од страна на физички и правни лица кои противправно се вклучуваат во електричната дистрибутивна мрежа за да го избегнат плаќањето за потрошената електрична енергија. Во праксата се среќаваат повеќе облици и начини на крадење на електрична енергија и тоа: механичко оштетување на пломбите, механичко оштетување на кутијата на бројачот и на стаклото на бројачот, поседување и злоупотреба на пломбирни клешти, преуредување на положбата на бројачот, интервенција на главниот вод за довод, премостување на примарниот и секундарниот осигурувач, замена на фазите итн.

*Пример: Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, до надлежното Основно јавно обвинителство Струга поднесе кривична пријава против В.Р. – инспектор за прекуграничен криминал и миграции Струга во Одделение за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија во Регионалниот центар за гранични работи Запад, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас" по член 235 - а од Кривичниот законик. На 11.06.2024, вработени во ЕВН Струга констатирале дека пријавениот В.Р. врши неовластено преземање на електрична енергија на трифази во неговата куќа во с. Делгошти, струшко. Пријавениот, кражбата на електрична енергија ја вршел од бандера на ЕВН преку електрично броило поставено во куќата на неговиот починат татко, од каде бил пуштен кабел за електрична енергија до неговата куќа. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против В.Р. ќе поднесе предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина.*[28]

*Пример : 11.11.2023, ОВР Струга поднело кривична пријава против Е.Е.(52) од струшкото село Калишта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас". Тој, како работник задолжен за одржување на колективна стамбена зграда во Струга, извршил*

[28] https://libertas.mk/struzhanec-dobi-krivichna-za-krazhba-na-elektrichna-energi-a/

*бесправно приклучување на дел од електричната инсталација во станбениот комплекс, на електрично броило сопственост на деловен објект лоциран во зградата.*

## 1.3. Кривично - правни карактеристики на кривичното дело „Тешка кражба“ по Член 236 од КЗ

Тешката кражба претставува квалифициран облик на кражба која од основното дело кражба се разликува по некои посебни околности што се однесуваат на начинот на извршување на кражбата, времето на извршувањето и вредноста на предметите што се објект на кражба[29].

Од обичната кражба, тешката кражба се разликува според начинот на извршување, користените средства и методи како и според видот и висината на украдените подвижни предмети, но и дали кражбата е извршена со совладување на затворен простор, начинот и техниките на совладување, но и примената на дрскост и искористување на одредени природни непогоди, но и неспосбноста или немоќта на жртвите, како и ако делото е извршено од омраза спрема жртвите.

Кривичното дело тешката кражба е инкриминирана во Членот 236 од Кривичниот законик на РМ каде во ставот се предвидени начините и средствата на извршување, како и објективните околности под кои е извршена тешката кражба.

(1) Ако кражбата е сторена:

1) Со кршење или провалување во затворени простории, со совладување препреки или на друг начин совладување поголеми пречки.
2) Од страна на повеќе лица здружени заради вршење кражба.
3) На дрзок начин.
4) Од страна на лице кое кај себе имало некакво оружје или опасно орудие заради напад или одбрана.
5) За време на пожар, поплава или слична несреќа.
6) Со искористување на немоќта или несреќата на друг.
7) Од омраза.

[29] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 305.

Сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) За кражба на предмети од значителна вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) За кражба на предмети во вредност од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

(4) Ако украдениот предмет е добро под привремена заштита, културно наследство, природна реткост или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации, или предмет во општа употреба, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(5) Ако вредноста на украдениот предмет од ставот (1) на овој член е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Со кршење или провалување во затворени простории, со совладување препреки или на друг начин совладување поголеми пречки, за да се дојде до предметот на кражбата, претставува провална кражба. Провалната кражба претставува кражба која се врши по претходно совладување на затворен простор, односно провалување на туѓ имот со цел одземање на туѓи подвижни предмети. Всушност, провални кражби се најчест облик на тешки кражби при што се совладува препрека од материјална природа заради влегување во затворен простор и одземање на туѓи подвижни предмети или пари.. Во оваа категорија спаѓаат и кражбите со кои сторителот врши обивање на касите, металните ормани и фиоките заради одземање на вредни предмети и пари кои се во внатрешниот простор.[30]

Сторителите во пракса користат своја тактика на извршување на тешките кражби, се извршуваат најчесто како провални кражби, но и специфични техники и соодветен алат за провалување и навлегување во затворен простор со цел извршување на кражба. Овие видови на технички кражби имаат свои криминалистички карактеристики и тоа: начин на извршување, средства на извршување, време и простор на извршување како и карактеристики на сторителот и жртвата.

---

[30] Николоска, С., *оп. цит.*, стр. 85.

Ова сложено кривично дело се состои од дејствија на совладување на материјални препреки со кои е обезбеден туѓ имот кој може да биде од различен карактер и има свои особености и тоа провалување во куќи, станови, викендици, трговски дуќани и безброј други објекти. Делото се карактеризира со тоа што на одземањето туѓи подвижни предмети му претходи дејствие на совладување на препреки и навлегување во туѓ имот, а самото навлегување има свои специфичности од аспект на начинот на совладување на препреката и од користените методи и техники. За совладување на тие препреки се користат соодветни тактики кои се поврзани од карактерот на препреката, или тоа би значело од видот на обезбеденоста на објектот зависи и силата техниката на нејзино совладување[31].

На тој начин сторителите нанесуваат штета како со украдените предмети, така и штета при самото криминално делување, особено кај провалувањето, кршењето каде и штетата може да биде поголема од вредноста на украдениот предмет. Како квалифициран облик е предвидено ако вредноста на украдените предмети е од значителна вредност, вредност над 50 просечни плати во времето на извршување на делото[32].

Од страна на повеќе лица здружени заради вршење кражба, односно кражба извршена од повеќе лица што се здружиле заради вршење кражби, потребно е да постои здружување за извршување на повеќе најмалку две кражби. Не е битна формата на здружението внатрешните односи меѓу членовите, а битно е неговата цел да се однесува на повеќе кражби.

На дрзок начин е посебен облик на тешка кражба каде е инкриминирана дрскоста, безобзирноста, безобразноста при постапувањето на сторителите. Дрскоста е квалификатив составен од две компоненти: објективна – одразот на дејството на сторителот врз околината и субјективна - храброст, решеност, готовност на сторителот да се изложи на ризик.[33] Искористување на немоќност и невнимание на оштетениот, искористување на прилики на гужви при семејни настани, веселби кога во домот има повеќе гости, а домашните announce неможат да ги контролираат. Укажаната чест се злоупотребува за кражба, елементот на дрскост е

---

[31] Николоска, С., ,*оп. цит*., стр. 85.

[32] Чл. 122 ст. 35, Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07 /08 , 139/08 , 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18.*

[33] Камбовски В., *оп. цит*., стр. 308. (1)

токму искористување на тие прилики. Посебно дрскоста се истакнува кај џепните кражби каде се користи турканица во јавен превоз, на јавни собири и манифестации, но кај овие случаи дрскоста се поврзува и со висината на нанесената штета со крадење на вредни предмети или пари.

Од страна на лице кое кај себе имало некакво оружје или опасно орудие заради напад или одбрана односно тешка кражба извршена од страна на повеќе лица или со примена на некој вид оружје или опасно орудие е квалифициран облик на кражба каде сторителите делуваат во помали или поголеми криминални групи. Но и при вршењето на кражба, сторителите се вооружени и делуваат на суров и организиран начин со претходно извидување на приликите и поделба на улогите при извршување. Ако оружјето се употреби спрема жртвата, тогаш кражбата добива елементи на разбојништво или разбојничка кражба во зависност од хронологијата на преземените дејствија. За да постои организиран начин на извршување неопходно е да се работи за организирана криминална група од најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела во кој број влегува и организаторот на здружението[34].

За време на пожар, поплава или слична несреќа и со искористување на немоќта или несреќата на друг, се смета како посебен облик на тешка кражба и ако е извршена за време на некоја елементарна непогода – поплава, земјотрес или одредена незгода, несреќа – сообраќајна несреќа, пожар и сл. Овде се искористуваат објективните околности кои овозможуваат непречено одземање на туѓи подвижни предмети, а тешка кражба со искористување на несреќа или немоќ на оштетениот се карактеризира со одредени објективни околности искористување на состојба и субјективни околности на постоење на умисла за вршење на кражбата. Овие се најчесто кражби кога се искористува немоќта на оштетените да пружи отпор поради болест, инвалидитет. Како квалификаторен елемент, е предвидена и омразата насочена спрема оштетениот и неговата припадност на одредена група или заедница.

---

[34] Член 122 ст. 28 од Кривичниот законик на Република Македонија, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07 /08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18.*

Кај тешките кражби каде предмет на криминален напад се подвижни предмети под привремена заштита, културно наследство, природна реткост или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации или предмет во општа употреба, потребно е да се утврди потеклото и заштитата на предметот, дали е со посебен закон заштитено добро и дали има карактер на културно наследство. Додека и кражбата на предмети со кои може да се предизвикаат сериозни последици, а се однесуваат на сигурноста во јавниот соодраќај или јавните инсталации, има квалификуван облик поради тежината на последиците кои се предизвикуваат со одземањето на тие предмети.

*Пример: Охрид, 25. октомври 2020 – СВР Охрид поднесе кривична пријава против 36-годишниот Н.Ј. од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени казнени дела „Разбојничка кражба", три „Тешки кражби" и една „Тешка кражба во обид". Казнените дела тој ги извршил во периодот јули - септември 2020 година во повеќе куќи во Охрид, каде влегувал користејќи физичка сила и подесен алат. Притоа одземал пари, накит и други вредни предмети,*

*Пример 17.06.2019 СВР Охрид, поднесе кривична пријава против 29-годишен маж од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени 12 кривични дела „Тешка кражба". Тој, кражбите ги извршил во текот 2019 година на повеќе локации во Охрид користејќи подесен алат и физичка сила, и од станови и куќи одземал пари, накит, бела техника и други вредни предмети, при што се стекнал со противправна имотна корист од 392.500 приведувањето бил вратен во Казнено поправната установа затвор Струга за издржување на затворска казна.*

*Пример Охрид, 23. мај 2020 – Поради постоење основи на сомнение за сторени 17 кривични дела „Тешка кражба", СВР Охрид до надлежното ОЈО поднесе кривична пријава против 35-годишниот С.Ѓ. од Охрид. Исто така кривична пријава е поднесена и против 48-годишниот К.А. од Охрид, за сторено казнено дело „Прикривање", а во врска со кривичните дела „Тешка кражба". Имено, пријавениот С.Ѓ. тешките кражби ги сторил во периодот од октомври 2019 до февруари годинава во куќи, викендици, станови и работилници во Охрид и во населбите Лагадин, Исток и Рача. Притоа, со употреба на физичка сила и подесен алат влегувал во просториите од каде одземал различни електрични алати за работа, LCD телевизори и други апарати од бела техника,*

*уметнички слики, постелнина и други предмети. Истите, потоа ги складирал во домот на К.А. од каде вршел препродажба на украдените предмети.*

## 1.4. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Разбојништво“ по Член 237 од КЗ

**Разбојништвото** е сложено дело, составено од присилба и кражба. Тоа не е нешто повеќе по однос на кражбата, туку нешто друго, од што произлегува и неговата самостојна природа: за постоење на самото дело не се релевантни околностите што кражбата ја прават тешка. [35] Присилбата се презема за да се совлада отпорот на лицето кое го поседува, држи или има во сопственост предметот кој сторителот има намера и волја противправно да го одземе и присвои. Силата или заканата е претходно дејствие на кое следи второто дејствие на одземање на туѓ подвижен предмет или кражба на предметот. Разбојништвото се разликува од тешката кражба по објектот спрема кој е насочена силата на совладување на препрека. Ако кај тешката кражба сторителот или крадецот употребува сила, техника и тактика на совладување на објективна препрека - ѕид, ограда, врата и сл. разбојникот совладува жива сила - човек, токму поради тоа се смета дека ова кривично дело е со потежок облик од тешката кражба и казните за сторителите се поголеми. Во конкретна криминална ситуација може да се работи за помала, или тешка кражба во зависност вредноста на украдените предмети, но и од дејствијата преземани на местото на настанот. Сторителот или сторителите имале намера да извршта провална кражба, но во просторијата ги затекнале домаќините, примениле сила на нивно совладување и ја извршиле кражбата без разлика на видот и висината на украдените предмети се работи за разбојништво, бидејќи со потешкото дело се опфатени сите претходни криминални поведенија. Доколку настапи смрт, тогаш се работи за убиство од користољубие. Кај овие кривични дела обично криминалните ситуации се сложени кои бараат стручен и професионален пристап од страна на оперативните работници кои во процесот на криминалистичко истражување треба да ги приберат сите материјални докази, сведочење, искази и да ги обезбедат трагите кои разбојниците ги оставиле на местото на анстанот, како и со телесен и лекарски предглед утврдување на повредите со цел целосно расветлување нас случајот и со тоа овозможување

[35] Николоска С., *оп. цит*. стр. 127.

на судот да вра основа на материјални докази донесе соодветна пресуда и изрече соодветна санкција спрема разбојниците. Сторителите кај тешките кражби се нарекуваат „провалници" самиот збор укажува на тоа дека нешто провалуваат или незаконски влегуваат, додека сторителите на разбојништва и разбојнички кражби се нарекуваат „разбојници" тоа се лица кои користат насилство врз други лица со це да ги „опљачкаат" или „ограбат".

Разбојништвото е сложено кривично дело во кое секогаш се содржани елементот на насилство и елементот на одземање туѓи подвижни предмети (пари, накит, други подвижни предмети). Елементот на насилство се јавува како средство на извршување на кривичното дело. Разбојникот применува сила и закана дека непосредно ќе нападне по животот и телото со намера да на тој начин од жртвата одземе предмети кои сака да ги присвои. Разбојништвото спаѓа меѓу најтешките имотни деликти, бидејќи разбојникот не размислува за нанесените повреди или употрената на насилство со други предмети (оружје, орудија) дури посегнува и по животот на жртвата.

Кривичното дело е инкриминирано како:

(1) Тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако вредноста на одзениот предмет е од големи размери, или делото е сторено од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од став (1) до (3) на овој член на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако делото е сторено во состав на група, банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(5) Ако при извршувањето на делото од став (1) некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.[36]

Дејствието сила или закана ги има обележјата на кривичното дело присилба, додека, дејствието на одземање туѓ подвижен предмет се на кривичното дело кражба Значи, разбојништвото е кривично дело со елемент на присилба или закана и извршување на кражба или присвојување на туѓи подвижни предмети. Сторителот прво употребува сила и закана**,** односно врши присилба, а потоа врши кражба на предмет.

Кај кривичното дело „Разбојништво“ се направени измени и дополнувања во однос на предвидените затворски казни кога делото е сторено од омраза, но и кај сите облици, законодавецот предвидува повисоки затворски казни, имајќи ги во предвид начините на извршување и последиците, бидејќи практиката покажува дека како последица од разбојништво се јавува и смрт кај жртвите.

Дејство на извршување на разбојништво е одземањето на туѓи подвижни предмети со употреба на сила или закана. Силата мора да биде насочена спрема некое физичко лице, пред сè на сопственикот на предметите или може и спрема друго лице. Заканата е квалификаторен облик, т.е. заканата е непосредно со напад над животот и телото и одземање на предметите, а заканата и силата е во моментот пред или за време на одземањето. Ако закана се однесува на примена на сила или повреди во иднина против животот и телото на оштетениот или нему блиско лице, нема да постои кривичното дело разбојништво, тоа е друг облик на дело како изнуда.[37]

Претежно кривичното дело „Разбојништво“ го вршат професионални сторители. Кривичните дела претставуваат професија на овие професионални криминалци кои од разбојништвата обезбедуваат секојдневна егзистенција. Нискиот стандард и сиромаштијата во Република Северна Македонија создава поголема желба кај луѓето да дојдат до одредени работи кои им се потребни за живот, па полесно кршат поедини морални норми со кои се

---

[36] *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07 /08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18.*

[37] Јовашевић Д., *Кивично дело разбојничке крађе и разбојништва у теорији, пракси иупоредном законодавству,* Безбедност - 02/2002, Београд , 2002, стр. 252.

врши некој облик на кражба, со присвојување на противправна имотна корист. Но, во поединечни случаи оваа желба се јавува кај луѓе кои таквите работи можат да ги купат, но чувствуваат поголемо задоволство доколку ги добијат со разбојништво или кражба, што спаѓа во делот на клептоманијата.

Станува збор за сложено кривично дело кое се состои од примена на сила и насилство и криминалните дејствија треба да имаат хронологија на дејствување прво насилство, а потоа вршење на кражба која може да биде директно одземање на подвижни предмети кои ги има кај себе жртвата или одземање на предмети од стан, куќа или друг објект. Но, насилството треба да биде насочена спрема „човек“, без разлика на местото на извршување, кое може да биде на отворен или затворен простор. Во одредени случаи има елементи и на провалување или влегување во стан, куќа, финансиска институција, примена на сила или закана, елементи на физичко насилство, а потоа одземање на туѓ подвижен предмет. Кај разбојништвото се работи за сложени криминални ситуации во кои треба да се докаже пред се времето и текот на криминалните дејствија, видот и начинот на примена на сила и насилство, начинот и користените методи на одземање на предметите и секако видот на настанатите последици спрема жртвата. Кај дел од криминалните случаи може да настапи и смрт кај жртвата како последица од настанатите повреди, во криминалистиката овие случаи се проучуваат како убиства од користољубие.

*Пример: на 06.02 околу 14:00 часот во експозитурата на „Шпаркасе“ банка на улицата „Јанко Михајлоски“ во Кичево, од страна на едно лице со закана со пиштол извршено е казнено дело „Разбојништво“. Полициски службеници од полициската станица во Кичево веднаш излегоа на терен и по преземени мерки за кратко време е пронајден и приведен Ч.Д. (34) од село Ливада, струшко. Ч.Д. е затекнат со најлонска црна вреќа со пари во рацете, црни очила, нараквици и еден пиштол. Во консултација со јавен обвинител, на местото на настанот е извршен увид. По преземените соодветни мерки и активности и извршен разговор со осомничениот утврдено е дека тој е сторител на шест кривични дела „Разбојништво“, две извршени на 12.12.2017 година и 06.02.2018 година во „Шпаркасе“ банка во Кичево, на 25.11. и 06.12.2017 година во експозитурите на „ТТК“ банка во Струга, разбојништвото извршено на 05.12.2017 година во казиното „Астра“, како и на разбојништвото во „Силк Роуд“ банка во Охрид извршено на 30.11.2017 година.*

*Со извршувањето на кривичните дела Ч.Д. се стекнал со противправна имотна корист од околу 1.200.000 денари.*

### 1.5. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Разбојничка кражба“ по Член 238 од КЗ

Кривично - правните карактеристики на разбојничка кражба се составени од објективен и субјективен елемент. Објективниот елемент се однесува на дејствие на сторителот како обележје на ова дело, додека, пак, субјективниот елемент се осврнува на неговите субјективни карактеристики. Разбојчничка кражба е имотно и насилно кривично дело кое е сложено и се состои од кражба и примена на сила за задржување на украдениот туѓ подвижен предмет. При разбојничка кражба делото го врши тој што е затечен во кражба и кој ќе употреби сила против некое лице или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото со намера да го задржи украдениот предмет. Разбојничката кражба по својата природа е дело насочени и против имотот и против слободата на одлучување. Тоа е сложено дело кое е составено од кражба и присила за задржување на веќе украдениот предмет.

Споредбено со кривично дело кражба и кривично дело тешка кражба каде што сторителот поседува оружје, во случај на разбојништво или разбојничка кражба потребно е да се потенцира употребата на оружјето при извршувањето на овие дела. Втор момент кој е особено значаен претставува непосредниот контакт помеѓу сторителот и самата жртва.

Кривичното дело „Разбојничка кражба“ е инкриминирано во членот 238 и предвидува дека[38]:

(1) Тој што, затечен во кражба, ќе употреби сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг со намера украдениот предмет да го задржи, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

[38] *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07 /08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18.*

(2) Ако вредноста на украдените предмети е од големи размери, сторено од омраза сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.
(3) Ако вредноста на украдениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со затвор од една до пет години.
(4) Ако при извршувањето на делото од став 1  до 3 на овој член на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако разбојничка кражба е сторена во состав на група или банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие, или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лицасторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.
(5) Ако при извршувањето на делото од став 1 некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Прво дејствие е кражба, второ дејствие е ќе употреби сила или закана присилба. Значи ова дело разбојничка кражба е составено од две дејствија на извршување кои претставуваат посебни кривични дела и постојат како такви во Кривичниот законик. Овде лицето прво врши кражба на предмет, а потоа употребува сила и закана, односно врши присилба.

Со измените на Кривичниот законик од 2018 години направени се дополнувања на ова кривично дело посебно во делот на заострување на казните и во делот на квалификаторни елементи во однос на местото на извршување, ако тоа се прави од страна на организирана криминална група и секако во зависност од настанатите последици во однос на жртвата по нејзиниот живот и тело и секако материјалните последици.

За исполнување на кривичното дело разбојничка кражба потребно е да бидат исполнети следниве компоненети:

- Сторителот да е затечен на самото извршување.
- При кражба или џепна кражба, а со цел да ги задржи украдените предмети употребува сила спрема жртвата.

Објектот на напад е туѓ подвижен предмет, тоа е прво дејствие и употреба на сила и закана за задржување на истите да бидат задржани е второ дејствие. При тоа може да се употреби закана како субјективен елемент и употреба на огнено оружје или друго орудие или примена на физичка сила. Со физичката сила во целост физички се совладува некое лице, додека компулзивната сила, во одредена смисла, повеќе подразбира психичка присилба. Заканата претставува друг облик на манифестирање и треба да е насочена кон спречување, слобода на одлучување и движење. Истовремено, мора да биде таква за оној на кого му е упатена серизоно да ја сфати, а опасноста што произлегува од заканата мора да биде истовремена и непосредна. Сериозноста на заканата кај кривичното дело разбојништво се оценува според тоа дали објективно може да создаде впечаток дека ќе биде реализирана, при што нема значење дали извршителот ги реализирал заканите. Заканата треба да биде таква за оштетениот сериозно да ја сфати, без оглед дали сторителот вистински ќе ја реализира или е само на закана, во моментот оштетениот ја цени заканата која е насочена спрема него, а со цел да бидат одземени негови подвижни предмети[39].

Од кривичното дело „Разбојништво“, кривичното дело „Разбојничка кражба“ се разликува по тоа што има свои криминалистички карактеристики по хронологијата на криминалните дејствија, и тоа прво краде, а потоа применува сила за да ги задржи предметите. Има обратен редослед, кај разбојништво е прво примена на сила и закана, а потоа кражба. Има сличности со џепна кражба бидејќи кај двете дела прво се краде од жртвата, кај џепната кражба нема насилство, додека кај разбојничката кражба има насилство, закана и примена на физичка сила за задржување на веќе украдените предмети, доколку жртвата пружи отпор.

---

[39] Симић И., *Кривични законик - практична примена*, Службени гласник, Београд 2007, стр. 256.

### 1.6. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Измама“ по Член 247 од КЗ

Претставува кривично дело каде што сторителот користи вештини на одведување во заблуда на оштетениот (жртвата) да стори нешто на сопствена штета, а сторителот да се стекне со противправна имотна корист. Всушност измамата е имотно кривично дело ненасилно од аспект на употреба на физичка сила, насилство и закана.

Делото се извршува на два начини:со директен контакт меѓу сторителот и жртвата-директна средба, комуникација и индиректен начин кога сторителот посредно воспоставува контакт со оштетениот со користење на средствата за комуникација, по телефон, преку електронска комуникација интернет, социјални мрежи-фејсбук и слично.

Измамата е класично кривично дело против имотот, насочено против имотот воопшто односно против имотните права и интереси и спаѓа во редот на најстарите кривични дела.

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе доведе некого во заблуда со лажно прикажување или со прикривање факти или ќе го држи во заблуда и со тоа ќе го наведе да стори или да не стори нешто на штета на својот или туѓ имот, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако сторената штета е од помала вредност, а сторителот одел кон тоа да прибави таква вредност, ќс се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Ако сторената штета е од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(4) Ако сторената штета надминува значителна врсдност, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(5) Тој што делото од став 1 го сторил само со намера да оштети друг, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(6) Со казната од став (4) од овој член ќе се казни тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист, ќе доведе друг во заблуда или ќе го држи во заблуда со лажно прикажување или прикривање факти што се однесуваат на

лажиран спортски натпревар или наместен резултат на спортска игра, и со тоа го наведе да стори или нестори нешто на сметка на својот или туѓ имот.

(7) Обидот за делото од ставовитс 1 и 5 е казнив.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(9) За делото од ставовите 2 и 5 гонењето се презема по приватна тужба.

Основното кривично дело измама е инкриминирано како „Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе доведе некого во заблуда со лажно прикажување или со прикривање факти или ќе го држи во заблуда и со тоа ќе го наведе да сторииили да не стори нешто на штета на својот или туѓ имот“. Во однос на санкционирањето делото е градирано во зависност од вредноста на стекнатата имотна корист или нанесената штета дали е поголема вредност надминува значителна вредност во време на извршувањето на делото. Ако делото е од помала вредност и штета или сторителот одел само да оштети друг, тогаш се гони по приватна тужба.

Создавањето заблуда со лажно прикажување прикривање на фактите или држење во заблуда се со цел да се стекне со противправна имотна корист во реалноста покажува изобилство и богатство на поединечни облици и најразлични трикови од прастари до нови современи оригинални, духовити до груби трикови. Жртвата не трпи само материјална штета туку и атак врз нејзините интелектуални способности, каде со право се вели „не ми е криво што сум оштетен, криво ми е што сум измамен“.

Измамата се разликува од другите имотни деликти според улогата на самата жртва во штетното располагање со имотот односно сторителот не го одзема, присвојува предметот, не го оштетува имотот на друг туку тоа го врши самата жртва доведена во заблуда од страна на сторителот.

*Пример: на 22.10.2024 година охридската полиција поднесе кривична пријава против 39 годишен Охриѓанец поради измама. Тој, во повеќе наврати, во својот автосервис во Охрид, примал автомобили од граѓани од Охрид, на кои им барал и добивал одредена сума пари, ветувајќи им дека ќе ги отстрани дефектите и ќе изврши комплетен ремонт на нивните возила.„ Пријавениот, не ги извршувал поправките во договорениот период, а*

*дополнително ги вадел исправните делови од автомобилите и ги продавал на трети лица, со што се стекнал со значителна противправна имотна корист.* [40]

*Пример На 26.11.2024 во 11.00 часот во СВР Охрид, 54– годишник од Охрид пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од околу 730.000 денари. Според пријавеното, лицето му се јавило на 15.11.2024 и се претставило како претставник на фирма која работи со биткоини и дека е добитник на 15.000 долари како нивен корисник, а потоа му кажало дека за да ги подигне ќе треба да инсталира апликација преку која ќе се изврши наплатата, но дека прво ќе треба да изврши уплата на одредена сума на пари".*

*Пример На 13.12.2024 во 10.00 часот во СВР Охрид, 53 – годишна жена од Охрид пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 300.000 денари. Според пријавеното, лицето ѝ се јавило пред две недели и ја известило дека поради зголемување на вредноста на биткоинот, нејзината уплата од од 250 евра пораснала и во нејзиниот електронски паричник сега имала 16.500 долари. Исто така, според пријавеното, лицето од побарало од неа да спушти една мобилна апликација и да има пари на нејзината трансакциска сметка доколку сака да ги подигне парите. Како што е пријавено, таа ја спуштила апликацијата и подигнала кредит од финансиско друштво, а по некое време откако отишла во банка била известена дека парите биле префрлени на сметка на друго лице, по што сфатила дека била измамена.*

## 1.7. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Изнуда" по Член 258 од КЗ

Кривично дело изнуда се состои од прибавување на имотна корист, преку нечие присилување, со примена на сила или сериозна закана да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот. Всушност станува збор за облици на перфидно кршење на вољата за давање на отпор на жртвата, која попушта по налетот на директното и индиректното присилување на изнудувачот.

Изнудата се класифицира како имотно кривично дело (спрема објектот на заштита, односно спрема намерата за стекнување на противправна имотна корист која постои кај

[40] https://ohrid1.com/

изнудувачот), исто така, е и насилно кривично дело (бидејќи се заканува со примена на сила и применува одредена сила и сериозна закана спрема пасивен субјект) [41].

Изнудата е имотно и насилно кривично дело кое се разликува од преостанатите насилни имотни кривични дела (тешка кражба, разбојништво или разбојничка кражба) по начинот на стекнување на противправната имотна корист, ако кај наведените деликти сторителите напаѓаат врз имотот или телото на жртвите за да одземат туѓ подвижен предмет, кај изнудата се применува закана или примена на сила за да се присили оштетениот да му исплати одреден паричен износ или друга вредност, а во спротивност ќе го нападне него или неговите блиски[42].

Кај кривично дело изнуда, објект на заштита е имотот воопшто. Во исто време, изнудата е облик на напад и врз слободата на располагање со имотот. Како напад врз слободата на одлучување изнудата е специјален вид на присилба.

Кривичното дело Изнуда е предвидено во Член 258 од Кривичниот законик на РМ, на следниот начин:

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори во состав на група, банда или друго здружение или со употреба на огнено оружје или опасно орудие, на особено насилен начин или ако притоа е прибавена значителна имотна корист или настапила значителна имотна штета, или на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или делото е сторено од омраза ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Со казната од став 2 се казнува и тој што делото од став 1 ќе го стори за награда.

(4) Ако при извршувањето на делото од став 1 некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

[41] Ђурђић В., Јовашевић, Д., *Кривично право, Посебни део*, стр. 131 – 132.
[42] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 215.

Изнудата е имотно и насилно кривично дело кое се разликува од преостанатите насилни имотни кривични дела (тешка кражба, разбојништво или разбојничка кражба) по начинот на стекнување на противправната имотна корист, ако кај наведените деликти сторителите напаѓаат врз имотот или телото на жртвите за да одземат туѓ подвижен предмет, кај изнудата се применува закана или примена на сила за да се присили оштетениот да му исплати одреден паричен износ или друга вредност, а во спротивност ќе го нападне него или неговите блиски. Како напад врз слободата на одлучување, изнудата е специјален вид на присилба, со одредени сличности со измамата, а заедничко е тоа што располагање со имотот има само жртвата, а изнудувачот со присилба формира волја за предавање на предмет или исплата на пари. Кај жртвата, изнудувачот има влијание со закана од употреба на сила, заканата или примената не е во моментот, тоа е закана ако не се исплатат парите, ако не се отстапи сопственост на вреден предмет и друго. Присилбата е насочена кон формирање волја која е спротивна на волјата без присилба. Или, тоа би значело дека под закана може да повреди дете, па изнудува пари од оштетениот. При слободна волја или нормална ситуација никој нема да даде пари без причина, без повод. Имено, причината е закана, а волјата се формира поради стравот од реализација на заканата[43].

При извршување на изнудата не преовладува мотив за одмазда, туку кај нив преовладува мотивот за стекнување на противправна имотна корист. На овие лица им се закануваат со сила, присилно и се одзема автомобил или друго возило, или друг подвижен предмет, а тоа се често вредни часовници и златни предмети. Добиваат закани по телефон или директно изнудувачите упаѓаат во нивните домови, им се закануваат со оружје, киднапирање на блиски лица. Кај изнудата сторителите применуваат: агресивен тон; насилно однесување; примена на сила или, пак, сериозна закана за употреба на сила; но не е исклучена можноста и за нанесување на физичка болка врз старите лица жртви.

*Пример: Охрид, 16. јули 2024 – На Меѓуградската автобуска станица во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид во содејство со Одделот за криминалистичка полиција и во координација со СВР Штип лишија од слобода 37-годишно лице од Охрид, постапувајќи по претходно испратена телеграма од ОВР Кочани во врска со извршени кривични дела „Уцена“ и „Изнуда“ по член 259 и член 258 од Кривичниот законик. – На*

[43] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 214.

*автобуската станица тој ја подигнал пратката наменета за него во која имало 300 евра во апоени од по 50 евра, кои претходно биле криминалистичко - технички обработени по наредба на ОЈО Кочани. По претходно добиена наредба од судија за претходна постапка од Охрид, извршен е претрес врз лицето, при што се пронајдени банкнотите. Исто така, со судска наредба е извршен претрес во неговиот дом, при што се пронајдени повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. По целосно документирање на случајот, а во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.*

## 1.8. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Уцена“ по Член 259 од КЗ

Уцената претставува посебно насилно имотно кривично дело, бидејќи при самото противправно стекнување со одредена имотна корист, сторителот всушност го присилува некое лице да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот преку упатување закани дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што може да им наштети на неговата или на нивната чест или углед.

Како жртви на уцена обично се угледни граѓани, ценети луѓе со добар општествен статус, кои имаат и одредени „слабости“ чие што откривање во јавноста би ја нарушило нивната перфектна слика во јавноста. Во овој круг се вбројуваат и лицата кои се во брак, претставуваат добри сопружници и прекрасни родители, но имаат и љубовници, како и лица со одредени психички и телесни маани, што може да предизвика неприфаќање од општеството како што се хомосексуалци и слично.

Со кривичното дело „Уцена“ според членот 259 е предвидено дека:

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе му се закани на друг дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би можело да и наштети на неговата или нивната чест или на неговиот или нивниот углед и со тоа го присили да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори како член на група, банда или друго здружение или е прибавена значителна имотна корист или настапила значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Уцената се диференцира како посебно имотно кривично дело што се состои во противправно прибавување имотна корист на следниов специфичен начин: сторителот го присилува оштетениот да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот преку упатување закани дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што може да им наштети на неговата или на нивната чест или углед[44].

Дејствието на извршување се состои од закана за откривање на вистинити факти, факти коишто постојат; тоа не се општопознати факти, туку факти што ги знае само жртвата, а сторителот до нив дошол на некој начин. Сторителот бара да му се плати за „молчењето" и тоа за компромитирачки факти, кои не се за обелоденување, бидејќи ќе оддадат друга слика за оштетниот во неговата средина, или факти за нешто што му се има случено во минатото, а неговото објавување би влијаело врз иднината на оштетениот и нему блиско лице[45].

За уцената е битна и заканата како елемент, нешто што ја тангира честа и угледот на оштетениот или нему блиско лице. Делото е умислено, а посебен субјективен елемент на противправноста е намерата за прибавување на противправна имотна корист, имотната корист не е противправна ако едно лице по некоја правна основа полага право на она што е предмет на располагање со имотот на жртвата (враќање на долг и сл.). Кривичното дело уцена е умислено, а посебен субјективен елемент на противправноста е намерата за прибавување противправна имотна корист. Имотната корист не е противправна, ако едно лице по некој правен основ полага право на она што е предмет на располагање со имотот на жртвата (враќање на долг и слично). И кај уцената, исто како и кај изнудата, објект на заштита е имотот. Меѓу другото, Камбовски афирмира дека: дејствието на извршување кај овие дела е заканата, односно ставање во изглед определено зло кое ќе биде откриено и притоа може да им наштети на честа и на угледот на оштетениот или нему блиско лице. Дејствието на извршување не се состои во откривање нешто дифамантно (не постои уцена

---

[44] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 227.
[45] Камбовски, В. , *оп. цит.*, стр. 342 – 343. (1)

ако некој потплати друг, што за него започнал да шири нешто дифамантно за да престане да зборува), туку во ставање на изглед дека тоа ќе биде сторено ако жртвата не изврши некакво штетно располагање со својот или туѓ имот.

Македонскиот законодавец предвидува квалифицирани облици за кривичните дела „изнуда“ и „уцена“ кога делата се извршени организирано и сторени во состав на група, банда или друго здружение, или со употреба на огнено оружје или опасно орудие, на особено насилен начин, или ако притоа е прибавена значителна имотна корист, или настапила значителна штета, или на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда, ако при извршувањето на делото со кој било од наведените начини некое лице со умисла било лишено од живот, предвидена е затворска казна од најмалку десет години или доживотен затвор.

*Пример:На 30.08.2024 во СВР Охрид бил извршен службен разговор со Ѓ.Р.(34) од Охрид, постапувајќи по претходна пријава од Центарот за социјални работи Охрид дека вознемирувал и следел две малолетнички од Охрид, ќерки на неговата партнерка. Како што пријавиле малолетничките во Центарот за социјални работи, тој со уцена принудил една од нив да го бакне, а настанот го снимал со мобилен телефон. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.*

### 1.9. Кривично – правни карактеристики на кривичното дело „Лихварство“ по член 260 од КЗ

Според начинот на извршување, користените методи и средства на извршување лихварството претставува специфично имотно кривично дело кое спаѓа и во групацијата на имотни и насилни деликти и во редот на економски деликти. Доста честа криминална појава која особено е присутна кај правните субјекти кога нивните сопственици заради неможност да обезбедат кредит од банка се одлучуваат на позајмици од лихвари со цел да платат итни и неодложни побарувања.

Лихварството претставува криминал со длабоки корени и е криминална појава позната во секое општествено уредување низ историјата како и појава што се коси со основните правила со кои се регулирани имотните односи во пазарната економија, како

појава на најгруб облик на збогатување без никаков вложен труд и без почитување на правилата за цената на капиталот.

(1) Тој што за услугата што му ја прави на некое лице прима или договара за себе или за друг несразмерна имотна корист искористувајќи ја неговата тешка имотна состојба, тешките станбени прилики, нуждата, недоволно искуство или лекомисленоста, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Со казната од став 1 ќе се казни и што неовластено се занимава со давање пари или други потрошни предмети на заем со договор и притоа договара несразмерна имотна корист

Целта на законодавецот со инкриминацијата на оваа криминална појава е двојна – од една страна да се заштитат законските кредитирања и финансиските односи во државата од влез на неконтролирани пари во легалниот финансиски систем, а од друга страна да се заштитат и граѓаните од немилосрдноста на лихварите при наплата на високите долгови.

Законодавецот предвидел одговорност само за сторителите кои се јавуваат во улога на лихвари или позајмувачи иако станува збор за договорна работа помеѓу две страни. Но двете страни се во нерамноправна положба бидејќи првата страна која дава заем со камата има за цел да си го поврати основниот долг и договорената камата додека пак втората страна е во неповолна ситуација со самото тоа што се наоѓа во ситуација на нужност, безизлезност потреба од финансиски средства кои на друг начин не може да ги обезбеди и се наоѓа во подредена положба да ги прифати условите од првата страна кои најчесто се неповолни во смисла на големи камати, залог на имот со многу повисока вредност итн. Суштината на овој облик на лихварство произлегува од несразмерноста меѓу дадената услуга и платената цена за неа. Давањето на пари или потрошни предмети на заем и за тоа се договара несразмерна имотна корист е криминално однесување каде се договара исплата на големи камати многу повисоки од банкарските. Ова криминално однесување е поврзано со појавата на рекетарство како сериозен облик на организираниот криминал поврзан и со други кривични дела: уцена, изнуда, нанесување на тешки телесни повреди итн.

Посебна опасност е кога во рекетарството се инволвирани и полициски службеници, нотари, адвокати.

# ТРЕТ ДЕЛ

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ ГЛАВА 23 ОД КЗ

## 1. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИМОТНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ - ГЛАВА 23 ОД КЗ

Имотниот криминалитет со неговите криминалистички карактеристики укажуваат на комплексна и сложена општествена појава со која се загрозуваат фундаменталните и есенцијалните општествени добра на човекот – правата и слободата, достоинството, личната сигурност, животот, имотот и друго.

Во првиот дел беа објаснети кривично - правните аспекти на најчесто извршуваните кривични дела против имотот на подрачјето на СВР Охрид, но за да биде комплетна сликата како би го разликувале овој вид криминалитет од останатиот ќе бидат елаборирани и криминалистичките карактеристики како што се начин и време на извршување, средствата на извршување, местото и просторот на криминално делување, криминалната ситуација и личноста на сторителот и жртвата.

### 1.1. Криминалистички карактеристики на кривичното дело „Кражба“ по Член 235 од КЗ

#### 1.1.1. *Начин и време на извршување – modus i tempus operandi*

Од статистичките податоци добиени од СВР Охрид – ОКРА може да се констатира дека кражбите најчесто се вршат со искористување згодна прилика околност на отворена влезна врата при што крадците најчесто крадат предмети од претсобјата или другите простории каде незабележано влегуваат. Како тактика користат наводно питачење па го користат моментот на невнимание за да го присвојат тоа што им е на дофат на рацете. Друг начин на вршење кражби е со претставување на крадците како бајачи, гледачи кои користат момент на невнимание и крадат предмети. Како начин на вршење на кражба е и претставување на крадците како контролори на броила за потрошена електрична енергија, вода па крадат од простириите каде што се сместени

броилата или од претсобјето. Во пракса се исто така регистрирани голем број на кражбе извршени од гости повикани во домот или од лица кои ги користат посетите по повод одредени празници и крадат вредни предмети од просториите каде престојуваат пример од фиоки во дневните соби, предмети од шанковите итн. Исто така кражбите може да се вршат континуирано во подолг временски период со поткраднување по мал износ или вредни предмети кои сопствениците не ги користат често. Кражбите во продавници се вршат кога тие се отворени и се вршат во згодна околност со користење на невниманието на вработените или мешаницата во продавницата. Се извршуваат и кражби од продавници за накит со користење на тактики за одвлекување на вниманието на продавачите со барања за замена, за обработка, корекција на накит што го поседуваат и со посебни трикови со рацете и во ракавите го извршува делото. Евидираат и кражби во возилата за јавен превоз каде цел на крадците е багажот односно патна торба, куфер, ранец, пакет итн или од делови од облеката на патниците. Во хотелите исто така се извршуваат кражби на начин што кога гостите се отсутни од собите (отишле на плажа, рецепција, ресторан и сл) сторителите следејќи го нивното движење влегуваат низ незаклучени врати или преку балкони и крадат пари, кредитни картички, накит, телефони, таблети, лаптопи и други вредни предмети. Исто така се вршат и кражби на мотрцикли, велосипеди при штосе користи згодна прилика  кога истите се оставени во дворовите, пред зградите, пред продавници, пред угостителски објекти и сл. Кражба на дрва е масовна појава и најчесто се врши од страна на сторители кои незаконски сечат огревно дрво и го користат за свои потреби или за продавање. Начинот на кој се врши кражбата на дрва е со сечење на дрвата со помош на мали пили и секири, потоа истите се пренесуваат со автомобили, коњи, магариња до домовите од каде потоа во вечерните часово се транспортираат за продажба по пониски цени од реалната цена на пазарот за огревно дрво. Би ги спомнал и кражбите на железо, баакар каде со зголемувањето на нивната цена истите станаа мета на криминалците. Најчесто се врши кражба на капаците од шахтите при што истите се продаваат во стовариштата за откуп на железо, но истотака се врши и кражба на бакар-бакарни предмети на пример дел од казани за варење ракија, камбанарии, електрични инсталации односно кабли и слично. Кражба на животни и птици-се врши кражба на живитни како телиња прасиња кои се колат и месото по пониска цена го продаваат во касапниците откако претходно ќе се договорат, потоа се врши кражна на ловечки кушиња кои најчесто се продаваат кај нашиот јужен сосед, истотака се крадат и коњи кои се препродаваат по пониски цени за вршење на дотур, како и на украсни птици, гулаби итн итн.

Џебните кражби според начинот на извршување и вештините на сторителите при извршувањето на кривичното дело се вршат од џебови, ташни од каде и го добиле името.Тие се секојдневна појава и истите ги извршуваат специјалисти тн џепчии кои ја усовршуваат техниката на крадење а криминалната кариера ја започнуваат како малолетници и низ годините понатаму го

усовршуваат криминалниот занает. Најчесто џебните кражби се вршат на фреквентни места каде има поголем метеж на движење, мешаници при што се користи згодна прилика за оттуѓување на туѓите подвижни предмети како што се пари, паричници, часовници, накит или други поситни вредни предмети. Такви места се: автобуски, железнички постојки, стадиони, концертни места, пазари, шалтери, разни манифестации, митинзи и сл.

Џебните кражби претставуваат специфичен облик на кражба а самата техника на вадење работи од џеб се одвива на следниот начин:

- Сторителите (џепчиите) ја испружуваат целата рака, палецот го доближуваат до дланката и откако ќе го одвојат показалецот и средниот прст од домалиот и малиот прст, ги вовлекуваат внимателно прстите во џебот и со помош на нив како со клешти или пинцета го извлекуваат паричникот;
- Сторителите (џепчиите) го испружуваат показалецот и средниот прст, а останатите три прста ги допираат до дланката потоа ги вовлекуваат прстите во џебот и го вадат паричникот. Паричникот мора сигурно да го фатат со врвовите на прстите бидејќи постои ризик во случајот кога го повлекуваат паричникот да го испуштат и на тој начин да бидат фатени, така што и жртвата ќе го осети тоа;
- Сторителот (џепчијата) со помош на специјален нож, сличен на жилет или брич или со помош на мали остри ножици сече попречен отвор на џебот и одоздола го извлекува паричникот.

Џебните кражби се извршуваат од страна на поединци или групи најчесто составени од двајца или тројца сторители со точно определени поделени задачи во секоја криминална ситуација.

Професионалните џепчии се повеќе ги користат современите превозни средства, најчесто авионите и брзите автомобили што им овозможува голема мобилност и вршење на џебни кражби во разни краеви на една или повеќе држави така што всушност оваа криминална дејност веќе се интернационализира.

## 1.2. Криминалистички карактеристики на кривичното дело „Тешка кражба“ по Член 236 од КЗ

### *1.2.1 Начин и време на извршување (modus i tempus operandi)*

Тешките кражби се слични на обичните кражби но се разликуваат по првиот момент на совладување на препреката. Ако кај кражбите се користи погодна можност кај тешките се користи поволна ситуација за совладување на препреката, кршење и вршење на кражбата.

Кај кражбите што се совладува препреката од материјална природа од страна на сторителот, поради влегување во обезбеден - затворен простор и одземање на туѓ подвижен предмет или пари се нарекуваат **провални кражби**.

Според начинот на извршување тие може да бидат со:

- Разбивање на вратата со физичка сила или алат.
- Кршење на цилиндричните влошки на бравите.
- Кршење на стаклото од прозорците со физичка сила или рачен алат.
- Разбивање на вратите од ормарите касите плакарите фиоките со физичка сила или алат.
- Качување на покрив и симнување на керамидите и дел од конструкцијата на покривот итн.
- Разбивање на челична каса, плакар или фиока со помош на соодветен алат.
- Разбивање на разни метални, дрвени или пластични препреки на поедини објекти со употреба на соодветна физичка сила или алат и сл.

Како објект кој што се јавува при вршење на тешките кражби може да се појави и рушењето на ѕидови кај поедини објекти со помош на разни минскоексплозивни направи или пак, нивно пробивање со некои други орудија штоможе да биде извршено во ретки ситуации кога постојат објективни околности кои го овозможуваат ваквиот начин на извршување, без поголема опасност од откривање на тешката кражба и неговиот сторител за време навршењето на делото.

Посебно карактеристичен е еден од најчестите начини на совладување на препрека за влез во затворени простории е обивањето и пробивањето на разни брави, на врати. Бравите се обиваат со кршење на цилиндерот во склоп со бравите на вратите. Тие недостатоци на цилиндерот овозможуваат негово кршење со помош на посебно направени направи, т.н. топокршачи. [46]

Во случај на вакво кршење на цилиндерот на бравата, на лице место останува оној дел  на цилиндерот кој се наоѓа во бравата, додека делот од него кој е издаден од бравата може да се најде доколку сторителот не го понел со себе. Во праксатоа често се случува со оглед на тоа што на овој дел останувaат траги од средството со кое е дејствувано. Останатите делови од скршениот цилиндер како и присутните траги и други предмети се фиксираат со записникот кој се составува за време на вршење на увидот и со фотодокументација истите се доставуваат на анализа и вештачење, за да може да се најдат траги од средството со кое е извршено делото што се разбира е значајna, индиција во трагањето по сторителот.

Недозволените отворања на поедини брави, најчесто се олеснети со некои конструктивни недостатоци на бравите. Два начини се основни за совладување на бравите:[47]

- Отклучување на бравите со некоја подесна справа за отклучување и
- Насилно отворање на бравата.

Посебен вид на провални кражби, претставуваат провали на каси. Познати се различни системи за отварање на каси, од кои најкарактеристични се:

- Механичко сечење на ѕидовите на касите со помош на бормашина и специјални орудија, кои во криминалистиката се нарекуваат „прасечка нога“. Техниката се состои во тоа што ѕидовите на касата со бормашина се дупчат низа дупки во форма на буквата П, а меѓупросторите на тие дупки се кинат со помош на прасечка нога, која функционира по принцип на нож за отворање на конзерви.

---

[46] Бошковиќ М.,*Криминалистичка методика 1*, Белград, 1998, стр. 103. (2)
[47] Николоска С. , *оп. цит.*,  2015.

- Сечење на ѕидовите на каситe со помош на апарати за заварување (швајц - апарат). Овој начин поретко се применува, бидејќи извршителите ризикуваат да бидат пронајдени на дело, заради бучава и карактеристична светлост, која се создава при вакви операции.
- Кружно пресечување на ѕидовите на каситe, кое се изведува со помош на специјални провалнички справи „шутер-кутер“ или „балерина“. Оваа направа е составена од два дела: од дел кој личи на бормашина за метал и дополнителен дел во облик на буквата П, на чии краеви се наоѓаат остри челични ножеви. Направата со помош на бормашина се прицврстува на ѕидот на касата, а потоа дополнителниот дел се врти и се сече кружен отвор на ѕидот на касата.
- Со експлозив касата поретко се провалува, заради звукот кој се создава при експлозијата.
- Со помош на игли: овој начин го применуваат само провалници од висока класа, но само кога се работи за каси, чии брави имаат помалку комплицирани механизми. Техниката се состои во тоа што со долги челични игли се дупи едно по едно перо во механизмот на бравата, при што се прати и звучниот ефект, кој при таа операција се постигнува.

Затворените простории кои се постојан предизвик за извршителите на тешки кражби се отвораат и со разен познат алат како што се: бормашини, штрафцигери, француски клучеви, бонсеци, оксигенски апарати, турпии, чекани, секири, секачи, и слично.

Затоа се наметнува потребата од проучување на некои од начините на совладувањето на затворениот простор во куќи, станови, продавници, магацини, викендици, сефови, каси, и слично.

Најчести начини на провалување се:

- Насилно провалување на врати – влезни, балконски. Начинот на кој се провалуваат влезните еднокрилни врати е со вовлекување на лост или длето помеѓу крилото и касата, за потоа со физичка сила се провалат и се отворат. На исти начин со користење на штрафцигер криминалците ги разбиваат разни

бироа, сандаци, ормани и сл. При совладување на брави веќе објаснив во погорниот текст и тоа многу карактеристични се обивањата со: топокршач, со змија, со чешел, со француски клуч. Провалувањето на двокрилните врати е полесно за разлика од еднокрилните заради отпорот која го дава вратата. Двокрилната врата ја отвораат со вовлекување на железен лост – штрангла во прстенот на горното и долното резе, и по повлекувањето на резето со физички притисок вратата се отвора.

- Насилно провалување во куќа. Куќите се голема и секојдневна мета на провалниците, кои претежно провалуваат во оние куќи кои се празни, или чии сопственици се на одмор, на привремена работа во странство, или се во работен однос на подалечно место од нивното живеалиште, па дома во подолг период нема никој. Провалните кражби во куќи се извршуваат во доцните вечерни часови, или рано наутро, а во последно време ги извршуваат и преку ден кога има најмногу фреквенција. Влегувањето во куќните кражби е на повеќе начини и тоа: преку отворен прозорец, преку купатилско прозорче, преку тераса, преку кровот од куќата со тргање на ќерамиди или слично. Во тие случаи, главната цел на сторителите им е одземање на пари, девизи, злато, вредни предмети и сл.

Начинот на извршување на тешките кражби, според извештаите и анализите кои се направени од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија е поврзан со средствата на извршување и од местото и просторот на криминално делување. Провалувањето на бравата на влезната врата со употреба на специјален алат е еден од (начините) модусите на влегување во станбените објекти. Специјалниот алат, наменет за разбивање на сигурносни брави, се набавувал од странство од страна на извршители на овие криминални активности или се користел и изработувал подесен и модифициран алат што се употребувал за таа намена. Зголемената свест кај граѓаните за безбедноста на сопствените станбени објекти и дополнителните мерки на заштита кои индивидуално ги преземаат влијаело на инвентивноста на извршителите на тешки кражби.

Начинот влегување во станбени објекти преку балконски врати и прозорци е карактеристично во целата земја, особено во периоди од годината или денот кога станарите традиционално се отсутни од дома. Балконските врати и прозорци претставуваат полесна пречка за совладување за извршителите на тешки кражби. Најголем интерес кај извршителите се парични средства или предмети од поголема вредност, злато и накит, коишто подоцна можат лесно да се продадат на „црниот пазар“. Често се краде и техничка стока со поголема вредност (компјутери, телевизори) или мобилни телефони кои лесно можат да се наплатат, но предмет на кражба се и оружје, посебно пиштоли кои се помали и може да ги понесат со себе. Тешките кражби се вршени од стана на поединци и организирани криминални групи, при што организаторите во криминалните групи учествуваат во извршување на тешки кражби и ја организираат продажбата на предметите. Криминалните групи делуваат локално, на територијата на местото на живеење или во други градови каде престојуваат само за време на вршење на криминалните активности. Организираните криминални групи кои вршат тешки кражби се често инволвирани во нелегална трговија со дрога, а стекнатиот профит од продажбата на украдените предмети се користи за набавка на дрога.[48]

Сторителите на провални кражби вршат планирани или непланирани тешки кражби (тешки кражби во згодна околност). Планираните провални кражби се подготвуваат во одреден временски период при штосе одбира објект или објекти на криминален напад, кои криминалци ќе учествуваат, кој каква задача ќе има во извршувањето на криминалната операција. Тие планираат и што ќе прават со криминалниот плен, најлесно е ако украдат пари или вредни предмети кои се мали и лесно преносливи и барани на пазарот (златни и сребрени предмети), а поголемите предмети кои се предмет на кражба ги пренесуваат со такси - возила (претходно договорен таксист да биде на повик), ги криваат украдените предмети на нивни добро познати места, во нивните домови, но и ги продаваат за многу пониски цени.[49]

Извршителите на тешки кражби избираат најпогодно време за да го извршат делото, а се со цел да не бидат видени од очевидци и да не бидат забележани од околината. Па во

[48] File:///C:/Users/user/Downloads/SOCTA_Report_mk.pdf
[49] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 108.

однос на тоа делото најчесто го извршуваат ноќе за да ја искористат темнината и полесно да го одземат објектот на кражбата. Доколку извршуваат провала на каси, најчесто тоа го прават ноќно време, не само поради тешкотијата да бидат забележани, туку и поради тоа што во објектот нема раздвиженост на вработени лица, само во определени исклучоци кога има надзор од чуварска служба. Во однос на објектите на кражба, најчесто избираат полесно пристапни објекти, каде ќе можат полесно да влезат, да извршат провала и кражба и полесно и побрзо да избегаат без да бидат видени.[50]

### *1.2.2. Место и простор на извршување на тешки кражби (locus i radius operandi)*

Од страна на искусни сторители повеќе се извршуваат тешки краби во урбаните средини и нивните предградија со цел да ги избегнат деловите во градот со повеќе жители, но и покрај тоа се извршуваат тешки кражби и во градска густа средина. Имаме провални кражби во куќи, станови, викендици, продавници, магацини и деловни простории, училишта, туристички објекти, цркви и манастири итн.

Провалниците имаат сложена работа при одредени криминални ситуации, од дворовите на побогатите градски куќи се крадат предмети кои се чуваат обезбедени во помошни простории каде треба да употребат сила и алати и вештина, но и покрај тоа од страна на искусни провалници се извршуваат провални кражби во куќи, станови, викендици, трафики, помошни простории и сл.

Сторителите на имотните деликти, посебно тие со насилен карактер се подвижни и се јавуваат како сторители не само во нивното место на живеење, туку криминално делуваат и во околните места, но и подалеку.

---

[50] Vodinelić V., *Kriminalistika,* Savremena administacija, Beograd, 1978, str. 153.

### 1.2.3. Средства на извршување кај тешките кражби – instrumentum operandi

Најчести средства кои се користат за овој вид кражба се: штрафцигер, клешти, француски клуч, чекан, секира, специјални клучеви, дупликат клучеви, железна прачка која најчесто служи за поткревање и друг вид на алат, специјални направи за отклучување на цилиндрични брави како што се: игла, чешел,змија и слично. Со овие, средства се врши провалата. Според мое искуство освен што се чести овие тешки кражби во градот Охрид, најчесто се пријавени случаеви на провални кражби со средства како што се секири, клешти, штрафцигери и други мали алати кои се неприметливи за луѓето во околината.

### 1.2.4. Личност на сторител – провалник

Сторителите наречени аматерите се почетници кои не се доволно искусни односно стручни за вршење на кражби. Тие најчесто почнуваат од извршување на полесни кривични дела, па со тек на време се усовршуваат до професионалци. Провалниците се вид на професионални извршители на кривични дела, специјализирани за вршење на провални кражби. Тие обично се ладнокрвни и дрски во вршење на тешките кражби.

Личноста на извршителите на провални кражби би го поделил на:

- Професионални стручни - обучени извршител со стекнати стручни познавања од порано, дали преку завршено средно занаетчиско училиште или стекнување на познавања од обуки како, бравар, клучар, магационер, ѕидар и сл..
- Професионален нестручен извршител кој нема доволно познавање или техники за провалување и на отварање на затворени простории. Тие провалувањето го изведуваат на многу вложена сила и тешкотии која се изразува со кршење, демолирање и сл., пример тоа е истакнато кај корисници на опојни дроги, лица кои се коцкат или кои се во долгови.

Карактеристични особини на искусен провалник може да бидат:

- Техничка компетентност.
- Одржување на личниот интегритет.
- Специјализација во извршување на тешки кражби.
- Задоволен  од успехот и
- Способност да се избегне за да не биде откриен.

## 1.3. Криминалистички карактеристики на кривичните дела „Разбојништво“ по Член 237 и „Разбојничка кражба “ од Член 238 од  КЗ

### *1.3.1. Начин и време на извршување (modus i tempus operandi) на разбојништва и разбојнички кражби*

Постојат повеќе начини на вршење на разбојништвото. Тука спаѓаат напад со огнено оружје над лица, најчесто е напад на лица за кои се знае дека во себе носат финансиски средства, напад над вработени во банки, менувачници, златари, продавници и маркети, поголеми трговски центри итн. Според начинот на извршување разбојништвата се карактеризираат според тоа каква сила или насилство се применува при совладувањето на жртвата, дали се користи физичка или психичка сила или се врши одреден вид на насилство. Во суштина разбојништвото е брутално кривично дело кое на жртвата или оштетениот му нанесува телесна болка, душевна болка и имотна штета. Во одредени криминални ситуации жртвите трпат поголеми телесни или душевни болки и страв од самата материјална штета.[51]

Начинот на извршување на кражбата бара осаменост, отсутност на оштетениот и сите други лица, крадецот го зема предметот и бега, а разбојникот наспроти тоа, врши насилство се заканува, а потоа краде. Силата како облик на закана може да се јави во два вида, а тоа се:  апсолутна сила и компулзивна сила. Апсолутната сила (vis absoluta) постои кога притисокот спрема оштетениот во целост го оневозможува да се спротивстави согласно неговата волја, така што сите телесни движења му се ограничени од страна на

[51] Николоска С., *оп. цит.,*  стр. 129.

сторителот. Компулзивната или релативната сила (vis compulsiva) постои кога лицето има способност за одлучување, но неговата одлука да презема дејства на кривично дело е изнудена. [52]

Кога се зборува за начинот на извршување треба да се анализира начинот на совладување на жртвата, а потоа начинот на одземање на тужиот подвижен предмет и секако при анализа треба да се утврди и двојната последица, последицата по животот и телото на жртвата и материјалната штета од кражбата.

Разбојниците се служат најчесто со оние средства кои им се при рака, доколку подолго време предвидуваат вакво криминално дело тие се спремаат, анализираат ситуација, набавуваат оружје или други средства за присилба, но користат и физичка сила и вештини. Во одредени ситуации користат и предмети од непосредната околина. Но, при разбојништва во финансиски институции користат и опрема за заштита на нивниот физички изглед, како што се марами, фантомки и сл.

Времето на извршување на разбојништвата е поврзано со објектот на криминален напад, начинот и средствата кои се планирани за користење. Во зависност од објектот на криминален напад тие може да бидат извршени во денски или ноќни услови, но и во определен дел од денот или ноќта. Во одредени ситуации разбојниците користат и методи на пратење на објектот на криминален напад, а времетраењето на самиот криминален напад е доста краток од неколку секунди до неколку минути, но во одредени случаи каде постои изживување спрема жртвите криминалниот напад е и со подолг временски период. Времето на извршување на разбојништвото е различно, доколку разбојниците се професионалци тоа ќе го сторат за краток временски период но доколку се аматери тоа го прават по незначително подолго време.

Времето кога разбојниците извршуваат напад е во зависност од тоа дали се работи за професионалци организирани во криминални групи или тоа го прават поединци или од местото каде се извршува делото ако е во продавница, менувачница или банка тоа е во денски услови кога тие работат и во нив има некој од вработените, но може и во ноќно време, но тогаш се напаѓаат лица кои ги обезбедуваат.

---

[52] Стојановић З. и Перић О., *Кривично право, Посебни део*, Београд, 2000, стр. 260 – 262.

### *1.3.2 Место и простор на извршување (locus i radius operandi) на разбојништва и разбојнички кражби*

Местото на вршење на разбојништво може да се случи буквално секаде на територијата, во златара, продавница маркет трговски центар, станови, куќи, викендици итн. Разбојниците ги одбираат местата каде што напаѓаат - најчесто на паркинг - плацови, на пешачки зони, во паркови, во шуми, на местата за одмор (на пр., клупи во парковите), а жртви на нападите можат да бидат и велосипедисти и моторциклисти. Карактеристично за уличните разбојништва е нивното брзо одвивање, користењето на одредени вештини за совладување на жртвите, совладување на жртвите со препад и со мали физички удари, односно потуркувања или само со покажување и вперување на огнено или ладно оружје.[53]

Местото на извршување може да биде поврзано и со личноста на сторителот едни напаѓаат на отворен простор на улица, во парк, но професионалните сторители најчесто напаѓаат во финансиски институции – банки, менувачници,клуб казина и сл. Но, професионалните сторители напаѓаат и жртви во нивните домови по претходно проучување на жртвите и тоа се најчесто стари и изнемоштени лица кои не се способни да им пружат отпор.

### *1.3.3. Средства на извршување (instrumentum operandi) кај разбојништва и разбојнички кражби*

Разбојниците своите криминални напади претходно добро планирани и со коии средства ќе , ги реализираат, зависи од криминалниот објект и лице, дали тоа ќе биде во затворен простор како куќа, стан, менувачница, кладилница и сл. или во отворен простор како паркови, улици и сл. Според тоа ги планираат и срествата за извршување кои се речиси слични кај разбоништвото и кај разбојничката кражба како видови на оружја пиштол, автоматска пушка, ладно оружје ножеви, специјални направи - опасни орудија за бодење и нанесување на сериозни повреди, шок бомби, разновидни спрејови кои создаваат гушење и повремено губење на видот и слично.

[53] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 136.

Разбојничката кражба му претходи на принудата или насилството, се применува временски подоцна,  но се карактеризираат со тоа што е извршена на едно место а насилството за задржување на предметот може и не мора да биде на истото место ако сторителот - крадец побегне, а биде гонет од оштетениот во моментот на „борба“ за задржување или поврат на предметот се довршува ова сложено кривично дело. Може да се изврши со опасни орудија, оружје итн. За заштита на нивното лице  користат и фантоки.

### *1.3.4  Личност на сторител - разбојник*

Личноста на сторителот на кривичното дело, односно разбојникот - е значајна криминалистичка карактеристика. Од самиот чин на дознавањето за извршеното кривично дело, оперативецот селектира лица против кои има индиции дека тие се можни сторители, а соодветно на тоа поставува и можни оперативни верзии. Сторителите на разбојништва се аматери и професионалци, но во зависност и од самиот криминален напад може да се анализира профилот на сторителот. Најчесто тоа се ладнокрвни и пресметливи сторители кои делата ги прават со умисла, агресивни со изразита бруталност, речиси бесчуствителна личност подготвен да нанесе физичка болка дури и да посегне по животот на жртвите за да ја постигне неговата цел.

## 1.4. Криминалистички карактеристики на кривичните дела „Изнуда“  од Член 258  и „Уцена“ од Член 259 од  КЗ

### *1.4.1  Начин и време на извршување (modus i tempus operandi)  на изнуди и уцени*

Изнудата како насилно и имотно кривично дело може да биде поединечен криминален акт извршен од страна на едно лице во пригодна ситуација, но се почесто ова дело се врши од страна на помали или поголеми криминално организирани групи. Поопасни се криминалните групи или банди кои имаат свои називи и се занимаваат со поопасни форми на изнуди и вршење на други имотни и насилни кривични дела. Изнудувачите дејствуваат на неколку начини кои ги применуваат на подолг временски период, а степенот

на сила го засилуваат и применуваат поголема сила со  физички пресметки, експлозивни направи, предизвикуваат тепачки во локали, некогаш грабнуваат и деца и на тој начин укажуваат на својата готовност да применуваат насилства се додека не ги добијат бараните пари или тоа што го бараат од изнудуваните лица.

Изнудата најчесто се врши на тој начин што сторителите на одредено лице што ќе биде жртва, му пишуваат писмо или преку електронска форма или на друг начин му се закануваат дека ќе му го запалат автомобилот или деловниот простор, дека ќе му го киднапираат детето од улица и слично ако не го направи тоа што се бара од него, обично се бараат одредени суми на пари.

Изнудата се врши на два начина:

- Директно изнудување (кога изнудувачот лично и самостојно ги упатува заканите и бара одредена сума на пари) и
- Индиректно изнудување кога сторителите се организирани во група и со поставени улоги на вршење на инзудата према одредена личност и имаат индиректен начин на упатување на заканите и барањата како пример: преку лажен профил на социјалните мрежи, преку телефонски разговор, преку лице кој е пренесувач на заканите.

Наведуваме неколку видови на изнуди според класификацијата на Ангелевски, а тоа се следниве:

- Изнуди со кои од позната жртва непознат сторител директно или индиректно се заканува дека ќе употреби сила или насилство, доколку не му исплатат одреден паричен износ.
- Присила на наплата на долгови.
- Изнудување на пари  за заштита на лица и на објекти[54]

Времето на извршување на изнудата е различно, доколлку изнудувачите  се професионалци тоа ќе го сторат на брз и  професионален начин и за краток временски период но доколку се аматери тоа го прават по бавно и во  подолго време

Според начинот на извршување (modus operandi),  уцената може да биде:

[54] Николоска С. *,оп. цит.*, стр. 142.

- Непосредно или посредно уценување на жртви чиишто тајни (од интимниот, семејниот, деловниот, општествениот живот) сторителот случајно ги дознал и истите ги искористил за вршење на криминален напад.
- Непосредно или посредно уценување со намерно конструирање невистини кои оштетениот не може документирано да ги демантира во јавноста.
- Непосредно уценување со однапред избрана погодна жртва со намерно конструирање и документирање на експлицитна компромитирачка сцена што во јавноста не може да се демантира.[55]

Исто така може да потенцираме дека според начинот на комуницирање на уценувачот со жртвата, уцената може да биде **директна,** по тоа што тие од претодно се познаваат, биле во некоја врска а во случај кога не се познаваат уценувачот може да побара **средба** каде уценувачот директно ќе се заканува со компромитирачкиот материјал што го поседува и **индиректна** преку телефон или други електронски уреди за комуникација.

Времето на извршување на уцената е во зависнот на сторителот може да биде по собирањето  на потребниот материјал, а може и по недобивањето на одредените услуги, веднаш настапуваат со вршење на уценувањето.

### *1.4.2. Средства на извршување (instrumentum operandi) кај изнуда и уцена.*

Изнудувачите дејствуваат на начини кои ги преминуваат во подолг временски период или ги менуваат во зависност од тоа која сума на изнуда е планирано, затоа знаат често да ги менуваат и срествата на извршување. Изнудувачите најчесто упатуваат закани, а доколку подолго време предвидуваат вакво криминално дело тие користати физичка сила, тешки направи и слично, видови на огнено и ладно оружје, експозивни и запаливи средства, а кај извршителите на кривичното дело уцена најчести се компромитирачки материјали, снимање, обработување на тонски или видео материјали со монтирање на слики  и снимки кои може да бидат искористени од страна на уценувачите.

[55] Николоска С. ,*оп. цит.*, стр. 231.

### *1.4.3. Личност на сторител - изнудувач*

Изнудувачите се физички јаки лица познати како „билдери“ со криминално минато и со криминално искуство во вршење на имотни или насилни деликти, присутни се и во полициските досиеа, така што воопшто не е тешко да бидат идентификувани од страна на полицијата.[56]

Изнудувачите се познати на населението во одредено подрачје затоа што тие се предизвикувачи на тепачки, нарушувачии на јавниот ред и мир, за ситни работи упатуваат закани, често преминуваат од една во друга агенција за обезбедување на лица и имот. Често пати се случува од страна на полиција во нивните возила да пронајдат безбол палки, расклопливи палки, ножеви и железни боксеви, кантичиња со уље и бензини.

Личноста на сторителот на кривичното дело изнуда - е пред се човек кој на нелегален начин преку разновидни закани се обидува до дојде до пари или предмети кои му се потребни.

### 1.4.4. *Личност на сторител - уценувач*

Личноста на сторителот на кривичното дело уцена односно уценувачот - е многу битна, уценувачите се такви личности што очекуваат лесно со лажни материјали да добијат големи парични средства или вредни предмети. Уценувачот настојува да го упореби и искористи познавањето и информациите кои претствуваат туѓа тајна со цел, да се постигне имотна корист. Личноста уценувач е речиси позната личност на уценуваната личост, затоа што тој - уценувачот, многу добро ги познава околностите, начинот на живеење и карактерот на жртвата, затоа и пристапува со полесна форма на уценување како почетна. Тие би можеле да бидат поранешен брачен или љубовен пар, поранешна девојка, вработени во иста фирма и сл.

Овие личности се закануваат со компромитирање, обично се закануваат на друго лице дека за него или за нему блиско лице ќе објават или откријат нешто што би наштетило

---

[56] Николоска С. ,*оп. цит*., стр. 225.

на честа и угледот на уценуцаните (жртвите), обично станува збор за изнесување податоци од личниот живот на некое лице како вонбрачни врски и сл. Исто така, се пристапува со такви материјали и према познати личности како политичари, бизнисмени, градоначалници и сл.

## 1.5. Криминална ситуација кај имотните деликти

Под поимот криминална ситуација се подразбира целокупната ситуација на извршување на кривичното дело, односно сите околности под кои е тоа извршено. Овде би ги набројале елементите што се однесуваат на: територијалните, климатските, демографските и други специфичности, како и сите други околности и услови на местото и на времето на извршувањето на деликтот. Целокупната состојба на условите кои биле, или не биле во прилог, во однос на извршувањето на кривичното дело, ја претставува криминалната ситуација како каректеристика на кривичното дело.

### *1.5.1. Криминална ситуација кај кражби*

Со своите неисцрпни и многукратни облици, кражбата претставува најбројно кривично дело и најмасовно секојдневно извршувано кд кое е извршувано од сторители од најмала возраст-малолетници па се до возраст од поодминати години[57].

Една од причините за ова, покрај мотивот, лежи во извонредно честата прилика, било неа крадецот да ја издемне, створи или пак, таа неочекувано да настане со искористување згодна прилика околност на отворена влезна врата при што крадците најчесто крадат предмети од претсобјата или другите простории каде незабележано влегуваат. Како тактика користат наводно питачење па го користат моментот на невнимание за да го присвојат тоа што им е на дофат на рацете. Друг начин на вршење кражби е со претставување на крадците како бајачи, гледачи кои користат момент на невнимание и крадат предмети. Како начин на вршење на кражба е и претставување на крадците како контролори на броила за потрошена

[57] Николоска, С., *оп. цит.* ,стр. 56.

електрична енергија, вода па крадат од простириите каде што се сместени броилата или од претсобјето. Во пракса се исто така регистрирани голем број на кражбе извршени од гости повикани во домот или од лица кои ги користат посетите по повод одредени празници и крадат вредни предмети од просториите каде престојуваат пример од фиоки во дневните соби, предмети од шанковите итн. Исто така кражбите може да се вршат континуирано во подолг временски период со поткраднување по мал износ или вредни предмети кои сопствениците не ги користат често. Кражбите во продавници се вршат кога тие се отворени и се вршат во згодна околност со користење на невниманието на вработените или мешаницата во продавницата.

### *1.5.2 Криминална ситуација кај тешките кражби*

Провалната кражба на домови, објекти, претпријатија вклучува насилно кршење, влегување и одземање на добра од имотот. Сето тоа се случува во определен дел од денот или ноќта во определен месец од годината. Извршителите на кривичното дело избираат најпогодно време за да го извршат делото, а се со цел да не бидат видени од очевидци и да не бидат забележани од околината. Па во однос на тоа делото најчесто го извршуваат ноќе за да ја искористат темнината и полесно да го одземат објектот на кражбата. Доколку извршуваат провала на каси, најчесто тоа го прават ноќно време, не само поради тешкотијата да бидат забележани, туку и поради тоа што во објектот нема раздвиженост на вработени лица, само во определени исклучоци кога има надзор од чуварска служба. Во однос на објектите на кражба, најчесто избираат полесно пристапни објекти, каде ќе можат полесно да влезат, да извршат провала и кражба и полесно и побрзо да избегаат без да бидат видени.[58]

[58] https://eprints.ugd.edu.mk/18099/1/Magisterska%20-%20Elena%20Arsova.pdf

### *1.5.3 Криминална ситуација кај разбојништва и разбојнички кражби*

Криминалните ситуации може да бидат едноставни со напад над жртва во движење од страна на само еден сторител и сложени кај организираните криминални групи кои имаат претходен план на напад. Разбојниците одбираат погоден момет за влегување во куќа или објект во кој ќе извршат напад или разбојништво, ги имаат во предвид сите околности пример: ако е во прашање куќа ги имаат во предвид околностите на сопствениците кога се дома, кога испаѓаат, дали преку употреба на оружје и закана ќе го добијат тоа што го бараат, го бираат времето на криминален напад кога во куќите има стари лица или кога сопствениците спијат. Разбојниците се маскираат со капи на главите и лицето со цел да не бидат препознаени,ако дејствуваат во група тогаш внимаваат и на комуникацијата за да не бидат препознаени по гласот.При влегување користат техника на отварање на врати  или ако од порано имаат план за влегување на полесен начин тоа и ќе го користат со цел да не предизвикат поголема бучава, со нив имаат  ладно или огнено оружјепреку кое укажуваат заканата и сериозност во вршење на делото.Тие се опремени со средства за закана или орудија за примена на сила и совладување на оштетените од кои се чека отпор.Дрски се со нивните постапки на изведување на делото а ако бидат затечени при одземање на вредни предмети со цел да ги задржаат одзмените предмети се закануваат дека ќе употребат оружје.

### *1.5.4.  Криминална ситуација кај изнуда и уцена*

Криминална ситуација кај изнуда претставува преовладување на  мотивот за стекнување на противправна имотна корист. На овие лица им се закануваат со сила, присилно им се одзема автомобил или други возила, потоа и други подвижени предмети како скапи часовници и златни предмети.

Уценувачите користат средства за обезбедување на компромитирачки материјал на различни начини со користење на повеќе технички средства преку кои се обезбедуваат видео и тонски записи.

## 1.6. Траги кај кривични дела против имотот

Една од битните алки на системот на криминалистичките каректеристики на кривичните дела претставуваат и трагите од извршеното кривичното дело. Трагата е од материјална природа која настанува како резултат на заемното дејствување кое се случило при некој настан или во врска со некој настан, а во себе содржи елементи кои овозможуваат да се утврди неговото потекло, односно да се идентификува неговиот предизвикувач.

Според Јовановиќ К. „под трага на кривичното дело во криминалистиката се подразбира секоја видлива или со голо око невидлива материјална промена, настаната на лице место, на жртвата или на сторителот, во врска или во ситуација на извршување на кривичното дело .„ Од самата дефиниција за трагите може да се извлече заклучок за местата на нивното пронаоѓање, а тоа се: местото на извршувањето на кривичното дело, сторителот и жртвата. Многу важно за трагите е да се потенцира нивната важност и да се истакне нивната вредност во кривичната постапка бидејки нивната вредност зависи од нивната подобност за откривањето на кривичното дело, како и за откривањето на сторителот. За да може трагите да послужат за таа цел, треба да се доведат во врска со кривичното дело.[59]

Трагите се делат на:

- Траги на местото на настанот.
- Траги на осомничениот (извршителот на КД).
- Траги на жртвата.

Во однос на фазите во кои можат да настанат трагите, се разликуваат:[60]

- Траги кои настанале во фазата на подготвување на кривичното дело.
- Траги кои настанале во фазата на извршувањето на кривичното дело
- Траги кои настанале по извршувањето на кривичното дело.

---

[59] Кривокапиќ В., *Криминалистичка тактика*, 1982, стр. 223.
[60] Водинелиќ В.**,** *Криминалистика,* Савремена администрација, Београд, 1985, стр. 153.

Во зависност од начинот и средствата на извршување кај кривичните дела кај насилниот имотен криминал,  во зависност од кое кривично дело се работи, најчесто постојат следниве траги кои потекнуваат од сторителот:

- Траги од папиларни линии.
- Траги од стопала.
- Траги од дланки.
- Траги од крв.
- Траги од измет и други излачевини.
- Траги од плунка.
- Траги од нокти.
- Траги од мирис и пот.

Останатите траги можат да бидат траги од средствата на извршување, возила, земја и прашина, боја и лак, стакло, облека и влакна, а во одредени случаи постојат и одредени предмети кои потекнуваат од сторителот, како на пример: догорче од цигари, кибрит, капа, фантомка, шал, марама и слично.

Криминалистичко - оперативното користење на пронајдените траги и предмети, утврдените други факти и околности и собраните оперативни информации овозможуваат правилно користење на индицијалниот метод на докажување.

### 1.6.1. *Траги кај кражби*

Откривањето а особено докажувањето на кд кражба особено на џебните кражби е доста тешко бидејќи тука нема никакви траги. Џебната кражба може да се докаже единствено ако џепчијата е фатен на дело, ако кај него се пронајде паричникот или каков бил друг украден предмет. Откривањето на кражбите започнува со добивањето на првичните информации дека е сторено кривичното дело. Најчесто информации за стореното кд кражба се добиваат преку оштетен, сведок, медиуми, полициски-оперативна работа итн. За расветлување на кражбите битни се мос евиденциите, евиденциите на веќе познати сторители нивното движење на пример на пазари, казина, обложувалници, средби со локални криминалци итн. Обезбедените материјални докази се вештачат, а тоа се трагите

од папиларни линии, трагите од стапала, предмети од крадците паднати на местото на настанот итн. Се случува при расветлување на една кражба да се откријат погодни материјални траги со кои се расветлува цела серија на веќе извршени кражби.

### *1.6.2. Траги кај тешките кражби*

Кај провалните кражби во станови, продавници и магацини, возила, гардероби, автомати, касети, сефови, челични ормани и каси, сторителот најпрво треба да ја совлада бравата. Бравите можат да бидат многу различни по вид и конструкција, затоа и начинот на нивното неовластено отварање, разбивање и совладување ќе биде различен. Без оглед дали бравата е совладана со примена на груба сила или со соодветна вештина, во секој случај при тоа остануваат корисни траги, кои многустрано придонесуваат за пронаоѓање на провалникот. Секогаш кога при извршување на кривично дело се употребува некое орудие, тоа остава на бравата и на нејзината внатрешност свои траги, па според нивната положба, големина и облик, можат да се создаваат визии за видот на употребеното орудие, што многу го олеснува прибирањето на материјалите за споредување. Од друга страна со стручно проучување на насилно отворена брава, може да се заклучи дали сторителот е специјалист од таа струка или заради одредени прилики се одлучил за одреден начин на извршување, што овозможува да се одреди и да се стесни кругот на сомнителните. Мораме да констатираме дека ниту една брава не е апсолутно сигурна.

### *1.6.3. Траги кај разбојништво и разбојничка кражба*

Кај овие кривични дела со внимателно прегледување и пребарување на теренот по широко, можат да се пронајдат траги и предмети кои што потекнуваат од извршителите како на пример: отпечатоци од прсти, траги од нозе, траги од превозни срества и сл. Обично се случува да разбојниците на местото на настанот заборавааат или губат од возбуда и брзо делување нивни предмети како капа, фантомка, шал, ракавици и др.

За успешно водење на полициска истрага секој ситен предмет и детали се битни да се подигаат од лице место за понатамошна постапка.

### *1.6.4. Траги кај изнуда и уцена*

Во оперативната работа полицијата од оперативни извори е иноформирана за случај на изнудувања и во зависност од степнот на сомненија, се применуваат и посебни истражни мерки, како што се: прислушување, селедење на електронските пораки, обележување на парите за „откуп“ и инволвирање на полициски извидувач. Овие случаи се завршуваат со оперативни акции кои се добро планирани со поставен систем на следење (електронско) и физичко следење, пречекување, легитимирање и апсење.[61]

Во една ефикасна полициска работа за прибирање на доказен материјал од извршена уцена би било подигањето на предметите кои се користени за вршење на уценета како: копромитирачки материјал, користењето технички сретства, дигитални апарати, телефони, камери и копромитирачки материјали како слики, видео снимки, писма, пораки и сл.

## 1.7. Спроведување на увид на место на криминален настан

Под увид се подразбира истражно, т.е. судско дејствие, чија содржина се состои од непосредно сетило запазување, утврдување и разјаснување на поедини околности и факти кои се од значање за постапката во одреден кривичен случај.[62]

Увидот претставува истражно дејствие чија содржина е непосредно, сетилно запазување, утврдување и разјаснување на одредени околностии факти кои се значајни за постапката во одделен кривичен настан.[63]

Увидот спаѓа во оние кривично - процесни и криминалистички дејствија со чија помош на точен и објективен начин можат да се утврдат фактите кои се во врска со

[61] Николоска С. , *оп. цит*., стр., 226.
[62] Водинелиќ,В., *Криминалистика,* Белград, 1987, стр. 375.
[63] Малиш, Саздовска, М., и Николовски, М., *Криминалистичка тактика 2,* Скопје, 2018, стр. 56.

кривичното дело, последиците врз оштетениот, откривање на кривичното дело, откривање на сторителите доколку не се познати и др.

Околностите и фактите кои се откриваат со помош на увидот можат да бидат разновидни, во зависност од случајот, сепак увидот се превзема со цел:

- Да се утврди дали постои или не, кривично дело.
- Да се утврди видот на кривичното дело.
- Да се пронајдат и утврдат доказите.
- Контрола на доказите со кои веќе се располага.
- Да се пронајде жртвата и да се утврди нејзиниот идентитет.
- Да се утврди видот и големината на штетата предизвикана со кривичното дело.
- Да се утврдат битни елементи поврзани со кривилното дело (место, време, начин, мотив, средства итн.).
- Да се утврдат индициите врз основа на кои би се идентификувале и пронашле извршителите на кривичното дело и евентуалните соучесници.
- Да се откријат, обезбедат и фиксираат сите траги и предмети најдени на место на криминалниот настан.

Сите овие претходно спомнати цели поради кои се презема увидот, се постигнуваат преку:

- Преглед на местото во целина.
- Преглед на нападнатиот објект и останатоте предмети на кривичното дело.
- Преглед на трагите на местото на настанот.
- Оперативно распрашување на граѓаните и оштетениот, сослушување на сведоците доколку ги има.
- Разговор со осомничениот или негово испитување, доколку е затечен на местото на настанот.[64]

По добивањето информација за кривичен настан, потребно е преземање на збир од мерки и активности со цел обезбедување докази и пронаоѓање на сторителот. Во таа насока

[64] Котески М., *Криминалистичка тактика 2*, Скопје, 2009, стр. 96.

е и постапувањето според  начелата на оперативност и на брзина на постапување, односно преземањето  мерки за одреден профил.[65]

По претходна пријава за сторено кривично дело во областа на насилните имотни кривични дела од страна на полициски службеници од униформа се испаѓа на лице место и откако ќе се утврди за кое кривично дело станува збор полициските службеници во униформа остануваат на лице место за обезбедување на местото на настанот и утвдување на идентитетото на затекнатите лице. Потоа се запознава за околностите на лице местото на криминалниот настан полицискиот службеник од криминалистичката полиција – инспектор за превземање на понатамошна постапка. Полицискиот службеник инспектор во состав од инпектори од ОКТУПА (Отсек за криминалистичко - технички  увиди и прелиминарни анализи) испаѓа на лице место поради вршење на увид. Телефонски се известува пред почетокот на вршењето на увид откако ќе се врши визуелен преглед од криминалниот настан од страна на инепекторот надлежен за вршење на увид се известува дежурниот Јавен Обвинител и се запознава за криминалната ситуација од лице местото. Дежурниот Јавен Обвинител ако не излегува на лице место го овластува инпекторот за понатапошна постапка односно за вршење на увидот.

Брзото излегување  на самото место овозможува обезбедување на лицата на кои им се познати одредени факти и околности за кривичниот настан, односно за начинот и за текот на криичното дело, а со разговор со нив може да се дојде  до корисни информации.За разјаснување на кривичните дела брзото криминалистичко постапување ги оневозможува сторителите во уништувањето на доказите, во прикривање на реалната фактичка ситуација или во спречување на постапката.[66]

Полицискиот службеник инспектор во состав со увидната екипа  потребно е потполно да владеат со техниката, тактиката и методиката на пронаоѓање на траги и нивно соодветно погигање и обезбедување за анализи. Увидната екипа е составена од инспектор - раководител на увидот, инспектор по криминалистичка техника, криминалистички техничар, вештак доколку е потребно и фотограф. Составот на увидната екипа е доколку на лице место не излегува дежурен Јавен Обвинител, во случај да излегува на лице место

[65] Малиш Саздовска М. и Николовски М., *оп. цит.*,  стр. 56.
[66] Малиш Саздовска М. и Николовски М., *оп. цит.*, стр. 56.

дежурен Јавен Обвинител со вршење на увидот односно со целокупната ситуација раководи Јавниот Обвинител, а увидната екипа останува иста.

При вршење на увидот полицискиот службеник инспектор, најверќе посветува внимателност во пронаоѓање, фиксирање и собирање на сите предмети и траги, проучување на околностите на извршување на кривичното дело и формирање на круг на осомничени или откривање на сторителите на кривичното дело.

За цело време, вршењето на увидот треба да биде спроведено внимателно, педантно и без препуштање на деталите. Притоа се почитува начелото на итност, бидејќи на тој начин сторителот се оневозможува да избега од земјата, да ги сокрије или уништи доказите и предметите од кривичното дело, да најде лажни сведоци и сл. Доколку се одолговлекува излегувањето на местото на настанот и вршењето на увид, можно е да дојде до значителни промени на местото, под дејство на атмосферски и други влијанија, или можно е намерно или ненамерно уништување на трагите. Како дел од криминалистичката обработка, обезбедувањето на местото на настанот започнува од моментот на пристигнувањето на службените лица и трае се до завршување на увидот. Обезбедувањето на местото на настанот подразбира преземање на активности кои имаат за цел зачувување на затечената ситуација се до пристигнувањето на увидната екипа. Во тој период треба да се спречи делумно или целосно уништување на постоните предмети и траги, промена на нивната положба и меѓусебен распоред, односно спречување и предизвикување контаминација на постојните траги.

Први излегуваат на повик на местото на настанот полициски службеници, пожарникари или персонал за итна медицинска помош. Тие се единствените луѓе што го гледаат местото на настанот во неговата првобитна состојба. Нивните дејствија на местото на настанот овозможуваат основа за успешно или неуспешно решавање на истрагата и целосно расветлување на случајот. По пристигнувањето треба што е можно побрзо да се започне со мерки за обезбедување на местото на настанот. Како средства за обезбедување на местото може да послужат какво било материјални препреки, како што се возило, јажиња или ленти што се овозможуваат заштита на местото на настанот. По обезбедување на

местото на настанот, се пристапува кон прегледот на местото на кривичниот настан.[67] Потоа од страна на стручна екипа (криминалистички техничари, јавен обвинител, инспектори од соодветна област), се почнува со вршење на увид преземајќи активности како што се: надблудување, обележување, фотографирање, документирање, подигање, скицирање, пакување на траги и предмети и нивно вештачење.[68]

За сите превземени овластувања полицискиот службеник – инспектор изготвува писмен документ - записник за вршење на увид кој со сите други прилози (службени белешки, записници, предмети,траги, скици, фотографии) и кривичната пријава се доставуваат до Основно Јавно Обвинителство.

Записникот за вршење на увид на лице место се составува од:

*Воведен дел*: каде се запишуваат називот на органот кој го вршел увидот и основата врз која го вршел поради кое дело, податоци за местото, време  на увидот и околностите, име и презиме на оштетениот и име и презиме на службените лица.

*Описен дел*: во описниот дел се внесуваат сите утврдени факти, во овој дел не смее да се внесуваат субјективни податоци како изјави на лица, не смее ништо да се менува, брише или додава.

*Завршен дел*: во овој дел од записникот се запишуваат времето кога е завршен увидот, потпис на лицето кое го вршел увидот и потпис на записничарот.

[67] Малиш Саздовска М. и Николовски М., *оп. цит.*, стр. 57.
[68] Вештачењето претставува процесна форма низ која нај непосредно се остварува идејата за научен доказ и има големо значење во постапката за откривање на кривичните дела, според кигата на Малиш Саздовска М. и Николовски М., *оп. цит.*, стр. 55.

## ЧЕТВРТ ДЕЛ

## ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

## 1. ПРЕВЕНЦИЈА НА ИМОТНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

### 1.1. Дефинирање на поимот превенција

Кога станува збор за **дефинирање на поимот превенција**[69], не постои единствен пристап, ниту единствена дефиниција. Сепак, едногласен е ставот дека постојат практични и теоретски причини превенцијата и репресијата појмовно и терминолошки да се раздвојат и да се спротивстават, односно терминот превенција да се врзе исклучиво за акција која е насочена кон отстранување на причините на криминалното однесување, а терминот репресија за акција која се занимава со последиците на криминалитетот со примена на средства на принуда и контрола. Но, не е секое занимавање со последиците репресивно. Станува збор за превентивното дејство на кривичните санкции (генерална и специјална превенција), иако одредени автори ја исклучуваат превентивната улога на казненоправниот систем.

Во основа, под превенција се подразбираат две работи: прво, превенција значи интервенција, да делуваш превентивно значи, да интервенираш на одреден начин и со одредени средства. Меѓутоа, клучниот момент на определување на терминот превенција е содржан префиксот ПРЕ, што значи пред манифестирање на одредени непожелни појави. Превенцијата на криминал опфаќа не само практики на казнено-правниот систем, туку и практики на многу други општествени и социјални политики, како и на граѓанското општество.

За сеопфатно сфаќање на поимот ќе ја цитираме дефиницијата наведена во Одлуката на Европската Унија за воспоставување Европска мрежа за превенција на криминалитет (Council decision of 28 May 2001 setting up a European crime prevention network): „*превенцијата на криминал ги покрива сите мерки кои имаат намера да придонесат да го намалат криминалот и чувството на граѓаните на несигурност, квантитативно и квалитативно, преку директни активности на одвраќање од криминал или преку политики*

---

[69] Lat. Praevenire = спречување на нешто несакано Клајиќ В., *Речник страних ријечи*, Загреб, 1978, стр. 10 - 86

*и интервенции кои се дизајнирани да го редуцираат потенцијалот и причините за криминал. Тоа вклучува активности на владата, компетентните служби, казненоправниот систем, локалните власти и специјализираните организации, приватниот и волонтерскиот сектор, истражувачите и јавноста, поддржани од медиумите„.*

Значи, п**од поимот превенција**[70] се подразбира употреба на сите мерки и средства за мобилизација на поединците, општествените групи, организации и институции насочени кон спречување на оние појави кои не се во согласност со кривичното законодавство, а кои по својата суштина нанесуваат штета на поединците, општествените групи или на општеството во целина.

## 1.2. Превенција кај имотниот криминалитет

За превенција на имотниот криминалитет потребно е подигнување на безбедносната култура кај граѓаните, укажување на пропустите кои ги чинат при преземање мерки за заштита на имотот, со давање на совети преку средствата за информирање, потенцирањето на потребата за различни надворешни безбедносни уреди (камери, аларми) со назначување на нивните недостатоци, од страна на полицијата преку организирани разговори, како и целосно безбедносно покривање на локалитетите каде се вршат или се очекува зачестено вршење на имотни кривични дела.

*Проект1:„Да се заштитиме од кражби“ е превентивниот проект што СВР Охрид отпочна да го реализира преку велосипедската полициска патрола и одделението за превенција. Целта е подобрување на општата безбедносна состојба но и навремена превенција на граѓаните од сите безбедносни ризици поврзани со кражби по плажи, куќи и станови, кражби од возила, кражби во згодна прилика и други имотни деликти. Во рамките на проектот, полициските службеници-велосипедисти се во постојана комуникација со граѓаните во централното градско подрачје а посебно на плажите, со угостителите како и со одговорните на паркиралиштата. Спречете дрска кражба, внимавајте на паричникот, чувајте го мобилниот, заштитете го вашиот автомобил, се*

[70] Бачановиќ, О., *Спречување на страдања односно превенција*, превод на труд од Шепаровиќ, З., скрипта за интерна употреба

*само дел од предупредувањата и советите, што полицајците-велосипедисти им ги пренесуваат на туристите по плажите, делејќи им едукативни флаери.*

*Покрај во превентивните, велосипедската полициска патрола е активно вклучена и во репресивните мерки насочени кон реализација на кражби, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и приведување на сторители на разни казнени дела по плажите и паркинзите како и во централното градско подрачје. Велосипедистите-полицајци се активни и на реализација на мерките за одржување на јавниот ред и мир.* [71]

## 1.3. Планирање на превенцијата

На VI конгрес на ОН за превенција на криминалитетот е укажано дека не постои единствен пристап во превентивно планирање на криминалитетот. Планирањето на превенцијата треба да се насочи кон оние активности кои се казниви со позитивните законски прописи (кривични дека и прекршоци), но и кон однесувањата кои не се казниви но претставуваат причина за појава на криминалитетот (криминогени фактори).

Кој треба да гради? Долго во литературата се мисли дека државните органи се најкомпетентни за правење превентивни планови. Планирањето треба да биде на ниво на работни организации, на ниво на локална заедница, градски региони, градови и да ги опфати разните области на социјалниот живот.

Има централизирано и регионално планирање кое треба да биде одраз на реалната состојба во општеството. Негова основна цел е да се зачува интегритетот на што поголем број субјекти во нивно единствено и систематско дејствување.

Значи, планирањето треба да се заснова на:

- научна основа/научна анализа на етиолошките и феноменолошките карактеристики на криминалитетот (индивидуалните карактеристики, социјалните односи со средината и факторите поврзани со средината). Тоа е почетна основа.

[71] https://mvr.gov.mk/vest/2379

- сестрано познавање на поедините научни дисциплини кои се занимаваат со етиологијата и феноменологијата на криминалитетот (социологија, психологија, криминологија, криминалистика, криминална политика, кривично право, социјална патологија)

Можни области на планирањето се секторско и меѓусекторско планирање

Секторското планирање се однесува на подготвување и донесување програма за превентивно постапување во поедини области од општествениот живот. На пример, во областа на образованието, здравството, сообраќајот, судството.

Меѓусекторското планирање се однесува на меѓусебно поврзани и усогласени превентивни програми на повеќе сектори во една општа програма. Таа има за цел во сите сектори да се преземаат одредени превентивни активности на локално ниво кои би се поврзале во еден единствен систем на поголемо општествено ниво.

Секторското и меѓусекторското планирање треба да ги содржат следниве компоненти:

- јасно одредување на целите,
- податоци за криминалитетот и други девјантни појави,
- вид на превентивни мерки
- оценување на вредноста на преземените мерки во превенција на криминалитетот

Според просторот, планирањето може да се однесува на помало или поголемо подрачје, централизирани било на локално или на регионално ниво. Според временското траење, планирањето може да биде краткорочно (1-2 години), среднорочно (3-5 години) и долгорочно (5-10 години).

Во поширока смисла, во мерки на превенција спаѓаат постапки и активности на државните и општествените органи насочени кон спречување на негативните општествени појави и на нивните штетни последици. Во зависност од целта, мерките на превенција по содржина можат да бидат: економски, воспитно-образовни, социјално-заштитни, социјално-воспитни, здравствени, правни, управно-административни, дисциплински, криминално-политички и др.

Мерките на превенција во **правна смисла** имаат за цел да го спречат нарушувањето на правните норми, зацврстување на законитоста, законската и морална одговорност на поединците со што помалку употреба на принуда и казни.

### *1.3.1 Кривично - правни мерки на превенција*

Кривичноправни мерки на превенција се однесуваат на кривичните санкции, преку нивното изрекување и извршување. Превентивните ефекти се гледаат во специјалната (индивидуалната) и генералната превенција.

Кога е во прашање сторителот, сосема е извесно дека превентивните ефекти на казната мораат да се базираат на индивидуализација и на преземање одредени мерки за што поуспешна негова ресоцијализација и рехабилитација. Станува збор за примена на разни медицински, психолошки и педагошки мерки и постапки чија цел е да се намали веројатноста тоа лице повторно да изврши кривично дело. Принципот на индивидуална превенција значи примена на индивидуален третман спрема осуденото лице во согласност со неговите лични карактеристики. Целта не е негова изолација од општеството, туку создавање услови за успешна реинтеграција во заедницата во која живее по извршување на казната.

Од друга страна, во последните декади на минатиот век, паралелно со зголемената примена на казната затвор се појави аболиционистичкото движење кое се залага за намалување на примената на затворските казни и нивна замена со незатворски казни познати под името „алтернативни мерки (пробација, општокорисна работа, куќен затвор, електронско набљудување). Нивна цел е избегнување на негативните ефекти на казната затвор и воспоставување рамнотежа меѓу заштитата на општеството, репарација на предизвиканата штета и потребата на сторителот од социјална реадаптација. Меѓутоа, повторно истражувањето на превентивното дејство на алтернативните мерки кои се извршуваат во заедницата покажува дека тие (на пример, општокорисната работа и реституцијата) коишто се изрекуваат во рамките на казненоправниот систем со минимално вклучување на жртвата имаат мало влијание врз рецидивизмот, а со тоа не влијаат врз намалувањето на криминалитетот, не ја намалуваат затворската популација, па дури имаат

и стигматизирачки ефект и можат да предизвикаат поголема опасност за заедницата поради што се изрекуваат спрема високо ризичните сторители на казниви дела.

Врз основа на претходното можеме да забележиме дека, кривичните санкции (казните и алтернативните мерки), коишто се изрекуваат во формална судска постапка (со сите нејзини негативни влијанија) имаат помало превентивно влијание кога станува збор за првопрестапници, сторители на полесни кривични дела (и особено за малолетни престапници). Само кога алтернативните мерки претпоставуваат рана интервенција, одбегнување на системот и активно вклучување на заедницата може да се очекува зголемена и подобрена специјална превенција.

Тоа предизвика нови реформи во системот на кривична правда, со воведување на **ресторативните мерки**. Нивни значајни карактеристики, битно различни од алтернативните мерки кои се остваруваат во заедницата, се заедничкото решавање на спорот надвор од казненоправниот систем со непосредно вклучување на микро и на макро заедницата. Токму свртувањето на постапката е дел и една од значајните реформи на кривичната правда, а значајна реформа и највисок дострел се ресторативните мерки кои се применуваат спрема полесни кривични дела. Тие се дел од превентивните мерки во рамките на терцијарната превенција кои поефикасно ја остваруваат специјалната превенција во споредба со традиционалните казни, што значи дека нивното воведување претставува добра превентивна политика.

### *1.3.2. Мерки на социјална превенција*

Под мерки на социјална превенција се подразбира користење на сите методи и средства кои произлегуваат од теоријата на социјална контрола. Целта на овие превентивни мерки е да влијаат на социјални фактори кои генерализираат појава на криминално однесување. Тие се многубројни и не можат прецизно да се врамат во однапред дадени содржини. Начелно, можат да се врзат за економски, здравствени, политички, образовни содржини.

Социјални мерки на превенција на микро план се однесуваат на подобрување на материјалните и културните услови за живот, развивање на социјалното законодавство, основање социјални служби за превенција, подобрување на семејниот живот, оспособување на училиштата за стручна работа на поедини кадри (психолози, педагози, социјални работници кои би се вклучиле во наставно-образовниот процес), основање специјализирани установи за помош на стари лица, на бегалци и на други ранливи категории лица кои се наоѓаат во состојба на ризик.

Непосредни превентивни програми имаат за цел да предизвикаат позитивни психосоцијални промени кај поединците кои се склони кон криминално однесување, како и позитивно влијание врз надворешните криминогени услови кои ги поттикнуваат.

### *1.3.3 Полициски мерки на превенција*

**Превентивните активности** на полицијата треба и мора да бидат насочени кон[72]:

- идентификување и отстранување на причините и факторите кои генерираат асоцијално или делинквентно однесување;
- отстранување на поволните услови кои придонесуваат да се случуваат кривични дела;
- зајакнување на откривачката дејност на полицијата и соодветниот третман на сторителите на кривични дела, со активно вклучување на сите надлежни субјекти во фазата на полициска постапка;
- планирање на активности што ќе бидат во функција на спречување на сторителите да сторуваат казниви дела (на пример, навремената рана интервенција);

[72] Стефановска, В., *Водич за предметната програма за превенција на криминалитетот*, 2011, Факултет за Безбедност - Скопје, Катедра за кривично-правни и криминолошки науки, стр. 21.

- следење на состојбата со присуство на полициски службеници на терен, и тоа според утврдено место и време определени како критични и поволни за сторување на казниви дела;
- подигнување на безбедносната култура кај граѓаните, едукација на потенцијалните жртви како да се заштитат себе си и сопствениот имот,
- поттикнување на соработка со другите надлежни служби и институции, организирање состаноци со релевантни институции, организации и НВО-и,
- упатување на лицата во ризик до соодветните служби за помош,
- *Развивање на концептот на* community policing - спроведување на законот преку интегрирано постапување со локалната заедница, со цел да се намали криминалот и да се изградат релации и односи со заедницата.

Превентивното работење на полицијата бара, пред сè, стручност, целосна посветеност и добра подготовка преку планирање на активностите. Генерално, позитивниот однос ќе се изгради ако полицијата постапува во самиот почеток на настанување на проблемот, а не откако истиот ќе предизвика последици. При планирањето на превентивни мерки и активности, истите не треба да бидат насочени кон краткорочни акции, туку да бидат ориентирани кон преземање на мерки и активности со кои ќе се постигнат долгорочни ефекти и кои ќе бидат насочени, пред сè, кон утврдување на причините кои ја предизвикуваат појавата. На пример, ако се зачестени тепачките и физичките напади во раните утрински часови меѓу малолетници под дејство на алкохол, не е доволно само ако се преземаат мерки насочени кон малолетниците и ако се доставуваат извештаи до Центарот за социјални работи. Напротив, вистинската превенција значи утврдување на причините зошто во раните утрински часови малолетниците се надвор од своите домови, зошто и дали кафулињата и локалите работат подолго од дозволеното работно време и дали во угостителските објекти се точи алкохол на малолетници.

Според **Законот за полиција**[73] полициски мерки на превенција се дел од полициските работи што се однесуваат на спречување на вршење кривични дела и

[73] Законот за полиција, *Сл. весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22.*

прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители, одржување на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, контрола на движење и престој на странци, обезбедување на државната граница и контрола на преминување, укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба и обезбедување на определени личности и објекти (член 5), како и дел од полициските овластувања (член 28): проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети, собирање на информации, потрага по лица и предмети, пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време, предупредување и наредување, привремено одземање на предмети, преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација, сопирање, преглед или претрес на лица, багаж и превозни средства, обезбедување и преглед на местото на настанот, примање на пријави, снимање на јавни места, собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон.

### *1.3.4. Превентивна улога на семејството*

Семејната дезорганизација претставува основа за социјално-патолошко и криминално однесување во семејството. Притоа, треба да се има предвид фактот дека во пубертетот и раната адолесценција, децата, по правило, манифестираат оттуѓеност и толерантност на девијации, слабо ги контролираат афектите, склони се кон стекнување сензационални искуства со одбивање на секаков авторитет. Асоцијалното однесување, како и ниската фрустрациона толеранција, посебно се присутни ако тие деца потекнуваат од семејства чии членови се предиспонирани за криминално однесување, што се манифестира во социјалнопатолошки постапки на поедините членови на семејството. Во такви семејства, кога се во прашање неговите најмлади членови, не е можно развивање на нивните позитивни особини, ниту нивна позитивна интеграција во средината.

Претпоставките според кои, семејството кога не ги исполнува своите основни функции, е склоно кон дезинтеграција се сосема реални, меѓу останатото, и поради тоа што одредени деструктивни и конфликтни околности подолго време се присутни во општеството и придонесуваат за криминализација и дезинтеграција на општеството

воопшто. Оттука, специфичностите на конкретниот проблем бараат содејство на општите услови и претпоставки кои се неопходни за санирање и превенција на состојбите во семејството. Бидејќи причините на социјалната и семејната дезорганизација, во поголемиот дел, се наоѓаат во општеството, односно се предизвикани од социјалните услови на живот, за нивно отстранување е неопходна поширока помош од општествената заедница. Таква помош и грижа е неопходна поради тоа што семејството веќе одамна не може да ги врши оние функции кои традиционално му припаѓаат, а кои, со измените на општествените односи, излегле од семејните рамки и станале обврска и грижа на општеството.

Така, општеството може да помогне со преземање одредени мерки на социјална политика со цел позитивно исполнување, односно остварување на семејните функции, особено во процесите на соодветно подигнување на млади кадри. Исто така, кога е во прашање превенцијата на криминалитетот во рамките на семејството, треба да се преземат соодветни превентивни програми кои би требало да бидат прилагодени на специфичностите на конкретни семејства и на причините за нивната дезинтеграција. Оваа активност вклучува дејствување на голем број општествени субјекти, а тоа се училишта, центри за социјална работа, органи за старателство, брачни советувалишта, домови за згрижување на воспитно запуштени деца, како и активност и на други општествени организации и установи. Имено, за соодветна превенција на криминалитетот во рамките на семејството неопходно е да се преземат мерки за негова заштита кои би опфатиле активирање на голем број општествени субјекти и интензивирање на нивната соработка со семејството со цел да се санира и спречи постоечката состојба на дезорганизација на семејството. Во таа соработка и коордиинација неопходна е секако и активност на полицијата чија улога доаѓа до израз во сите оние ситуации каде што постои или се заканува опасност од манифестирање на делинквентно и девијантно однесување во семејството, кое поради општествените негрижи можат да останат скриени и да ескалираат до најтешки кривични дела, дури и до убиства. Оттаму, прашањето на превенција на темната бројка на криминалитетот во семејството останува секогаш актуелно.

### 1.3.5. *Превентивна улога на училиштето*

Училишното насилство само посебе е специфично како по неговите феноменолошки така и по неговите етиолошки карактеристики. Промените кои настанаа во општеството во целина создадоа агресивна клима во секојдневниот живот и предизвикаа зголемена агресивност кај децата во училиштата. Последиците коишто произлегуваат од училишното насилство можат да бидат краткорочни, но и долгорочни во зависност од многу фактори. Врз основа на лонгитудинални студии е утврдено дека кај децата кои се појавуваат како насилници во училиштето, како и кај агресивните момчиња постојат поголеми можности во иднина да развијат асоцијални однесувања или истите да се впуштат во криминал. Од друга страна, децата кои се континуирано виктимизирани во училиштето имаат ниско ниво на самодоверба, одбиваат да одат во училиште, го намалуваат успехот, покажуваат психоматски симптоми и хронична депресија, кои често се провлекуваат низ целиот нивен живот што во некои  исклучителни случаи може да доведе и до самоубиство.

Не постои едноставен одговор за корените на училишното насилство. Тоа е доста комлексен проблем за кој е потребно подлабоко истражување и анализа. За таа цел потребно е да се утврдат ризичните фактори што можат да придонесат за појава на насилничко однесување, кои можат да се појават во интеракција на четири нивоа, индивидуално, интерперсонално, на ниво на заедница и на ниво на општеството во целина. Во последните пет децении програмите за интервенција на насилничкото однесување на децата воглавно се фокусирале на елеминирање на ризик факторите и реактивно делување. Разгледувањето и унапредувањето на факторите на заштита, кои имаат потенцијал за подобрување на благосостојбата на децата и намалување на насилничкото однесување, може да се спроведе единствено со интергирање на ресторативниот пристап во превентивната училишна политика и мерките кои што произлегуваат од тој пристап.

Сегашните превентивни политики и програми градат поинаков позитивен пристап односно ресторативен пристап, кој што се базира на помирување, поправање, учење на грешките и последиците, активен однос на ученикот, одговорност, обновување и градење на довербата, активна соработка на сите заинтересирани страни вклучувајќи ја жртвата, родители, училишниот кадар, помош и за сторителот и жртвата и реинтеграција.

Традиционалниот реактивен начин на реагирање во досегашната практика се покажа неефикасен во спречувањето на училишното насилство, а уште помалку во разрешувањето

на конфликтите кои секојдневно ги има помеѓу учениците. За успешно спроведување на сеопфатна превентивна програма потребно е да бидат исполнети неколку предуслови како што е постоење на свест кај мнозинството од училишниот кадар и кај родителите за училишното насилство и нивно заложување за превенирање на таквите случувања. Ефикасната политика и програма за спречување на насилството не треба да се фокусира само на индивидуите, туку и на системот во целина. Училишното насилство бара систематски пристап со вклучување на сите засегнати страни во процесот на креирање и спроведување на превентивната училишна политика и програма.

### *1.3.6. Превентивна улога на медиумите*

Средствата за информирање имаат големо значење во рамките на социјалната превенција, за нејзино планирање, програмирање и реализација, со оглед на тоа што мас-медиумите (печатот, радиото, телевизијата) имаат важна улога во формирањето на јавното мислење и во неговото определување за спротиставување на криминалитетот. Средствата за информирање имаат незаменлива улога во формирање на општествената свест и сфаќање за обврската за широко општествено ангажирање во спротиставување на криминалитетот. Таа позитивна улога може да биде остварена само доколку медиумите објективно ги информираат граѓаните за конкретните и актуелни случувања во областа на криминалитетот, со цел да предизвикаат одбојност спрема него и подготвеност за пријавување на сторените кривични дела или други сознанија во врска со тоа.

Средствата за информирање имаат важна улога бидејќи навремените и објективни инфирмации за криминалитетот ја активираат јавноста на поширок општествено-политички односно превентивен план. Вистинското и објективно информирање за криминалитетот подразбира запознавање на јавноста со работата на поедини државни органи (полицијата, јавното обвинителство) за нивната откривачка дејност. Тие, исто така, се подобни за масовна едукација на младите за штетноста на одредени криминогени фактори. На пример, за социопатолошките појави како предворје на криминалот.

Од криминално-политички, односно превентивен аспект потребна е соработка на органите за внатрешни работи и медиумите. Меѓутоа, не ретки се случаите за необјективно, пристрасно и нестручно известување на јавноста од страна на медиумите, особено кога

станува збор за првични информации за одреден криминален настан. Негативноста се состои во тоа што обично веста се однесува на последицата, а не на причините кои го предизвикале тоа дело.

Целта на превенција е преку средствата за масовна комуникација да се дејствува рестриктивно на одредени видови криминални однесувања, а афирмативно на оние облици на однесувања со кои криминалитетот се спречува.

Дејствувањето на медиумите за превенција може да се подели во две групи:

- изработка на општи едукативни програми и
- изработка на програми за специјална намена

### 1.3.7. *Превентивна улога во заедницата*

Превентивната улога во заедницата преставува интеграција на социјални и ситуациони пристапи во превенција. Новина во таквиот концепт претставува воведувањето на заедницата како субјект односно носител на одредени превентивни програми и мерки. Така, се до воведувањето на концептот „превенција во заедницата„ превентивните пристапи биле базирани на активноста на надлежните служби. Со неговото воведување се прави обид граѓаните да преземат превентивни мерки за спречување на криминалитетот. Овој концепт зазема централно место и преставува тежишна точка во однос на кој се поставува проблемот на превенцијата.

Тенденцијата што превентивните стратегии се одвојуваат од полициските служби и стануваат одговорност на општествената заедница и е од големо значење.

Прво, фактот дека граѓаните сами преземаат превентивни мерки значи дека тие се свесни дека стануваат можна мета т.е. жртва на криминалитетот.

Второ, активноста на општествената заедница во борбата против појавата на криминалитетот зборува за тоа дека традиционалните начини на борба кои ги користела полицијата и надлежните органи не давале прави резултати и активноста на граѓаните во тие задачи се наметнува како дополнителен метод во борбата.

Трето, процесот на организирање на локалните заедници, соседствата и секундарните општествени групи има само по себе превентивно влијание, бидејќи

статистиката покажала дека криминалитетот се намалува во сите сутуации кадешто се зајакнуваат социјалните врски меѓу поединците.

Наведените причини довеле до мали револуции во инвентивноста на превентивните стратегии кои ги спроведуваат самите граѓани, индивидуално или оргнизирано. Праксата покажала дека програмите за превенција можат да бидат успешни и да станат доминантен облик на борба против криминалитетот.

## 1.4. Полицијата во превенција на криминалитетот

### *1.4.1 Правна рамка на превентивното постапување на полицијата*

Кога станува збор за правната рамка, постои недостаток на правни норми со кои полицијата би била обврзана да дејствува превентивно. Поради тоа е потребно да се донесат прописи кои ќе ја одредат правната положба и дејствувањето на полицијата и од превентивен аспект, како што е нормирана репресивната активност. Правните прописи би требало да ја опфатат соработката на полицијата со поедини државни органи во областа на превентивното работење (обвинителство, финансиска полиција, служби за платен промет, царинска управа, центри за социјална работа, други управни органи, училишта, семејства, граѓани). Посебно, правните прописи треба да содржат обврска за полициските органи да пружаат стручна помош на другите органи и, кога околностите за вршење на службата тоа го дозволуваат, да даваат информации до кои дошле со вршење на работата од својот делокруг, а кои се од интерес за спречување на криминалитетот. Соодветно на тоа, и другите органи, во согласност со нивните можности, треба да даваат повратна помош и информации на полицијата во откривање и спречување на криминалните и другите негативни појави.

### *1.4.1.1 Закон за полиција*

Според **членот 10 од Закон за полиција**[74], на барање на граѓаните, државните органи, јавните претпријатија и на други правни лица, полицијата им дава информации, податоци и известувања за прашања од својот делокруг за кои тие се непосредно заинтересирани. Од друга страна, полицијата има право во непосредни разговори да собира информации од граѓани, преставници на државни органи и други правни лица во врска со казниви дела, меѓутоа граѓаните, преставниците на државните органи и на другите правни лица не се должни да даваат информации. Во членот 11 е регулирана соработката на полицијата со граѓаните, државните органи, здруженијата на граѓани и другите правни лица заради спречување или откривање на кривични дела или прекршоци. Заради остварување на таа соработка, може да се формираат советодавни или координативни тела со цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност во општините, градење доверба и партнерски односи во спречување на појавите коишто влијаат врз безбедноста.

Генерално, Законот за полиција дава само општа рамка за превентивното постапување на полицијата. Тоа е во надлежност на Бирото за јавна безбедност, односно секторите за внатрешни работи преземаат непосредни мерки за превенција на криминалитетот. Имено, според членот 21, секторот за внатрешни работи ја следи и анализира безбедносната состојба и појавите кои предизвикуваат настанување и развој на криминалитетот и настани кои ја доведуваат во опасност јавната безбедност на подрачјето за кое е формиран, врши крминалистички работи и работи на превенција на криминалитетот, презема мерки заради заштита на определени лица и објекти, ја информира јавноста за работи од својот делокруг.

Дел од полициските овластувања кои непосредно се однесуваат на превенција на криминалитетот се:

- проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети,
- собирање информации,

[74] *Сл. весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22.*

- пренасочување, насочување или ограничување на движењето на  лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време,
- предупредување и наредување - полицискиот службеник ќе го предупреди лицето кое со своето однесување, дејствување или пропуштање на одредени дејствија може да ја доведе во опасност својата безбедност, безбедноста на другите лица или безбедноста на имотот, да го наруши јавниот ред и мир или да ја загрози безбедноста на сообраќајот на патиштата или кога оправдано се очекува дека тоа лице може да стори или да предизвика други лица да сторат кривично дели или прекршок.
- сопирање, легитимирање, преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж кога тоа е неопходно заради пронаоѓање на предмети погодни за напад или самоповредување,
- снимање на јавни места кадешто зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци, со цел за нивно спречување, како и на јавни собири кога постои опасност да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот,
- собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци и обработка на лични податоции поради спречување и откривање на кривични дела и прекршоци.

#### *1.4.1.2 Правилник за вршење на полициските работи*

Во **Правилникот за вршење на полициските работи**[75], е посветена посебна глава за спречување на кривични дела и прекршоци, во која посебно се регулирани начинот на вршење на општата и посебните видови превенција (превенција на крвни деликти и на насилничко однесување, превенција на имотен и на економски криминалитет, превенција на сообраќаен криминалитет, превенција на малолетничка делинквенција, како и на организиран криминал.

Така, овластените службени лица заради спречување на вршење на кривични дела и на други општествено штетни однесувања, преземаат плански организирани мерки за осознавање на причините кои условуваат криминални и асоцијални однесувања. Преку

[75] Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, *Сл. весник на РМ бр. 149/07, 110/11,  117/14, 14/17.*

нивно континуирано следење и анализирање со цел соодветно насочување на превентивната активност, тие вршат согледување на феноменолошките и манифестационите облици на криминалното однесување.

Општата превентивна дејност тие ја остваруваат преку:

- квалитетно материјално **документирањ**е во врска со другите општествено штетни однесувања;
- вклучување или иницирање заради преземање на **заеднички превентивни активности** со други институции или субјекти кои се надлежни за остварување на воспитно-образовни, социјално-хуманитарни, старателски и други слични цели;
- соодветна **јавна презентација** на практични искуства во врска со успешно спроведени активности на превентивно организирање и настапување.

Претходно наведеното е во функција на остварување на општата превентивна дејност. Таков е примерот со заедничките превентивни активности со воспитно-образовните установи, поточно со основните и со средните училишта и полицијата, каде присуството на полицијата е неопходно, со што се постигнува зближување помеѓу децата и овластените службени лица, се гради меѓусебна доверба и се намалуваат конфликтните односи меѓу учениците.

### *1.4.2. Можности за превенција на криминалитетот во рамките на еден сектор*

Во Република Северна Македонија, главни носители во примената на територијалниот принцип и вршењето на полициските работи, се Секторите за внатрешни работи. Секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа секторот за внатрешни работи.[76]Во рамките на СВР Охрид формирани се повеќе единици, одделенија и отсеци, како и полициски станици од општа надлежност, полициски станици за безбедност на патиштата и сообраќајот, полициски одделенија, полициски канцеларии и безбедносни реони кои имаа две дејности позорна и патролна. Позорната дејност се врши

[76] Рајковчевски Р. и Дујовски, Н., *Вовед во полициски науки* ,Универзитет „Св. Климент Охридски”-Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 119.

во урбани средини, индустриски и сообраќајни центри, како и во туристички места врз основа на елаборат, изработен од страна на полициската станица на чие подрачје се врши. А патролната дејност се врши во руралните средини, населби, реки и езера, како и во делот на државната граница, а по потреба и во местата на кои се врши позорната дејност.[77]

Вака поставениот модел на полициска организација во РСМ ги исполнува сите предуслови за функционирање според реалните потреби на граѓаните и институциите во државата.[78]

Секторското вршење на работите подразбира соработка на полицијата со граѓаните, локалните заедници, општествените организации и други субјекти. Таквиот начин на работа треба да придонесе до подобро насочување на полициските служби, целосно "покривање на теренот", рационално користење на расположливите сили, како и поголема ориентација за остварување на превентивни цели за време на вршењето на патролната и позорната дејност. Обврската на секторскиот начин на работа на полицијата произлегува од Законот за полиција, а донесувањето одлука за секторскиот начин на работа треба да се заснова на изучување на вкупната криминогена и општа состојба на подрачјето на поедини општини, како и на собирање, обработка и средување на податоци кои се од значење за поделбата на подрачјето на секторите.

Според членот 21 од Законот за полиција, Секторот за внатрешни работи ја следи и анализира безбедносната состојба и појавите кои предизвикуваат појава и развој на криминалитетот и настани кои ја доведуваат во опасност јавната безбедност на подрачјето за кое е формиран, ја организира работата на полициските станици, врши крминалистички работи и работи на превенција на криминалитетот, презема мерки поради заштита на определени лица и објекти, ја информира јавноста за работи од својот делокруг и врши други работи во согласност со закон.

Конкретно, со цел превентивно постапување на полицијата во рамките на секторот од значење е собирањето информации за појавите кои укажуваат на можноста за нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, загрозување на животите и, воопшто

---

[77] Рајковчевски, Р. .и Дујовски, Н., *Вовед во полициски науки,* Универзитет „Св. Климент Охридски"-Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 119.

[78] Рајковчевски, Р. и Дујовски, Н., *Вовед во полициски науки,* Универзитет „Св. Климент Охридски"-Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 133.

безбедноста на граѓаните, уништувањето на имоти, јавни добра и сл. Во превентивната дејност спаѓа и соработката со организаторите на јавни собири, како и активностите кои се преземаат поради благовремено откривање и спречување на дејноста или состојбите кои ја загрозуваат личната безбедност на определени личности, односно објекти, вклучуваји ги и објектите од посебно значење.

Значајна превентивна активност што ја преземаат овластените службени лица е и подигнувањето на безбедносната култура на граѓаните, преку организирање и одржување на соодветни предавања. На тој начин се подигнува сообраќајната култура, се укажува на граѓаните дека се потенцијални жртви посебно кај имотните деликти, се советуваат за примена на заштитни уреди, како камери, аларми и сл., како и запознавање со мерките за заштита на физичкиот интегритет. Во соработка со специјализирани институции и органи се преземаат мерки за надминување на причинско-последичните фактори и услови кои овозможуваат да се вршат кривични дела или мерки за намалување на нивното влијание.

За опсервирање на пунктови, места, простори и јавни објекти, каде се вршат деликти со елементи на насилство или се очекува нарушување на јавниот ред и мир, со цел да се попречат и идентификуваат сторителите, полицијата и криминалистичката полиција, употребуваат и соодветни технички средства, како што се фотографски апарати и камери. Исто така, и други активности коишто се преземаат во рамките на секторот, како што се работите во безбедноста на сообраќајот, набавување, поседување и носење оружје и други управни работи имаат свој превентивен ефект. Останатите работи кои се одвиваат во секторот кои се од организационен, управен и криминално-репресивен карактер се во функција на откривање на кривичните дела и прекршоците и подготвување документација за нивно пријавување до правосудните и прекршочни органи. Тие задачи, доколку се извршени успешно, ефикасно и благовремено, можат, исто така, да остварат значаен превентивен ефект.

Одредени мерки од превентивен карактер, кои се типични за поедини преткриминални ситуации треба да бидат насочени и спрема жртвите на кривичните дела. Факт е дека многубројни жртви со своето невнимателно однесување можат да бидат причинители за извршување на одредени кривични дела. Затоа, понекогаш мерката на предупредување на потенцијалните жртви за нивните постапки може да резултира со намалување на ризикот

од виктимизација. Од друга страна, понекогаш на жртвите им треба поддшка од полицијата преку преземање заштитни мерки.

### *1.5.3 Превентивно значење на позорната и патролната дејност во рамките на еден сектор*

Дејноста на полицијата во секторот опфаќа низа активности меѓу кои, на прво место, **позорни и патролни обиколки**. Обиколките се насочени кон криминалните жаришта, како и кон лицата спрема кои е преземена криминалистичка контрола. Позорната, патролната и мотопатролната дејност претставуваат непосредно превентивно дејствување на полициските службеници, кое по правило се врши во униформа. Полициските службеници со своето непосредно присуство и преземање на дејствија го одржуваат јавниот ред и мир на подрачјето на кое ги вршат, го заштитуваат животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречуваат извршување на казниви дела и загрозување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, укажуваат потребна помош и заштита на граѓани и вршат набљудувања на подрачјето со забележување и оценка на безбедносната состојба.

Позорната дејност се врши во урбани средини, индустриски и сообраќајни центри, и во туристички места. Патролната дејсност се врши во руралните средини, населби, реки и езера, и во делот на државната граница. Мотопатролната дејност се врши на сите места кога безбедносната состојба на подрачјето бара поголема мобилност на полициските службеници. Подрачјето на кое се врши позорна, односно патролна дејност се дели на позорни, односно патролни терени кои можат да бидат постојани или повремени. Позорната, односно патролната дејност може да се врши постојано или повремено, пешки или комбинирано. Два или повеќе позорни, односно патролни терени сочинуваат еден безбедносен реон. Патролната и мотопатролната дејност ја вршат патроли составени од најмалку 2 полициски службеници, врз основа на писмена наредба во која се содржани конкретни задачи, издадена од командирот на полициската станица на чие подрачје се врши таа дејност. Се врши во смени и по завршувањето на смената, полицискиот службеник поднесува писмен извешај за своите забележувања, сознанија и преземени мерки.

Во рамките на позорната и патролната дејност се преземаат следните активности за сузбивање и спречување на криминалитетот:

1. Активности кои се однесуваат на откривање на кривичните дела и сторителите;
2. Пронаоѓање и фаќање на сторителите на кривични дела;
3. Зајакнат надзор и локална контрола на одредени категории на деликвенти што има превентивно значење;
4. Собирање на сите известувања и информации од значење за безбедноста и заштита на лицата и имотот на секторот односно подрачјето кое се покрива.

За успешно остварување на позорната и на патролната дејност пожелно е на позорните, односно патролните реони што подолго време да се задржат исти униформирани полициски службеници поради потребата за подобро запознавање на околностите, граѓаните и објектите на одредено подрачје, како и за изградба на одреден однос со граѓаните. Колку е понепосреден односот граѓанин-позорникар, заснован на заемна доверба, толку подетално позорникарите можат да се информираат за конкретни социопатолошки и криминални појави. Собирањето известувања од граѓаните се смета за еден од основните методи кој може да даде добри превентивни резултати. Соодветната и навремена информација до која полицискиот службеник доаѓа на својот реон е основен услов за благовремено и ефикасно спротивставување на криминалитетот. Меѓутоа и обратното информирање (запознавањето на граѓаните со состојбата на криминалитетот и безбедносната состојба во реонот) е од значање за стекнување доверба во полицијата. Премногу крутиот, и агресивен начин на вршење на патролната и позорната дејност го одалечува позорникарот од граѓаните со што се намалува неговата оперативност и успешна соработка.

Исто така, позорната служба и криминалистичката полиција со одредување на мобилни превентивни патроли и преку позорната служба вршат зајакнато и континуирано физичко покривање на пунктови, места, подрачја и одредени средини каде зачестено се вршат одредени кривични дела или може да се очекува нивно извршување, според претходно добиените податоци и информации.

Истите служби, со цел попречување и осознавање на обиди за повторно извршување на кривични дела (рецидивизам), остваруваат **увид над движењето на познати сторители** на кривични дела. Сложеноста на тој проблем нужно бара проучување на индвидуалните својства на повратниците, како и на социјалите услови во кои живее. За таа цел се прави и

типологија на повратниците, бидејќи одреден вид на кривично дело бара и посебен, специфичен надзор над делото и сторителот, особено ако се во прашање повратници, специјалисти, професионалци, патолошки делинквенти и други.

Од аспект на примена на превентивни и репресивни мерки спрема повратниците, значајна е нивната поделба на следните категории:

- професионалци кај кои специјализацијата претставува основен метод на криминалната дејност;
- патолошки делинквенти: клептомани, пиромани, садисти, и лица со имплусивни нагони, параноидни идеи и слично;
- сексуални делинквенти, посебно интересни од аспект на жртвите кои можат да бидат малолетни ии немоќни лица, бидејќи сексуалниот нагон станува мотив за извршување на крвни деликти, тешки и лесни телесни повреди и слично.
- повратници кои се склони кон социо-патолошки појави (злоупотреба на алкохол, психотропни супстанции, комар, скитање).

### *1.5.4 Партнерство меѓу полицијата и локалната заедница*

Борбата против криминалитетот има мали шанси да успее доколку не се вклучи локалната заедница т.е. самите граѓани. Оттука, партнерството меѓу полицијата и заедницата е нов пристап во рамките на полициското работење во функција на превенција на криминалитетот. Станува збор за организационен модел кој би гарантирал поголем успех на постоечките техники на полицијата во превенција. Значајни карактеристики на секое партнерство се еднаквост на страните, надминување на односот на доминација и подреденост и укинување на постоечките бариери во комуникацијата. Партнерството треба да подразбира еднакво право на придонес и дејствување на полицијата и заедницата.

Основни принципи врз основа на кои треба да се заснова соработката се[79]:

- Пошироко дефинирање на полициското дејствување.
- Определување на полициски приоритети.

---

[79] Стефановска, В., *Водич за предметната програма за превенција на криминалитетот*, 2011, Факултет за Безбедност - Скопје, Катедра за кривично - правни и криминолошки науки, стр. 20, 21 II дел.

- Внимание на квалитетот на живот и на социјалната дезорганизација во локалните заедници.
- Промена на моделот на одлучување (со учество на граѓаните).
- Ориентирање кон решавање на проблемите во заедницата.
- Реорганизација на полициските служби.

Полицијата треба да прифати дека граѓаните имаат повеќе сознанија за проблемите на криминалитетот во заедницата и поради тоа треба да градат мостови на соработка. Во таа насока, полицијата треба да ги оствари следниве задачи:

1. Да воспостави заедничка работа со граѓаните за идентификација на локалните проблеми.
2. Меѓусебна едукација и информирање за сознанијата за причините за криминалитетот.
3. Заедничка изградба на акционен план за превентивно дејствување.
4. Идентификација и мобилизација на ресурсите за превентивно дејствување.

Проблемот на партнерството е со оние заедници во кои нема никакви социјални врски и односи меѓу поединците, бидејќи истражувањата покажуваат дека во тие подрачја стапката на криминалитетот е поголема. Во такви ситуации, задачата на полицијата е да ја „изгради„ локалната заедница преку засилување на социјалните врски. За таа цел, еден од методите кои се користат е методот „од врата на врата„.

СВР Охрид во рамките на превенцијата го реализира проектот „превенција од кражби“ со широк спектар на мерки што ќе ги преземе полицијата за сузбивање на кражбите особено на плажите и паркинзите околу плажите-кражби и тешки кражби. Но покрај превентивните секако дека се преземаат и репресивни мерки со примена на посебни оперативно-тактички мерки во комбинација со други мерки на терен затскриено. Овој проект се спроведува заедно со велосипедската единица на полиција, полициски службеници во цивилна облека како и волонтери од црвениот крст на Република Македонија, во соработка со припадниците на министерството за внатрешни работи на Р. Србија и истиот проект е поддржан од ОБСЕ.

# ПЕТТИ ДЕЛ

# СОСТОЈБА НА ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА СВР ОХРИД

## 1. ОБЕМ, СТРУКТУРА И ДИНАМИКА НА ИМОТНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ – ОХРИД

Во надлежност на СВР Охрид спаѓа поголема територија, односно дел од југозападен регион на РСМ. Тоа е регион со мултиетничко население и граничи со Р. Албанија по копно и вода и тоа има свое влијание за имотниот криминалитет**.** Истражувањето на имотниот криминалите е актуелно од аспект дека овие деликти се масовни, имаат повеќе појавни облици и форми. СВР  Охрид го опфаќа подрачјето во општина Охрид, со неколку одделенија за внатрешни работи и  тоа во Струга, Кичево и Дебар.

Кривичните дела од областа на имотен криминалитет се најизвршувани, се извршуваат насекаде,  во урбани и во рурални средини, а сторители се од најмала возраст – деца, малолетници и возрасни сторители. Криминално делуваат како поединци и во организирани криминални групи, на локално и регионално ниво.

Имотните деликти се насочени кон противправно присвојување или оштетување на туѓи предмети или права, односно стекнување со противправна имотна корист на друг начин[80], се извршуваат секојдневно и според начините на извршување се најразновидни, а процесот на нивното криминалистичко истражување е условен од криминалистичките знаења, вештини на оперативните работници од криминалистичката полиција и нивната соработка со јавниот обвинител.

Се извршуваат кражби, кражби од куќи и станови, кражба на плажа и во кампови, хотелски кражби, провални кражби во куќи и дворови, провални кражби во станови, во викендички, во цркви и манастири, во хотели, провални кражби во кампови и бунгалови,

[80] Николоска, С., *оп. цит.*,  стр 53

разбојништва во куќи и станови, кражби на моторни возила-пловни објекти, риболовен алат итн.

Најизвршувани кривични дела против имотот на подрачјето на СВР Охрид се: тешки кражби, кражби, кражби на електрична енергија, разбојништва, разбојнчка кражба, затајување, кражба на шума, одземање на моторно возило, прикривање, измами, изнуди и уцени.

КД кражби и тешки кражби се извршени во згодна прилика со употреба на подесен алат и физичка сила, со преклучување на брава, преку оворени прозори и врати, оставени необезбедени предмети, кршење на хауби од возила.

КД разбојништва се извршени со употреба на ладно оружје, огнено оружје, со физичка сила и вербална закана.

КД одземање моторно возило се извршени со насилно отворање на врати од ПМВ, оставени незаклучени возила и отворени со клучеви во брава.

КД изнуда и уцена се извршени од страна на лица кои се обидувале да изнудат парични средства од други лица, најчесто со закани или да извршат уцена за да изнудат пари од други лица.

КД прикривање се извршени од страна на лица кои се обидувале да извршат прикривање на лица кои извршиле КД и предмети од извршени кривични дела.

Вкупната материјална штета од извршените кривични дела на подрачјето на СВР Охрид за истражуваниот период изнесува 306.822,040 денари или по полициски станици/одделенија ПСОН Охрид 121.473,199 денари, ОВР Струга 96.011,555 денари, ОВР Кичево 41.839,347 денари и ОВР Дебар 47.497,939 денари[81].

## 1.1. Анализа на на обемот, структурата и динамиката на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид за периодот 2019 – 2023 година

Во текот на пишување на специјалистичкиот труд, во СВР Охрид поднесов барање бр.23.25.4-5444 од 14.10.2024 год. со цел да ми се достават податоци за извршени кривични дела од глава 23 од КЗ на РСМ за временски период од 2018 - 2023 на подрачјето на СВР

[81] Статистички податоци од СВР Охрид – ОКРА бр 22.25.2.2.5444/2 од 20.11.2024 година

Охрид. Бараните податоци ги добив во писмена и електронска форма и истите се прикажани во делот на интерпретацијата на резултатите добиени од статистички податоци од ОКРА при СВР Охрид.

СВР Охрид опфаќа полициски станици и полициски одделенија во следниве четири градови: Охрид, Струга, Кичево и Дебар.

| Градови | Жители |
|---|---|
| Охрид | 51.428 |
| Струга | 50.980 |
| Кичево | 39.669 |
| Дебар | 15.412 |

**Табела 1** – Број на жители по градови

Подрачјето во надлежност на СВР Охрид опфаќа четири поголеми градови и тоа како најголема општина Охрид, потоа општина Струга, општина Кичево и општина Дебар каде според статистичките податоци од Државниот завод за статистика на РСМ, Макстат база на податоци бр. 21.22.10 од 30.03.2022 година од Пописот реализиран во 2021 година има резидентно население од над 150 000 жители.

Во истражувањето се анализирани податоци за состојбата со имотниот криминалитет на истражуваното подрачје за временскиот период 2019 – 2023 година, прикажани по градови и по години.

| КД Глава 23 од КЗ – СВР Охрид | ОХРИД | СТРУГА | КИЧЕВО | ДЕБАР | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| КД т.кражби-чл.236 | 275 | 168 | 113 | 37 | 593 |
| КД кражби-чл.235 | 100 | 59 | 57 | 15 | 231 |
| КД кражби-чл.235/А | 1 | 3 | 3 | 0 | 7 |
| КД разбојништво-чл.237 | 12 | 2 | 1 | 2 | 17 |
| КД кражба на шума-235 ст.3 | 0 | 7 | 0 | 0 | 7 |
| КД разбојничка кражба-чл.238 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| КД затајување-чл.239 | 10 | 3 | 0 | 1 | 14 |
| КД одземање моторно возило-чл.242 | 5 | 9 | 6 | 0 | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| КД измама-чл.247 | 13 | 8 | 10 | 1 | 32 |
| КД изнуда-чл.258 | 2 | 0 | 0 | 3 | 5 |
| КД уцена-чл.259 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| КД прикривање-чл.261 | 1 | 3 | 0 | 1 | 5 |
| вкупно | 421 | 263 | 190 | 61 | 935 |

**Табела бр. 2** – Имотен криминалитет во 2019 година.

Од подвтоците претставени во табелата бр. 1 се гледа дека во 2019 година на подрачјето на СВР Охрид извршени се вкупно 935 кривични дела против имотот од кои најголем број се тешки кражби и тоа 593, кражби 231, кражби на електрична енергија 7, разбојништва 17, разбојнчка кражба 2, затајување 14, кражба на шума 7, одземање на моторно возило 20, прикривање 5, измами 32, изнуди 5 и уцени 2.

Најголем дел од кривичните дела се извршени во најголемиот град, а тоа е Охрид со 421 кривични дела, најмалку има во Дебар односно 61.




**Графикон бр. 1** Имотен криминалитет во 2019 година

| КД Глава 23 од КЗ – СВР Охрид | ОХРИД | СТРУГА | КИЧЕВО | ДЕБАР | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| КД т.кражби-чл.236 | 308 | 92 | 76 | 40 | 516 |
| КД кражби-чл.235 | 85 | 57 | 60 | 12 | 214 |
| КД кражби-чл.235/А | 1 | 0 | 3 | 0 | 4 |
| КД разбојништво-чл.237 | 8 | 2 | 1 | 0 | 11 |
| КД кражба на шума-235 ст.3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| КД разбојничка кражба-чл.238 | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| КД затајување-чл.239 | 1 | 1 | 2 | 1 | 5 |
| КД одземање моторно возило-чл.242 | 3 | 5 | 0 | 1 | 9 |
| КД измама-чл.247 | 16 | 5 | 8 | 4 | 33 |
| КД изнуда-чл.258 | 1 | 4 | 0 | 1 | 6 |
| КД уцена-чл.259 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| КД прикривање-чл.261 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| вкупно | 432 | 168 | 150 | 59 | 809 |

**Табела бр. 3** – Имотен криминалитет во 2020 година.

Од податоците претставени во табелата бр. 2 се гледа дека во 2020 година на подрачјето на СВР Охрид извршени се вкупно 809 кривични дела против имотот од кои најголем број се тешки кражби и тоа 516, кражби 214, кражби на електрична енергија 4, разбојништва 11, разбојнчка кражба 4, затајување 5, кражба на шума 3, одземање на моторно возило 9, прикривање 3, измами 33, изнуди 6 и уцени 1.

Најголем дел од кривичните дела се извршени во Охрид 432 кривични дела, најмалку има во Дебар односно 59.




**Графикон бр. 2** Имотен криминалитет во 2020 година

| КД Глава 23 од КЗ – СВР Охрид | ОХРИД | СТРУГА | КИЧЕВО | ДЕБАР | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| КД т.кражби-чл.236 | 189 | 96 | 57 | 46 | 388 |
| КД кражби-чл.235 | 79 | 56 | 59 | 9 | 203 |
| КД кражби-чл.235/А | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| КД разбојништво-чл.237 | 4 | 2 | 2 | 2 | 10 |
| КД кражба на шума-235 ст.3 | 1 | 7 | 0 | 0 | 8 |
| КД разбојничка кражба-чл.238 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| КД затајување-чл.239 | 3 | 0 | 1 | 1 | 5 |
| КД одземање моторно возило-чл.242 | 3 | 3 | 1 | 1 | 8 |
| КД измама-чл.247 | 13 | 5 | 2 | 4 | 24 |
| КД изнуда-чл.258 | 2 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| КД уцена-чл.259 | 3 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| КД прикривање-чл.261 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| вкупно | 299 | 174 | 124 | 63 | 660 |

**Табела бр. 4** – Имотен криминалитет во 2021 година.

Од  податоците претставени во табелата бр. 3 може да се забележи дека во 2021 година на подрачјето на СВР Охрид извршени се вкупно 660 кривични дела против имотот од кои најголем број се тешки кражби и тоа 388, кражби 203, кражби на електрична енергија 2, разбојништва 10, разбојнчка кражба 2, затајување 5, кражба на шума 8, одземање на моторно возило 8, прикривање 2, измами 24, изнуди 4 и  уцени 4.

Најголем дел од кривичните дела се извршени во Охрид со 299 кривични дела, најмалку има во Дебар односно  63.




**Графикон бр. 3** Имотен криминалитет во 2021 година

| КД Глава 23 од КЗ – СВР Охрид | ОХРИД | СТРУГА | КИЧЕВО | ДЕБАР | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| КД т.кражби-чл.236 | 128 | 125 | 78 | 15 | 346 |
| КД кражби-чл.235 | 58 | 67 | 51 | 6 | 182 |
| КД кражби-чл.235/А | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| КД разбојништво-чл.237 | 2 | 4 | 0 | 0 | 6 |
| КД кражба на шума-235 ст.3 | 1 | 3 | 0 | 0 | 4 |
| КД разбојничка кражба-чл.238 | 0 | 2 | 2 | 0 | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| КД затајување-чл.239 | 6 | 0 | 1 | 2 | 9 |
| КД одземање моторно возило-чл.242 | 6 | 8 | 7 | 0 | 21 |
| КД измама-чл.247 | 36 | 15 | 12 | 3 | 66 |
| КД изнуда-чл.258 | 2 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| КД уцена-чл.259 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| КД прикривање-чл.261 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| вкупно | 244 | 227 | 151 | 27 | 649 |

**Табела бр. 5** – Имотен криминалитет во 2022 година.

Од податоците претставени во табелата бр. 4 може да се забележи дека во 2022 година на подрачјето на СВР Охрид извршени се вкупно 649 кривични дела против имотот од кои најголем број се тешки кражби и тоа 346, кражби 182, кражби на електрична енергија 3, разбојништва 6, разбојнчка кражба 4, затајување 9, кражба на шума 4, одземање на моторно возило 21, прикривање 2, измами 66, изнуди 4 и уцени 2.

Најголем дел од кривичните дела се извршени во Охрид со 244 кривични дела, најмалку има во Дебар односно 27.




**Графикон бр. 4** Имотен криминалитет во 2022 година

| КД Глава 23 од КЗ – СВР Охрид | ОХРИД | СТРУГА | КИЧЕВО | ДЕБАР | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| КД т.кражби-чл.236 | 104 | 85 | 37 | 18 | 244 |
| КД кражби-чл.235 | 64 | 47 | 30 | 6 | 147 |
| КД кражби-чл.235/А | 0 | 2 | 2 | 0 | 4 |
| КД разбојништво-чл.237 | 3 | 7 | 2 | 1 | 13 |
| КД кражба на шума-235 ст.3 | 4 | 1 | 0 | 0 | 5 |
| КД разбојничка кражба-чл.238 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| КД затајување-чл.239 | 4 | 1 | 0 | 0 | 5 |
| КД одземање моторно возило-чл.242 | 4 | 6 | 3 | 2 | 15 |
| КД измама-чл.247 | 20 | 7 | 5 | 1 | 33 |
| КД изнуда-чл.258 | 1 | 3 | 0 | 0 | 4 |
| КД уцена-чл.259 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КД прикривање-чл.261 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| вкупно | 206 | 159 | 79 | 28 | 472 |

**Табела бр. 6** – Имотен криминалитет во 2023 година.

Од  податоците претставени во табелата бр. 5 може да се забележи дека во 2023 година на подрачјето на СВР Охрид извршени се вкупно 472 кривични дела против имотот од кои најголем број се тешки кражби и тоа 244, кражби 147, кражби на електрична енергија 4, разбојништва 13, разбојнчка кражба 1, затајување 5, кражба на шума 5, одземање на моторно возило 15, прикривање 1, измами 33, изнуди 4 и  уцени 0.

Најголем дел од кривичните дела се извршени во најголемиот град, а тоа е Охрид со 206 кривични дела, најмалку има во Дебар односно  28.




**Графикон бр. 5** Имотен криминалитет во 2023 година




**Графикон бр. 7** Имотен криминалитет 2019 - 2023 година

Во Графикон бр. 7 се внесени податоци кои прикажуваат линија на движење на извршените кривични дела против имотот на подрачјето во надлежност на СВР Охрид за истражениот период од 2019 до 2023 година.

Од приложеното може да се констатира дека од 2019 до 2023 година има константно намалување на стапката на извршен имотен криминалитет пришто разликата од 2019 до 2023 година е двојна односно во 2019 година има извршени 935 КД, а во 2023 година 472 кривични дела против имотот.

| КД | ОХРИД | | СТРУГА | | КИЧЕВО | | ДЕБАР | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КД | % | КД | % | КД | % | КД | % | КД | % |
| Кражба Чл.235 | 386 | 39,5 | 286 | 29,2 | 257 | 26,3 | 48 | 5 | 977 | 100 |
| Кражба на шума Чл. 235 ст. 3 | 7 | 26 | 20 | 74 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27 | 100 |
| Кражба на ел енергија Чл. 235 – а | 6 | 30 | 5 | 25 | 9 | 45 | 0 | 0 | 20 | 100 |
| Тешка кражба Чл. 236 | 1004 | 48,1 | 566 | 27,1 | 361 | 17,3 | 156 | 7,5 | 2087 | 100 |
| Разбојништво Чл. 237 | 29 | 50,8 | 17 | 29,8 | 6 | 10,5 | 5 | 8,9 | 57 | 100 |
| Разбојничка Кражба Чл. 238 | 6 | 46,2 | 4 | 30,7 | 3 | 23,1 | 0 | 0 | 13 | 100 |
| Затајување Чл. 239 | 24 | 61,5 | 5 | 13 | 4 | 12,5 | 5 | 13 | 39 | 100 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одземање моторно возило<br>Чл. 242 | 21 | 28,7 | 31 | 42,5 | 17 | 23,3 | 4 | 5,5 | 73 | 100 |
| Измама<br>Чл. 247 | 98 | 52,1 | 40 | 21,3 | 37 | 19,7 | 13 | 6,9 | 188 | 100 |
| Изнуда<br>Чл. 258 | 8 | 34,8 | 11 | 47,8 | 0 | 0 | 4 | 17,4 | 23 | 100 |
| Уцена чл 259 | 5 | 62,5 | 2 | 25 | 0 | 0 | 1 | 12,5 | 8 | 100 |
| Прикривање<br>Чл. 261 | 7 | 53,8 | 4 | 30,7 | 0 | 0 | 2 | 15,5 | 13 | 100 |

**Табела бр. 7** – Вкупен имотен криминалитет 2019 до 2023 година.

Од приложените податоци во табела бр. 6 за состојбата на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид во истражуваниот период од 2019 до 2023 година може да се забележи следното: од вкупниот број на **кражби** по Член 235 од КЗ на РСМ, 39,5 % се извршени во Охрид, 29,2 % во Струга, 26,3 % во Кичево и 5 % во Дебар; од вкупниот број на **кражби на шума** по Член 235 став 3 од КЗ на РСМ, 26 % се извршени во Охрид, 74 % во Струга; **кражби на електрична енергија** по Член 235 - а од КЗ на РСМ, 30 % се извршени во Охрид, 25 % во Струга, 45 % во Кичево, **тешки кражби** по Член 236 од КЗ на РСМ, 48,1 % се извршени во Охрид, 27,1 % во Струга, 17,3 % во Кичево и 7,5 % во Дебар; **разбојништво** по Член 237 од КЗ на РСМ, 50,8 % се извршени во Охрид, 29,8 % во Струга, 10,5 % во Кичево и 8,9 % во Дебар; **разбојничка кражба** по Член 238 од КЗ на РСМ, 46,2 % се извршени во Охрид, 30,7 % во Струга, 23,1 % во Кичево; **затајување** по Член 239 од КЗ на РСМ, 61,5 % се извршени во Охрид, 13 % во Струга, 12,5 % во Кичево и 13 % во Дебар; **одземање моторно возило** по Член 242 од КЗ на РСМ, 28,7% се извршени во Охрид, 42,5% во Струга, 23,3% во Кичево и 5,5 % во Дебар; **измама** по Член 247 од КЗ на РСМ, 52,1 % се извршени во Охрид, 21,3 % во Струга, 19,7 % во Кичево и 6,9 % во Дебар;

**изнуда** по Член 258 од КЗ на РСМ,   34,8 % се извршени во Охрид, 47,8 % во Струга и 17,4 % во Дебар; **уцена** по Член 259 од КЗ на РСМ,   62,5 % се извршени во Охрид, 25 % во Струга и 12,5 % во Дебар и **прикривање** по Член 261 од КЗ на РСМ,   53,8 % се извршени во Охрид, 30,7 % во Струга и 15,5 % во Дебар.

Најмногу кривични дела против имотот се извршени во Охрид 1602 на 51,428 жители,, Струга е на второ место со 991 кривични дела на 50,980 жители, потоа Кичево со 694 на 39,669 и Дебар со 238 извршени кривични дела против имотот на 15,412 жители, или изразено во проценти – во Охрид 45,5 %, Струга 28,2 %, Кичево 19,6 % и Дебар 6,7 % од вкупниот имотен криминалитет на подрачјето на СВР Охрид.

## 1.2. Анализа на добиените податоци од спроведената анкета со граѓани

Примерокот е помал дел од една целина за кого се претпоставува дека ги содржи сите посебни карактеристики на таа целина и е нејзин репрезентативен претставник.
Анкетирањето се спроведува писмено, што значи дека на испитаниците им се поставуваат прашања во пишана форма и од нив се бара да одговорат на тие прашања исто така во писмена форма. За таа цел е избран прашалникот како истражувачки инструмент, кој најчесто се користи при анкетирањето, заради обезбедување на податоци за аргументирање на ставовите изнесени во специјалистичкиот труд.

Писмениот прашалник е образец со чија помош по писмен пат се бараат известувања за кои се смета дека се од корист за истражувањето. Основна цел на писмениот прашалник е што саканите податоци или известувања се добиваат без посредство на некое лице. Некои од причините поради кои е одреден прашалникот како истражувачки инструмент се: лесна и едноставна организација на испитувањето, составување на добар, сигурен и проверен прашалник, полесна обработка на податоците и лесно комбинирање со други истражувачки техники.

Избраните прашања со понудени одговори, се од затворен тип, со заокружување на една или повеќе од алтернативите, така што  испитаникот ги заокружува оние одговори за кои смета дека одговараат на содржината на прашањето.

Во анкетното истражување кое беше спроведено за потребите на специјалистичкиот труд, учествуваа 64 лица - граѓани од Охрид, Струга, Кичево и Дебар.

Во делот на ***општи прашања***: пол, возраст, образование, место на живеење одговорите се следни: 49 мажи или 79 % и 15 жени или 21 % , 18 - 25 годишна возраст 6,4 %, 26-40 години 32,3 %, 41-55 години 46,8 % и 56-65 годишна возраст 14,5 % потоа степен на образование 1,6 % се со основно, 33,3 % со средно, 25 % со високо образование, 9,5 % вишо, 47,6 % високо, 6,3 % м-р на наукии 1,6 % д-р на науки, во однос на место на живеење 90,3 % се изјасниле дека живеат во град а 9,7 % во село.




**Графикон бр. 7** Старосна граница на испитаниците




**Графикон бр. 8** Полова застапеност  на испитаниците




**Графикон бр. 9** Место на живеење  на испитаниците




**Графикон бр. 10** Степен на образование на испитаниците

Во анкетниот прашалник за граѓани на тема „Криминалистичко истражување на имотен криминалитет на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Охрид “се поставени ***прашања поврзани со темата*** со цел да се утврди какво е познавањето на граѓаните за имотните деликти.

Поставени се прашања дали ги разликуваат овие кривични дела од останатите, дали биле жртва на кд, дали знаат каде, кога, на кој начин кое време се извршуваат кд против имотот средства со кои се извршуваат, профилот на сторителите, довербата во полицијата при расветлување на овие кривични дела и слично пришто од добиените резултати од анкетата може да се констатира дека граѓаните многу добро се запознаени со кд против имотот.

Ги анализираме поединечно поставените прашања во анкетниот прашалник:

1. **Дали знаете за кои имотни кривични дела треба да пријавите во полиција?**

Со ДА одговориле 43 или 70,5 % граѓани, со НЕ 18 или 29,5 % . Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните има голем процент на граѓани кои точно знаат кои кривични дела се против имотот за да истите ги пријават.




**Графикон бр. 11** Мислење на граѓаните за пријавување во полиција

2. **Дали сте биле жртва на кривично дело со елементи на кражба, заокружете на кое?**

- Кражба - 22 или 40,7 %.
- Џепна кражба – 4 или 7,4 %.
- Кражба на електрична енергија – 2 или 3,7 %.
- Кражба на дрва – 1 или 1,9 %.
- Тешка – провална кражба – 4 или 7,4 %.
- Разбојништво – 2 или 3,7 %.

Од анкетираните граѓани: 40,7 % биле жртви на кражи, 7,4 % на џепни кражби, 3,7 % на кражба на електрична енергија, 7,4 % на тешки кражни и 3,7 % на разбојништва, додека 35,2 % се изјасниле дека не биле жртви на имотни кривични дела.




**Графикон бр. 12** Жртви на имотни деликти

**3. Дали во Вашата околина често се извршуваат кражби?**

Со ДА одговориле 13 граѓани или 21,3 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 21 или 34,4 %, со НЕ ЗНАМ одговориле 27 граѓани или 44,3 %. Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните има голем процент на граѓани кои не знаат или кои сметаат дека во нивната околина не се извршуваат често кривични дела против имотот.




**Графикон бр. 13** Простор на вршење кражби

**4. Што мислите кражбите најчесто се извршуваат во: (може да заокружите повеќе одговори)**

- Куќи - 45 граѓани или 72,6 % од вкупниот број на одговори.
- Дворови - 24 или 38,7 %.
- Станови - 39 или 62,9 %.
- Продавници - 32 или 51,6 %.
- Угостителски објекти - 12 или 19,4 %.
- На пазари - 16 или 25,8 %.
- Во викендици - 37 или 59,7 %.
- Во кампови - 19 или 30,6 %.
- На плажа - 27 или 43,5 %.

На ова прашање се дадени повеќе одговори од страна на учесниците во анкетата односно поголем процент од граѓаните сметаат дека кражбите најчесто се извршуваат во куќи, станови, викендици и продавници, а помал е процентот на оние кои сметаат дека кражбите се помалку извршувани во угостителски објекти, на пазари, во кампови, на плажа итн.




**Графикон бр. 14** Локации на вршење кражби

5. **Според Вашите сознанија, дали кражбите се извршуваат во:**
   - Згодна прилика.
   - Користење на невнимание.

Според одговорите на анкетираните: во згодна прилика или се искористува невнимание одговорил 61 испитаник од кои 34 или 55,7 % сметаат дека кражбите се извршуваат во згодна прилика, а 27 граѓани или 44,3 % одговориле дека кражбите се извршуваат со искористување на невнимание.




**Графикон бр. 15** Прилики за вршење кражби

6. **Според Вашите сознанија дали потешките облици на кражби се извршуваат со провалување и користење на?**
    - Професионален алат и средства за провалување.
    - Користење на средства кои во моментот се на дофат.
    - Се користат современи техники на провалување.




**Графикон бр. 16** Средства на извршување

**На наведеното прашање, анкетираните одговориле дека  ги користеле следните средсвa на извршување:** професионален алат и средства за провалување, користење на средства кои во моментот се на дофат или се користат современи техники на провалување, одговориле 62 испитаници од кои најголем број од учесниците во анкетата односно 39 граѓани или 62,9 % од вкупниот број на оние кои одговориле на ова прашање сметаат дека потешките облици на кражби се извршуваат со провалување и користење на професионален алат и средства за провалување, 10 граѓани или 16,1 % сметаат дека потешките облици на кражби се извршуваат со користење на средства кои во моментот се на дофат и 13 граѓани или 21% сметаат дека потешките облици на кражби се извршуваат со користење на современи техники на провалување.

7. **Дали во Вашето место на живеење се извршувани разбојништва.**

Со ДА одговориле 26 граѓани или 41,9 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 14 или 22,6 %, со НЕ ЗНАМ одговориле 22 граѓани или 35,5 %. Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните има голем процент на граѓани кои сметаат дека во нивната околина се извршуваат кривични дела „Разбојништво“.




**Графикон бр. 17** Извршени кражби според место на извршување во однос на живеење на анкетираните

**8. Дали сметате дека во време на туристичка сезона се зголемени кражбите.**

Со ДА одговориле 60 граѓани или 96,8 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, а со НЕ ЗНАМ одговориле 2 граѓани или 3,2 %. Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните огромен процент на граѓани кои сметаат дека во нивната околина во време на туристичката сезона е зголемен бројот на кражби.




**Графикон бр. 18** Кражби во време на туристичка сезона

9. **Што мислите кој најчесто ги врши провалните кражби? Поединци или Организирани групи?** На ова прашање одговориле 62 испитаници од кои најголем број од учесниците во анкетата односно 42 граѓани или 67,7 % од вкупниот број на оние кои одговориле на ова прашање сметаат дека провалните кражби најчесто ги вршат организирани групи, додека пак 20 граѓани или 32,3 % сметаат дека провалните кражби најчесто ги вршат поединци.




**Графикон бр. 19** Сторители на провалните кражби

**10. Што мислите дали во вашиот град доаѓаат и извршители на кривични дела против имотот кои се од други градови ?**

Со ДА одговориле 50 граѓани или 80,6 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 2 или 3,2 %, со НЕ ЗНАМ одговориле 10 граѓани или 16,1 %. Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните најголем процент на граѓани сметаат дека во нивниот град доаѓаат и извршители на кривични дела против имотот кои се од други градови.




**Графикон бр. 20** Сторители од други места

**11. Дали имате сознанија дека се вршат кражби на електрична енергија?**

Со ДА одговориле 19 граѓани или 30,6 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 15 или 24,2 %, со НЕ ЗНАМ одговориле 28 граѓани или 45,2 %. Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните најголем процент на граѓани сметаат дека во нивниот град доаѓаат и извршители на кривични дела против имотот кои се од други градови.




**Графикон бр. 21** Степен на сознанија за вршење кражби на електрична енергија

**12.Дали кога сте биле на одмор или живеете во туристичко место Ви се случила кражба?**

Со ДА одговориле 13 граѓани или 21 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 2 или 3,2 %. Од одговорот може да забележиме дека помеѓу анкетираните најголем процент на граѓани сметаат дека во нивниот град доаѓаат и извршители на кривични дела против имотот кои се од други градови.




**Графикон бр. 22** Состојба на кражби во туристички места кога жртвите биле на одмор

**13. Дали кај Вас постои страв за кражба на моторно возило?**

Според одговорот на анкетираните граѓани, помал е бројот на граѓани кои позитивно одговориле во однос на тоа дали кај нив постои страв за кражба на моторно возило односно 25 граѓани или 40,3 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, а негативно се изјасниле 37 граѓани или 59,7 % кај кои не постои страв од извршување на ова кривично дело против имотот кое евидира во вкупно извршениот имотен криминалитет на подрачјето на СВР Охрид .




**Графикон бр. 23** Страв од кражба на моторно возило

**14. Дали во време на туристичка сезона повеќе посветувате внимание на Вашите предмети, пари или безбедноста на станот, домот, продавницата.**

Во однос на кражбите на предмети и пари или извршување на кривични дела против имотот во конкретното прашање на станот, домот или продавницата 54 граѓани или 87,1 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање одговориле позитивно, односно дека за време на туристичката сезона посветуваат поголемо внимание, а негативно одговориле 8 граѓани или 12,9 % од вкупниот број испитаници.




**Графикон бр. 24** Посветување на внимани за побезбедно чување на предмети кои најчесто се предмет на кражба

**15. Дали знаете што е рекетарство?**

Со ДА одговориле 60 граѓани или 96,8 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 2 или 3,2 %. Според одговорот на прашањето за рекетарство може да се забележи дека голем е бројот на граѓани вклучени во анкетата односно 97 % од вкупниот број испитаници ги познаваат елементите на едно од најизвршуваните кривични дела против имотот односно прибавување на противправна имотна корист со сила или со сериозна закана.




**Графикон бр. 25** Што е рекетарство

**16. Дали во Вашето место на живеење има појави на:**

- Изнуда.
- Уцена..
- Лихварство.

Од понудените одговори за ова прашање јасно е видлив фактот дека граѓаните се добро запознаени со елементите на КД „Лихварство“ односно дека станува збор за лица кои за услугата што му ја прават на некое лице примаат или договараат за себе или друг несразмерна имотна корист. Така во однос на прашањето 7 граѓани или 13,2 % од вкупниот број на испитаници се изјасниле дека во нивното место на живеење има појави на изнуда, 11 или 20,8 % за уцена и најголем број на граѓани 35 или 66 % за лихварство.




**Графикон бр. 26** Состојбата со рекетерство

**17. Што сметате дали полицијата е ефикасна при откривањето на имотните кривични дела?**

Со ДА одговориле 27 граѓани или 43,5 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 35 или 56,5 %. Забележителен е поголемиот процент на анкетирани граѓани кои сметаат дека полицијата не е ефикасна во откривањето на КД против имотот во споредба на оние кои сметаат дека во откривањето на имотните кривични дела полицијата е ефикасна односно истата презема мерки за спречување, откривање и сузбивање на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид.




**Графикон бр. 27** Ефикасност на полицијата при откривањето на имотните кривични дела

**18. Што мислите дали полицијата спроведува превентивни акции за спречување на кражби?**

Со ДА одговориле 29 граѓани или 46,8 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 33 или 53,2 %. Од одговорот на прашањето што мислите дали полицијата спроведува превентивни акции за спречување на кражби може да се забележи поделеност во однос на мислењето на анкетираните граѓани за превентивната активност на полицијата со тенденција за зголемување на истата во иднина за сузбивање на имотниот криминалитет.




**Графикон бр. 28** Превенција на полицијата

**19. Дали сте биле опфатени со превентивниот проект „да се заштитиме од кражби“ – спроведен од полициски службеници од СВР Охрид, ОВР Струга, ОВР Кичево, ОВР Дебар?**

Со ДА одговориле 6 граѓани или 9,7 % од вкупниот број од оние кои одговориле на ова прашање, со НЕ 56 или 90,3 %. Всушност од одговорот на поставеното прашање може да се констатира дека поголем број на граѓани односно 56 од учесниците во спроведената анкета не биле опфатени со превентивниот проект „да се заштитиме од кражби“ спроведен од полициски службеници на подрачјето на СВР Охрид, а само 6 или 9,7% се опфатени со истиот. Тоа укажува на потребата од зголемување на превентивните мерки кои треба во иднина да се реализираат од страна на полициските службеници, а со цел запознавање на граѓаните со елементите на кривичните дела против имотот каде всушност и самите може да бидат во улога на оштетен – жртва и конечно за откривање и спречување на сторителите во извршување на истите.




**Графикон бр. 29** Опфатеност со превентивниот проект „да се заштитиме од кражби“ – спроведен од полициски службеници од СВР Охрид, ОВР Струга, ОВР Кичево, ОВР Дебар

## 1.3.Анализа на податоци добиени од спроведена анкета на полициски службеници

Во анкетното истражување кое беше спроведено за потребите на специјалистичкиот труд, учествуваа 38 полициски службеници вработени во СВР Охрид.

Во делот на ***општи прашања***: пол, возраст, образование, одговорите се следни: возраст 18 - 25 годишна возраст 19 или 50 %, 26 - 40 години 14 или 36,8 % и 41 - 55 години 5 или 13,2 %,, 18 машки пол или 47 % и 20 женски пол или 53 % , потоа степен на образование 50 % се со средно, 13,2 % со вишо, 23,7 % со високо образование и м-р на науки 13,2 %.

Анализата на податоците добиени по спроведеното анкетирање на полициските службеници од СВР Охрид на ***прашањата поврзани со темата*** укажуваат дека истите имаат стручни познавања и искуство во нивното секојдневно работење, добиени се

информации  за криминалните ситуации кај кривичните дела против имотот од каде може да се заклучи дека од понудените одговори  доминира извршувањето на кражби.




**Графикон бр. 30** Старосна граница на испитаниците




**Графикон бр. 31** Полова застапеност на испитаниците




**Графикон бр. 32** Степен на образование на испитаниците

На поставеното прашање ,, Кои кривични дела против имотот доминираат во вашиот град?

- Кражби.
- Тешки кражби.
- Одземање моторно возило.
- Разбојништва.
- Разбојнички кражби.
- Изнуда.
- Уцена.

Од вкупно анкетираните 38 полициски службеници кои ушествуваа во анкетата 29 или 76,3 % одговорија дека доминираат кражбите 3 или 7,9 % одговориле тешки кражби , 3 или 7,9 % одговориле Одземање моторно возило, 1 или 2,6 % Разбојништва и 2 или 5,3 % одговориле Разбојнички кражби. Од ова погоренаведеното можеме да заклучиме дека кривичните дела против имотот на подрачјето на СВР Охрид се извршувани, но доминираат кражбите и тоа со многу висок процент односно 76,3 %.




**Графикон бр. 31** Кои кривични дела против имотот доминираат во Вашиот град?

На прашањето првични сознанија за сторени кривични дела против имотот најчесто добивате од: пријава од оштетен б) Пријава од пријатели на оштетен в) Пријава од соседи г) Пријава од граѓани (сведоци,очевидци) д) Пријава од медиуми ѓ) Анонимна пријава е) Самопријава, 1 или 2,6 %, Пријава од соседи, 2 или 5,3 % Анонимна пријава, 32 или 84,2 % одговориле пријава од оштетен, 3 или 7,9 % Пријава од пријатели на оштетен. Може да се констатира дека  најголемиот дел од полициските службеници кои се вклучени во анкетниот прашалник односно 32 или 84,2 % од вкупниот број испитаници одговориле дека првични сознанија за сторени КД против имотот добиваат од оштетен, додека само еден одговорил дека првични сознанија се добиваат при пријава од соседи.




**Графикон бр. 32** Добивање на првични сознанија за сторени кривични дела против имотот

На прашањето дали пријавите за првичните сознанија за сторени кривични дела против имотот најчесто се усни, писмени или по телефон, одговориле 38 испитаници од кои за првиот понуден одговор односно дека пријавите за првичните сознанија се усни одговориле 27 или 71,1 %, дека пријавите се писмени 3 или 7,9 % и дека пријавите се телефонски одговориле 8 или 21,1 %. Евидентно е дека најголемиот дел од испитаниците или 27 полициски службеници односно 71,1 % од вкупниот број на оние кои одговориле на ова прашање одговорот го дале за усниот начин на пријавување додека пак помал дел одговориле дека пријавите се телефонски а најмал дел од полициските службеници или тројца одговориле дека оштетените граѓани пријавуваат по писмен пат.




**Графикон бр. 33** Пријави за првичните сознанија за сторени кривични дела против имотот

Според поднесените кривични пријави, кои средства најчесто ги применуваат сторителите при вршење на кривичните дела против имотот: физичка сила, психичка сила(закана), лажно претставување, социјални мрежи? Одговорите на ова прашање се следни: 24 полициски службеници или 63,2 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека според поднесените кривични пријави сторителите при вршење на кривични дела против имотот најчесто применуваат физичка сила, 3 полициски службеници или 7,9 % одговориле дека сторителите користат психичка сила, односно закана, исто толкава бројка и процент, односно 3 полициски службеници или 7,9 % одговориле дека сторителите при вршење кривични дела, лажно се претставуваат додека пак 8 полициски службеници или 21,1 % одговориле дека при сторување на кривични дела ротив имотот се користат социјалните мрежи. Што значи дека најголем број на полициски службеници одговориле дека при извршување на кривични дела против имотот сторителите употребуваат физичка сила.




**Графикон бр. 34** Примена на сила при извршување на имотни кривични дела

На прашањето: Како се извршуваат имотните деликти: поединечно или организирано?

Според кривичните пријави, сторителите кривичните дела против имотот ги извршуваат: индивидуално или организирано? На поставеното прашање одговориле 38 испитаници: 18 полициски службеници или 47,4 % одговориле дека сторителите кривичните дела против имотот ги извршуваат индивидуално, а 20 или 52,6 % дека сторителите кривичните дела против имотот ги извршуваат организирано. Очигледна е поделеноста на бројот на полициски службеници односно 18 наспроти 20, што значи дека според поднесените кривични пријави, сторителите кривичните дела против имотот ги извршуваат и индивидуално и организирано, зависно од околностите кои влијаат на извршувањето на кривичното дело тоест според создадените услови сторителите го бираат начинот на реализација на криминалната ситуација.




**Графикон бр.** 35  Начин на извршување: индивидуално или организирано

Кој  начин  на извршување доминира кај кражбите и тешките кражби извршени во вашиот град ?

- со употреба на подесен алат и физичка сила,
- со отворење на балконски врати и прозорци,
- со преклучување на брава,
- оставени необезбедени предмети,
- кршење на хауби од возила.

На поставеното прашање, 12 полициски службеници или 31,6 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека кај кражбите и тешките кражби извршени во  нивниот град како начин на извршување на кд доминира употреба на подесен алат и физичка сила, 10 или 26,3 % одговориле дека како начин на извршување на кд доминира отворење на балконски врати и прозорци, 5 или 13,2 % дека доминира начинот со преклучување на брава, 9 или 23,7 % при оставени необезбедени предмети и 2 или 5,3 % со кршење на хауби од возила.

Се забележува дека на секаков можен начин се извршуваат кд кражби и тешки кражби односно еден со друг начин на извршување се комбинираат и надополнуваат.




**Графикон бр. 36** Средства на извршување кај кражби и тешки кражби

Кои средства на извршување се најкористени кај разбојништва и разбојничките кражби извршени во вашиот град? - со огненео оружје, со физичка сила, користење на спрејови,солзавци и сл., вербална закана, со употреба на ладно оружје? На поставеното анкетно прашање одговориле 38 испитаници. Од нив 16 полициски службеници или 42,1 % одговориле дека при извршување на разбојништва и разбојнички кражби во нивниот град најчесто користено средство на извршување е огнено оружје, 14 или 36,8 % одговориле дека најчесто користено средство на извршување на разбојништва и разбојнички кражби во нивниот град е физичка сила, 4 или 10,5 % дека најчесто користени средства на извршување на разбојништва и разбојнички кражби во нивниот град се спрејови,солзавци и сл. и исто толкав брј и процент односно 4 или 10,5 % одговориле дека при извршување на разбојништва и разбојнички кражби во нивниот град најчесто користено средство на извршување е употреба на ладно оружје.




**Графикон бр. 37** Средства наизвршување на разбојништва и разбојнички кражби

Кои видови на извршување на Изнуди доминираат во вашиот град?

- Закана дека ќе се употреби сила или насилство доколку не се исплати одреден паричен износ.
- Уцена за да изнудат парични средства.
- Изнудување на пари за заштита на лица и на објекти.

Полициските службеници на ова анкетно прашање одговориле на следниот начин, 21 полициски службеник, или 55,3 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека во нивниот град при извршување на КД „Изнуда" кај сторителите доминира заканата дека ќе се употребат сила или насилство доколку не се исплати одреден паричен износ, 6 полициски службеници или 15,8 % од испитаниците одговориле дека при извршување на изнуда доминира уцената за да изнудат парични средства, а 11 или 28,9 % одговориле дека во нивниот град во рамките на СВР Охрид доминира изнудувањето на пари за заштита на лица и на објекти. Всушност може да се заклучи дека со 55,3 % доминира заканата дека ќе

се употреби сила или насилство доколку не се исплати одреден паричен износ при извршувањето на КД „Изнуда“.




**Графикон бр. 38** Видови на изнуди

Кои начини најмногу ги користат сторителите при вршење на КД „Прикривање“ во вашиот град? Од страна на лица кои се обидувале да извршат прикривање на лица извршители на КД „Прикривање на предмети кои потекнуваат од извршување на КД“.

На ова анкетно прашање полициските службеници одговориле на начин што 18 или 47,4 % се изјасниле дека во нивниот град во рамките на СВР Охрид при вршење на КД „Прикривање“ сторителите прикривале лица кои биле извршители на КД, а 20 полициски службеници или 52,6 % од вкупниот број испитаници одговориле дека во нивниот град како најмногу користен начини од страна на сторителите при вршење на КД „Прикривање“ е всушност прикривањето на предмети кои потекнуваат од извршување на кривични дела. Забележлива е поделеноста во одговорите односно и двата понудени одговори како начини сторителите ги користат при извршување на ова кд против имотот.




**Графикон бр. 39** Начини на вршење на прикривање

Кое време на извршување доминира кај кривичните дела против имотот? Преку ден или преку ноќ? На графиконот е даден делот од денот кога најчесто биле извршени кривичните дела против имотот. Па така, во 22 случаи или 57,9 % делата биле извршени и преку ден, со што се потврдува претходната констатација дека извршителите искористуваат погоден момент за извршување кривично дело односно во зависнот од ситуацијата кога ќе им се исполнат условите што ги предвиделе за извршување на кривичното дело. Во 16 случаи 42,1 % кривичните дела од страна на извршителите биле извршени ноќе со цел да не бидат забележани и откриени. Значи кривичните дела се извршуваат и денски што значи дека извршителите на особено дрзок начин се решаваат да извршат кривично дело, односно повеќе преку ден има појава на дрски кражби, со тоа сторителите се свесни дека повеќе ризикуваат да бидат полесно откриени но тогаш начекале погоден момент за извршување тешка кражба на дрзок начин.




**Графикон бр. 40** Време на извршување на кривичните дела против имотот

Во кој вид на фирми најчесто се врши тешка кражба?

- Продавници и маркети,
- Трафики,
- Обложовалници и клуб казина,
- Златари и менувачници,
- Бензински пумпи,
- Друго

На поставеното анкетно прашање одговориле 38 испитаници. Од нив 26 полициски службеници или 68,5 % одговориле дека најчесто тешка кражба се врши во продавници и маркети, 2 полициски службеници или 5,3 % од вкупниот број анкетирани одговориле дека најчесто тешка кражба се врши во трафики, исто толкав број и процент односно двајца или 5,3 % одговориле дека најчесто тешка кражба се врши во обложовалници и клуб казина, 3 или 7,8 % дека најчесто тешка кражба се врши во Златари и менувачници, 1 или 2,6 % во Бензински пумпи и 4 полициски службеници или 10,5 % одговориле дека најчесто тешка кражба се врши во други места одосно онаму каде што имало поволни услови за вршење КД „Тешка кражба“. Всушност најголем број на полициски службеници односно 26 или

68,5 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека најчесто тешка кражба се врши во продавници  и маркети.




**Графикон бр. 41** Објекти  - фирми каде најчесто се вршат тешки кражби

Со користење на кои средства најчесто е вршено кривично  дело Тешка кражба?

- Секојдневни алати кои се применуваат во домаќинство..
- Апарати и алати кои се применуваат во заенечиството.
- Специјални направи за кршење на цилиндри  и отварање на  брави и врати.

На поставеното анкетно прашање 13 полициските службеници или 34 % од вкупните учесници во спроведената анкета одговориле дека кд тешка кражба најчесто е вршено со користење на секојдневни алати кои се применуваат во домаќинство, 2 полициски службеници или 5 % одговориле дека тешка кражба најчесто е вршено со користење на апарати и алати кои се применуваат во заенечиството и 23 или 61 % одговориле дека тешка кражба најчесто е вршено со користење на специјални направи за кршење на цилиндри  и отварање на  брави и врати. Може да се забележи дека поголемиот број на полициски службеници односно 23 или 61 % од вкупниот број испитаници одговориле дека кд тешка

кражба најчесто е вршено со користење на специјални направи за кршење на цилиндри и отварање на брави и врати.




**Графикон бр. 42** Средства за извршување на тешка кражба

Со кого најчесто имате соработка при расветлување на кривичните дела против имотот?

- Со очевидец и информаторска врска.
- Со јавниот обвинител.
- Со вештакот.

Од прикажаното на графиконот бр. 43 се гледа дека на ова прашање полициските службеници од СВР Охрид одговориле така што 25 од нив односно 66 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека најчесто при расветлување на кривичните дела против имотот имале соработка со очевидец и информаторска врска, 9 полициски службеници или 20 % при расветлување на кривичните дела против имотот имале соработка со јавниот обвинител, а 4 или 10 % со вешто лице.

Најмногу откривачки резултати имало при соработка со очевидците и информаторска врска, но и соработката со јавниот обвинител и вештакот и те како се битни за откривање и расветлување на кривичните дела против имотот.




**Графикон бр. 43** Соработка при расветлување на кривичните дела против имотот

Дали оштетените веродостојно ја пријавувале точната вредност на предизвикана штета од извршените кривични дела против имотот?

- Да.
- Не – пониска.
- Не -повисока.

Одговорите на полициските службеници во однос на нивното мислење, според искуството кое го имаат стекнато, за тоа дали оштетените ја пријавиле веродостојноста на податокот за пријавената штета се укажува дека повеќето оштетени ја прикажуваат реалната штета како што е и прикажано во графикон бр. 44, односно 19 или 50 % одговориле дека оштетените веродостојно ја пријавувале точната вредност на предизвикана штета од извршените кривични дела против имотот, 4 или 11 % дека прикажале пониска вредност на предизвикана штета, додека пак 15 или 39 % прикажале повисока вредност на предизвикана штета од извршените кривични дела против имотот.




**Графикон бр. 44** Веродостојност при пријавување на точната вредност на предизвикана штета од извршените кривични дела против имотот

Дали во вашето безбедносно подрачје делувале сторители на кривични дела против имотот кои биле од други градови?

- Да.
- Не.
- Не знам.

Одговорите на полициските службеници на ова анкетно прашање одат во таа насока што 22 или 58 % од вкупниот број на испитаници одговориле со да односно дека во безбедносното подрачје од СВР Охрид делувале сторители на кривични дела против имотот кои биле од други градови, 5 полициски службеници или 13 % одговориле негативно, а 11 од опфатените со анкетниот прашалник или 29 % не знаат дали на подрачјето на СВР Охрид делувале сторители на кривични дела против имотот кои биле од други градови. Се забележува дека висок процент односно 58 % одговориле дека во безбедносното подрачје од СВР Охрид делувале сторители на кривични дела против имотот кои биле од други градови што особено е најизразено за време на туристичката сезона кога доаѓаат посетители како и сторители на кривични дела од цела Македонија.




**Графикон бр. 45** Делување на сторители од други места

Дали сметате дека во вашиот град последните години е намален имотниот криминалитет?

- Да.
- Не.
- Не знам.

Од процентуалниот приказ на графиконот бр. 46 се гледа дека 22 полициски службеници или 65 % сметаат дека во нивниот град во рамките на СВР Охрид има тенденција на намалување на имотниот криминалитет, 3 или 9 % сметаат дека не е намален имотниот криминалитет во нивниот град додека пак 13 полициски службеници или 26 % од вкупниот број на учесници во анкетата не знаат дали има намалување на имотниот криминалитет на подраќјето на СВР Охрид.

Повеќето од анкетираните полициски службеници поточно 22 од 38 или 65 % одговориле дека има тенденција на намалување на имотниот криминалитет на подрачјето во надлежност на СВР Охрид што всушност се потврдува и од статистичките податоци добиени од ОКРА при СВР Охрид каде во истражуваниот период од година во година се забележува намалување на бројот на извршени кд против имотот.




**Графикон бр. 46** Дали е намален имотниот криминалитет во Вашиот град?

Дали на подрачјето во надлежност на СВР Охрид е присутна појавата на извршување на кривичните дела Инуда и Уцена?

- Да.
- Не.
- Не знам.

Ова анкетно прашање е поставено со цел да се утврди дали и во руралните средини има појави на извршување на кривичните дела изнуда и уцена како и во градските средини односно на сите безбедносни реони во рамките на СВР Охрид. Од одговорите на прашањето се констатира дека 23 полициски службеници од 38 кои се вклучиле во анкетата или 68 % одговориле позитивно односно дека е присутна појавата на извршување на кривичните дела „Инуда“ и „Уцена“, 1 или 3 % одговорил дека нема извршување на овие кривичните дела, а 14 полициски службеници или 29 % не знаат дали на подрачјето во надлежност на СВР Охрид е присутна појавата на извршување на наведените кривични дела.




**Графикон бр. 47** Состојба за извршување на „Изнуда“ и „Уцена“

Дали преземате доволно превентивни мерки за спречување на извршување кривични дела против имотот?

- Да.
- Не.
- Не знам.

Преземањето на превентивни мерки кај сите имотни деликти е многу битна. Што се однесува до конкретното анкетно прашање од прикажаните податоци во графиконот бр. 48 се гледа дека 11 од 38 полициски службеници или 32 % одговориле дека доволно се преземаат превентивни мерки за спречување на извршување кривични дела против имотот, 4 или 12 % одговориле дека не се преземаат доволно превентивни мерки за спречување на извршување кривични дела против имотот, а 23 или 56 % од анкетираните полициски службеници не знаат дали доволно се преземаат превентивни мерки за спречување на извршување кривични дела против имотот. Може да се заклучи дека многу висок е процентот на оние кои одговориле негативно или не знаат дали доволно се преземаат превентивни мерки што значи дека треба да се стави посебен акцент на таа област односно да се зајакнат мерките за превенција поткрепени со конкретни оперативни планови и акции

со цел запознавање со кд против имотот, нивно навремено откривање како и сузбивање на имотниот криминалитет.




**Графикон бр. 48** Превентивни мерки

Дали мислите  дека полицијата треба да ги информира граѓаните за бројот на извршени  кривични дела против имотот? Одговорите на ова анкетно прашање се следни:полициските службеници кои мислат  дека јавноста не треба да има преголеми информации се 11 или 29 %, полициските службеници кои мислат  дека треба да се информираат граѓаните заради нивна сигурност се 19 или 50 %, полициските службеници кои мислат дека  информираноста на граѓаните ќе пројави чуство на несигурност се 0 или 0 % и  полициските службеници кои мислат  дека редовното информирање на  јавноста ќе ги направи сторителите по внимателни во нивното постапување се 8 или 21 %. Преовладува мислењето на поголем број од учесниците во анкетниот прашалник односно 19 полициски службеници или 50 % одговориле дека треба да се информираат граѓаните заради нивна сигурност наспроти оние чиј процент е нула, а кои мислат дека  информираноста на граѓаните ќе пројави чуство на несигурност. Сепак информираноста на граѓаните за состојбата на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид ќе придонесе за поголема сериозност и внимание за заштита на нивниот подвижен имот.




**Графикон бр. 49** Информирање на граѓаните за имотни кривични дела на подрачјето

Дали ви е потребна дополнителна настава - обука која ќе ви биде корисна во спречување, откривање и сузбивањето на имотниот криминалитет?

- Да.
- Не.

На анкетното прашање од податоците прикажани на графиконот бр. 50 може да се забележи дека 30 полициски службеници од 38 анкетирани или 79 % одговориле дека им е потребна дополнителна настава - обука која ќе им биде корисна во спречување, откривање и сузбивањето на имотниот криминалитет, додека пак 8 или 21 % од испитаниците одговориле дека не им е потребна дополнителна настава-обука која ќе ви биде корисна во спречување, откривање и сузбивањето на имотниот криминалитет. Огромен е бројот на оние полициски службеници кои се изјасниле дека им е потребна дополнителна обука, настава или посета на семинари со цел да се здобијат со дополнителни корисни информации и знаења кои ќе ги применуваат во секојдневната работа, а со цел поефиксно спречување, откривање и сузбивање на имотниот криминалитет.




**Графикон бр. 50** Потреба од дополнителни обуки на полициски службеници

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Предмет на обработка во специјалистичкиот труд беа кривичните дела против имотот со посебен осврт на „Криминалистичко истражување на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид“. Во надлежност на СВР Охрид спаѓа поголема територија, односно дел од југозападен регион на РСМ. Станува збор за регион со мултиетничко население и истиот граничи со Р. Албанија по копно и вода и тоа има свое влијание за имотниот криминалитет. Истражувањето на имотниот криминалите е актуелно од аспект дека овие деликти се масовни, имаат повеќе појавни облици и форми. СВР Охрид го опфаќа подрачјето во општина Охрид, со неколку одделенија за внатрешни работи и тоа во Струга, Кичево и Дебар.

Од резултатите на истражувањето може да се заклучи дека се извршуваат кражби, кражби од куќи и станови, кражба на плажа и во кампови, хотелски кражби, провални кражби во куќи и дворови, провални кражби во станови, во викендички, во цркви и манастири, во хотели, провални кражби во кампови и бунгалови, разбојништва во куќи и станови, кражби на моторни возила-пловни објекти, риболовен алат итн.

Најизвршувани кривични дела против имотот на подрачјето на СВР Охрид се: тешки кражби, кражби, кражби на електрична енергија, разбојништва, разбојнчка кражба, затајување, кражба на шума, одземање на моторно возило, прикривање, измами, изнуди и уцени.

Кражби и тешки кражби се извршени во згодна прилика со употреба на подесен алат и физичка сила, со преклучување на брава, преку оворени прозори и врати, оставени необезбедени предмети, кршење на хауби од возила.

Разбојништва се извршени со употреба на ладно оружје, огнено оружје, со физичка сила и вербална закана.

Одземање моторно возило се извршени со насилно отворање на врати од ПМВ, оставени незаклучени возила и отворени со клучеви во брава.

Изнуда и уцена се извршени од страна на лица кои се обидувале да изнудат парични средства од други лица, најчесто со закани или да извршат уцена за да изнудат пари од други лица.

Прикривање се извршени од страна на лица кои се обидувале да извршат прикривање на лица кои извршиле КД и предмети од извршени кривични дела.

Вкупната материјална штета од извршените кривични дела на подрачјето на СВР Охрид за истражуваниот период изнесува 306.822,040 денари или по полициски станици/одделенија ПСОН Охрид 121.473,199 денари, ОВР Струга 96.011,555 денари, ОВР Кичево 41.839,347 денари и ОВР Дебар 47.497,939 денари[82].

Од статистичките податоци добиени преку Секторот за Аналитички работи при СВР Охрид констатирано е дека во истражениот период од 2019 - 2023 година има мал пад на извршување на кривичните дела против имотот. Најизвршувани се во градот Охрид каде во истражуваниот период 2018 - 2023 година од вкупно извршените кривични дела против имотот најмногу се извршени во Охрид 1602, Струга е на второ место со 991 кривични дела, потоа Кичево со 694 и Дебар со 238 извршени кривични дела против имотот, или изразено во проценти – во Охрид 45,5 %, Струга 28,2 %, Кичево 19,6 % и Дебар 6,7 % од вкупниот имотен криминалитет на подрачјето на СВР Охрид.

Земајќи ги во предвид анализите односно истражувањето на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид може да се потенцира дека со извршување на истиот се загрозува не само имотот, туку и телесниот интегритет на граѓаните, сторителите користат свои методи и техники на криминално делување посебно кај тешките (провални) кражби кои се и нај извршени кривични дела од овој вид, но вршени се и други кривични дела, иако во помал број, но со висок степен на опасност, сторителите одземаат вредни предмети и пари, помасовни се кривичните дела во поголемите градски средини во однос на помалите и во однос на селските средини, а сторителите делуваат поединечно и во организирани групи.

Од истражувањето реализирано преку анкетирање на граѓани констатирано е дека во нивниот град се многу застапени извршувањата на тешките кражби, дури некои од нив биле и очевидци и оштетени. Според нив полицијата има значајна улога во вршењето на својата работа при откривањето на сторителите на тешките кражби, разбојнишва ,изнуди и уцени. Голем број испитаниците граѓани имаат голема надеж на доверба во ефикасноста во работењето на полицијата.

[82] Статистички податоци од СВР Охрид – ОКРА бр 22.25.2.2.5444/2 од 20.11.2024 година

Сузбивањето на имотниот криминалитет е условен од соодветна безбедносна проценка и преземање на соодветни мерки и дејствија во криминалистичка контрола и криминалистичка обработка, имајќи ги во предвид и стандардните оперативни процедури за проценка и управување со ризик при вршење на полициски работи.

Во овој поглед битни се и соработувањето и добиените насоки од страна на дежурниот Јавниот Обвинител, а потоа и обезбедените траги и докази од извршувањето на кривичното дело, кои се обезбедени при извршениот увид на местото на настанот како прва мерка која се презема кај наведените кривични дела. Сето ова придонесува за добивање на подобри насоки на откривачка дејност односно подобро криминалистичко истражување за извршените кривични дела од типот на насилниот имотен криминалитет.

Проучувањето на процесот на криминалистичко истражување на имотниот криминалитет во СВР Охрид овозможи добиање на заклучоци за тоа кои кривични дела против имотот се карактеристични за подрачјето на СВР Охрид, ОВР Струга, Кичево и Дебар кои се начини на извршување, кои се нападнати објекти, која е целта на криминален напад, дали има повратници, која е структурата на сторителите и она што е најбитно, кои мерки и дејствија се применуваат во процесот на криминалистичко истражување и дали и колку е значајна постојаната комуникација со јавното обвинителство во однос на навремено издавање на наредби со прецизни насоки и преземањето на итните мерки и дејствија како што е увид, потрага по лица и предмети и слично, превејќи однапред безбедносна проценка за управување со ризик.

Проучувањето на појавните облици и форми на имотен криминалитет на подрачјето на СВР Охрид придонесе за добивање на сознанија кои укажуваат на криминалната тактика и техника на сторителите.

Анализата на законските мерки и дејствија и кои се тактиките и техниките на нивна примена и оперативно комбинирање придонесоа за добивање на сознанија за ефикасноста на полицијата и криминалистичката полиција за откривање, расветлување и обезбедување на докази.

Проучувањето на специфичностите на имотниот криминалитет на поедини подрачја под надлежност на другите надворешни канцеларии и нивното компарирање придонесоа за сознанија за тоа каде и кои кривични дела биле извршени, кои биле начини и средства на

извршување, организираноста на извршителите и врз основа на тоа ќе се добие јасна слика за овој тип на криминалитет на истражуваното подрачје. Всушност, тоа се елементите кои се истражуваат и врз основа на истите се прави безбедносната проценка и управување со ризик и од истата зависи идната реакција на криминалистичката полиција, но и соработката со униформираниот дел на полицијата во однос на превенцијата и мерките кои се преземаат при извршувањето на редовните позорни и патролни служби и следење на состојбите на подрачјето посебно контроли на пунктови на криминалци, но и создавање на оперативна мрежа исклучително потребна во однос на прибирање сознанија како за криминалните кругови, така и за подготовките и прикривањето на кривични дела, предмети за извршување и предмети кои потекнуваат од кривични дела, така и за пронаоѓање на сторители по кои се трага.

Главната цел која требаше да се постигне е да се помогне во ефективноста и ефикасноста на расветлувањето, откривањето и спречувањето на имотниот криминалитет, како и откривање и приведување кон кривична санкција на сторителите на овие дела. Кривичните дела тешка кражба и кражба на подрачјето на СВР Охрид се најизвршувани од сите кривични дела против имотот, односно извршени се 977 кражби и 2087 тешки кражби. Ефикасноста на откривање, расветлување и докажување на КД против имотот зависи од професионалното и стручно реализирање на оперативно-тактичките мерки и истражните дејствија од страна на полициските службеници.

Врз основа на заклучоците и резултатите од истражувањето може да се дадат **препораки** како во иднина да се преземаат мерки со цел намалување и сузбивање на имотниот криминалитет на подрачјето на СВР Охрид:

- Едукација на населението за имотните деликти преку проекти, делење на флаери, преку медиумите, социјалните мрежи и сл.
- Континуирани обуки за полициските службеници со посебен акцент за спречување, откривање и сузбивање на имотниот криминалитет.
- Заеднички патроли со полициски службеници од соседните држави од каде всушност има најголем број на туристи.

- Зголемување на присуството односно бројот на полициски службеници во текот на туристичката сезона со вклучување на велосипедската единица на полицијата за патролирање по плажите.
- Присуство на терен на полициските службеници преку обиколки, позорна, патролна мотопатролна дејност.
- Примена на полициските овластувања при зачестени контроли на моторни возила, автобуски станици - постојки, сместувачки капацитети, ноќни клубови, дискотеки, плажи и сл.
- Во маркетите ангажирање на приватно обезбедување, зголемување на бројот на сезонски работници, поставување на видео надзор.
- Планирана контрола, преглед на лица, превозни средства и багаж на регистрирани криминалци и повратници.
- Потребно е зајакнување на соработката помеѓу полицијата, локалната самоуправа, невладиниот сектор, бизнис заедницата, приватното обезбедување, државните органи и други институции ви чија надлежност е безбедноста воопшто, како и превенцијата на криминалот.[83]
- Пополнување на упразнети работни места со нови полициски службеници со соодветно образование кои ќе постапуваат според устав, закон, подзаконски акти и правилно ќе ги спроведат полициските овластувања.

[83] Малиш-Саздовска, М., *Прирачник за Безбедносен Менаџмент.* Скопје, 2014, стр. 95.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### Книги и трудови


- Ангелески М. ,*Вовед во криминалистика*, Скопје, 2007. (1)
- Ангелески, М., *Криминалистичка методика*, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2008. (2)
- Ангелески, М., *Криминалистичка тактика I*, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007. (1)
- Ангелески, М., *Криминалистичка тактика II*, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007.
- Бачановиќ, О., *Спречување на страдања односно превенција.*
- Бачановиќ О., *Полицијата и жртвите,* Скопје, 1997.
- Бошковиќ М., *Криминалистика методика 1*, Белград, 1998.
- Водинелиќ, В.*, Криминалистичка тактика I, Скопје, 1995.*
- Водинелиќ,В.*, Криминалистика,* Белград, 1987.
- Водинелиќ В., *Криминалистика* Скопје, 1984.
- Vodinelić V., *Kriminalistika*, Savremena administacija, Beograd, 1978.
- Водинелиќ В., *Криминалистика,* Савремена администрација, Београд, 1985.
- Водинелиќ, В., и Алексиќ, Ж., К*риминалистичка методика (скрипта)* Скопје, 1988.
- Ђурђић В., Јовашевић, Д., *Кривично право, Посебни део.*
- Јовашевић Д., *Кивично дело разбојничке крађе и разбојништва у теорији, пракси иупоредном законодавству,* Безбедност - 02/2002, Београд , 2002.
- Камбовски, В., *Казнено Право – општ дел,* Скопје, 2011.
- Камбовски В., *Казнено право - посебен дел,* Просветно дело АД Скопје, 2003.
- Клајиќ В., *Речник страних ријечи*, Загреб, 1978.
- Konstantinovic, Vilic, S. i Nikolic, Ristanovic, V., *Kriminologija*, Centar za publikacije Pravnog Fakulteta 2003 Niš 2003.
- Korajlić N., *Istraživanje krivičnih djela*, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, 2012.
- Котески М., *Криминалистичка тактика 2*, Скопје, 2009.
- Кривокапиќ В., *Криминалистичка тактика*, 1982.

- Milosavljevic B., *Nauka o policiji,* Policiska akademija, Beograd, 1997.
- Малиш-Саздовска М., *Прирачник за безбедносен менаџмент*, Скопје 2014.
- Малиш Саздовска *Планирањето во полицијата - основен предуслов за успешно управување со кризни состојби* М. и Станковски Т., , Скопје, 2012.
- Малиш, Саздовска, М., и Николовски, М., *Криминалистичка тактика 2,* Скопје, 2018.
- Николоска С., *Методика на истражување општ криминалитет*, Ван Гог, Скопје, 2015.
- Петровиќ А., *Криминалистичка методик,* Beograd, 1978.
- Рајковчевски Р. и Дујовски Н., *Вовед во полициски науки*, Универзитет„ Св.Климент Охридски”-Битола,Факултет за безбедност –Скопје.
- Stanković N.,*Uvod u kriminalistiku*, Evropski univerzitet, Brcko, 2016.
- Стефановска В., *Водич за предметната програма за превенција на криминалитетот,* 2011, Факултет за безбедност – Скопје.
- Симиħ И., *Кривични законик - практична примена*, Службени гласник, Београд, 2007.
- Стојановић, З. и Перић, О., *Кривично право*, Посебни део, Београд, 2000.


**Закони и подзаконски акти**


- Законот за полиција, *Сл. весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22.*

- Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на* Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*


**Интернет извори**


- https://libertas.mk/struzhanec-dobi-krivichna-za-krazhba-na-elektrichna-energi-a/
- File:///C:/Users/user/Downloads/SOCTA_Report_mk.pdf
- https://eprints.ugd.edu.mk/18099/1/Magisterska%20-%20Elena%20Arsova.pdf
- https://mvr.gov.mk/vest/2379
-

# ПРИЛОЗИ

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

### за граѓани

Почитувани, пред Вас е анкетниот прашалник на тема „Криминалистичко истражување на имотен криминалитет на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Охрид " кој содржи 15 прашања кои се базираат на систем на заокружување.

Прашалникот е анонимен и неговото пополнување е исклучително на доброволна основа. Резултатите од добиеното истражување ќе бидат искористени за целите на мојот специјалистички труд на тема „Криминалистичко истражување на имотен криминалитет на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Охрид ".

Ве молам за Ваша потполна искреност при пополнување на прашалникот.

Ви благодарам.

**ОПШТИ ПРАШАЊА**

1. Возраст.
   - 18 – 25
   - 26 – 40
   - 41 – 55
   - 56 – 65
   - Над 65
2. Пол
   - Машки
   - Женски
3. Степен на образование.
   - Основно
   - Средно
   - Вишо
   - Високо
   - М-р на науки
   - Д-р на науки
4. Место на живеење

- Град
- Сел

**ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ТЕМАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

**1. Дали знаете за кои имотни кривични дела треба да пријавите во полиција?**

- Да
- Не

2. **Дали сте биле жртва на кривично дело со елементи на кражба, заокружете на кое? (може да заокружите повеќе одговори)**

- Кражба
- Џепна кражба
- Кражба на електрична енергија
- Кражба на дрва
- Тешка – провачна кражба
- Разбојништво

**3. Дали во Вашата околина често се извршуваат кражби?**

- Да
- Не
- Незнам

**4. Што мислите кражбите најчесто се извршуваат во: (може да заокружите повеќе одговори)**

- Куќи
- Дворови
- Станови
- Продавници
- Угостителски објекти
- На пазари
- Во викендици
- Во кампови
- На плажа

**5. Според Вашите сознанија, дали кражбите се извршуваат во:**

- Во згодна прилика
- Се искористува невнимание

6. **Според Вашите сознанија дали потешките облици на кражби се извршуваат со провалување и користење на:**
   - Професионален алат и средства за провалување.
   - Користење на средства кои во моментот се на дофат.
   - Се користат современи техники на провалување.
7. **Дали во Вашето место на живеење се извршувани разбојништва.**
   - Да
   - Не
   - незнам
8. **дали сметате дека во време на туристичка сезона се зголемени кражбите.**
   - **Да**
   - **Не**
   - **Незнам**
9. **Што мислите кој најчесто ги врши провалните кражби?**
   - **Поединци**
   - **Организирани групи**
10. **Што мислите дали во вашиот град доаѓаат и извршители на кривични дела против имотот кои се од други градови ?**

- Да
- Не
- Не знам

11. **Дали имате сознанија дека се вршат кражби на електрична енергија?**
    - **Да**
    - **Не**
    - **Незнам**
12. **Дали кога сте биле на одмор или живеете во туристичко место Ви се случила кражба?**
    - **Да**

- **Не**

**13. Дали кај Вас постои страв за кражба на моторно возило?**

- **Да**
- **Не**

**14. Дали во време на туристичка сезона повеќе посветувате внимание на Вашите предмети, пари или безбедноста на станот, домот, продавницата.**

- Да
- Не

**15. Дали знаете што е рекетарство?**

- Да
- Не

**16. Дали во Вашето место на живеење има појави на:**

- Изнуда
- Уцена
- Лихварство

**17. Што сметате дали полицијата е ефикасна при откривањето на имотните кривични дела?**

- Да
- Не

**18. Што мислите дали полицијата спроведува превентивни акции за спречување на кражби?**

- Да
- Не

**19. Дали сте биле опфатени со превентивниот проект „да се заштитиме од кражби“ –спроведен од полициски службеници од СВР Охрид, ОВР Струга, ОВР Кичево, ОВР Дебар?**

- Да
- Не

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

**за полициски службеници**

Почитувани, пред Вас е анкетниот прашалник на тема „Криминалистичко истражување на имотен криминалитет на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Охрид “ кој содржи **20 прашања** коишто се базираат на систем на заокружување.

Прашалникот е анонимен и неговото пополнување е исклучително на доброволна основа. Резултатите од добиеното истражување ќе бидат искористени за целите на мојот специјалистички труд на тема „Криминалистичко истражување на имотен криминалитет на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Охрид “

Ве молам за Ваша потполна искреност при пополнување на прашалникот.

Ви благодарам.

**ОПШТИ ПРАШАЊА**

Возраст?

- 18 – 25
- 26 – 40
- 41 – 55

Пол?

- Машки
- Женски

Образование?

- Средно
- Вишо
- Високо
- М-р на науки
- Д-р на науки

**ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ТЕМАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

**1.Кои кривични дела против имотот доминираат во вашиот град?**

а) Кражби

б)Тешки кражби

в) Одземање моторно возило

г) Разбојништва

д) Разбојнички кражби

ѓ) Изнуда

е) Уцена

**2.Првични сознанија за сторени кривични дела против имотот најчесто добивате од:**

а) пријава од оштетен

б) Пријава од пријатели на оштетен

в) Пријава од соседи

г) Пријава од граѓани (сведоци,очевидци)

д) Пријава од медиуми

ѓ) Анонимна пријава

е) Самопријава

**3.Пријавите за првичните сознанија за сторени кривични дела против имотот најчесто се:**

а) усни

б) писмени

в) по телефон

**4.Според поднесените кривични пријави, кои средства најчесто ги применуваат сторителите при вршење на кривичните дела против имотот:**

а) физичка сила

б) психичка сила(закана)

в) лажно претставување

г) социјални мрежи

**5.Според кривичните пријави, сторителите на кривичните дела против имотот ги извршуваат:**

а) индивидуално

б) организирано

**6.Кој начин на извршување доминира кај кражбите и тешките кражби извршени во вашиот град?**

а) со употреба на подесен алат и физичка сила

б) со отворење на балконски врати и прозорци.

в) со преклучување на брава

г) оставени необезбедени предмети

д) кршење на хауби од возила.

**7.Кои средства на извршување се најкористени кај разбојништва и разбојничките кражби извршени во вашиот град?**

а) Со огненео оружје

б) со физичка сила

в) користење на спрејови,солзавци и сл.

г) вербална закана.

д) со употреба на ладно оружје

**8.Кои видови на извршување на Изнуди доминираат во вашиот град?**

а) Закана дека ќе се употреби сила или насилство, доколку не се исплати одреден паричен износ.

б) Уцена за да изнудат парични средства

в) Изнудување на пари за заштита на лица и на објекти.

**9.Кои начини најмногу ги користат сторителите при вршење на КД „Прикривање“ во вашиот град?**

а) Од страна на лица кои се обидувале да извршат прикривање на лица извршители на КД

б) Прикривање на предмети кои потекнуваат од извршување на КД

**10.Кое време на извршување доминира кај кривичните дела против имотот?**

а) Преку ден

б) Преку ноќ

**11.Во кој вид на фирми најчесто се врши тешка кражба?**

а) Продавници и маркети

б) Трафики

в) Обложовалници и клуб казина

г) Златари и менувачници

д) Бензински пумпи

ѓ) друго

**12. Со користење на кои средства најчесто е вршено кривично дело Тешка кражба?**

а) Секојдневни алати кои се применуваат во домаќинство.

б) Апарати и алати кои се применуваат во заенечиството.

в) Специјални направи за кршење на цилиндри и отварање на брави и врати.

**13. Со кого најчесто имате соработка при расветлување на кривичните дела против имотот?**

а) Со очевидец и информаторска врска

б) Со јавниот обвинител

в) Со вештакот

**14. Дали оштетените веродостојно ја пријавувале точната вредност на предизвикана штета од извршените кривични дела против имотот?**

а) Да

б) Не-пониска

в) Не-повисока

**15.Дали во вашето безбедносно подрачје делувале сторители на кривични дела против имотот кои биле од други градови ?**

а) Да

б) Не

в) Не знам

**16.Дали сметате дека во вашиот град последните години е намален имотниот криминалитет?**

а) Да

б) Не

в) Не знам

**17.Дали на подрачјето во надлежност на СВР Охрид е присутна појавата на извршување на кривичните дела Инуда и Уцена?**

а) Да

б) Не

в) Не знам

**18.Дали преземате доволно превентивни мерки за спречување на извршување кривични дела против имотот?**

а) Да

б) Не

в) Не знам

**19. Дали мислите  дека полицијата треба да ги информира граѓаните за бројот на извршени  кривични дела против имотот?**

а) Мислам  дека јавноста не треба да има преголеми информации.

б) Мислам дека треба да се информираат граѓаните заради нивна сигурност.

в )Мислам дека  информираноста на граѓаните ќе пројави чуство на несигурност.

г) Мислам дека редовното информирање на  јавноста ќе ги направи сторителите по внимателни во нивното постапување.

**20.Дали ви е потребна дополнителна настава-обука која ќе ви биде корисна во спречување, откривање и сузбивањето на имотниот криминалитет?**

а) Да

б) Не